# ИСТОРИЈА НА ПЕДАГОШКИТЕ ИДЕИ

Проф. д-р Ирена Китанова

**Проф. д-р Ирена Китанова**

# ИСТОРИЈА НА ПЕДАГОШКИТЕ ИДЕИ

**Штип, 2021**

**Содржина:**

ПРЕДГОВОР.......... 9
1. ПРЕДМЕТ И ЗАДАЧИ НА ИСТОРИЈАТА НА ПЕДАГОГИЈАТА .......... 10
1.1 ВОСПИТАНИЕТО ВО ПРВОБИТНАТА ЗАЕДНИЦА.......... 10
1.2 ВОСПИТАНИЕТО И ПЕДАГОГИЈАТА ВО РОБОВЛАДЕТЕЛСКОТО ОПШТЕСТВО .......... 10
1.3 ЕГИПЕТ .......... 12
1.4 ГРЦИЈА.......... 13
1.4.1 Спарта.......... 13
1.4.2 Атина.......... 14
1.5.1 СОКРАТ (469-399 пр. н.е.) .......... 18
1.5.2 ПЛАТОН (427-348 пр. н.е.).......... 20
1.5.3 АРИСТОТЕЛ (384-322 пр. н.е.) .......... 22
2. ВОСПИТАНИЕТО ВО ВРЕМЕТО НА ЕЛЕНИЗМОТ.......... 25
2.1 РИМ .......... 25
2.1.1 Воспитувањето и школството.......... 26
2.2 МАРКО ФАБИЕ КВИНТИЛИЈАН.......... 28
(42-118.НОВА ЕРА).......... 28
РЕЗИМЕ.......... 29
3. ВОСПИТУВАЊЕТО И ШКОЛСТВОТО ВО ВРЕМЕТО НА ФЕУДАЛИЗМОТ .......... 31
3.1 ПОЧЕТОЦИТЕ НА ГРАЃАНСКАТА ПЕДАГОГИЈА.......... 31
3.1.1 Педагошката мисла во хуманизмот и ренесансата.......... 31
3.1.2 Хуманистичка педагогија .......... 32
3.1.3 Знаменити педагози-хуманисти.......... 34
4. ПОЧЕТОЦИТЕ НА ГРАЃАНСКАТА ПЕДАГОГИЈА И ВОСПИТАНИЕТО ВО 17 И 18 ВЕК.......... 36
4.1 ЈАН АМОС КОМЕНСКИ .......... 37
4.2 ЏОН ЛОК.......... 46
4.3 ЖАН ЖАК РУСО .......... 51
4.3.1 Живот и творештво .......... 52
4.3.2 Педагошките погледи и нивното значење .......... 53
5. ПЕДАГОГИЈА НА ДЕВЕТНАЕСЕТТИОТ ВЕК ОПШТЕСТВЕНИ СОСТОЈБИ.......... 61
5.1 ЈОХАН ХАЈНРИХ ПЕСТАЛОЦИ.......... 64

5.1.2 Педагошките погледи и нивното значење .................................................... 67
5.2 ЈОХАН ФРИДРИХ ХЕРБАРТ ..................................................................................... 71
5.2.1 Живот и творештво ......................................................................................... 71
5.2.2 Педагошките идеи и нивното значење ........................................................... 72
5.3 АДОЛФ ДИСТЕРВЕГ ............................................................................................. 75
5.4 КОНСТАНТИН ДИМИТРИЕВИЧ УШИНСКИ ........................................................ 78
6. ПОЗИТИВИЗМОТ ВО ПЕДАГОГИЈАТА ..................................................................... 82
6.1 ОГИСТ КОНТ ........................................................................................................ 82
6.2 ДВИЖЕЊЕТО НА НОВАТА ШКОЛА И НЕЈЗИНИТЕ ПРАВЦИ ............................ 83
6.3 Педагогија ............................................................................................................. 85
6.4 ПРОГРЕСИВНАТА ПЕДАГОГИЈА И НЕЈЗИНИОТ РАЗВОЈ ДО 1920 ГОДИНА .... 86
6.5 МЕТОД НА ПРОЕКТИ ........................................................................................... 87
6.6 ПОНАТАМОШЕН РАЗВОЈ НА ПРОГРЕСИВНАТА ПЕДАГОГИЈА ВО ТРИЕСЕТТИТЕ И ЧЕТИРИЕСЕТТИТЕ ГОДИНИ ....................................................... 89
7. СПОРЕДБА НА „СТАРИТЕ“ И „НОВИТЕ“ ШКОЛИ ВО СВЕТЛОСТА НА ПРОГРЕСИВНАТА ПЕДАГОГИЈА .............................................................................. 92
7.1 ,,СТАРА“ ШКОЛА ................................................................................................... 92
7.2 ,,НОВА“ ШКОЛА ..................................................................................................... 93
7.3 КРИТИКА НА ПРОГРЕСИВНАТА ПЕДАГОГИЈА ................................................... 96
ЗАКЛУЧОК ..................................................................................................................... 98
8. ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО МАКЕДОНИЈА ..................................... 98
9. МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА НАЦИОНАЛНО ОСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ. 100
9.1 Програмско-содржинското воведување во образовниот систем ....................... 101
9.2 ПЕДАГОШКИТЕ ИДЕИ НА ДИМИТАР И КОНСТАНТИ МИЛАДИНОВИ .............. 102
9.2.1 ДИМИТРИЈА МИЛАДИНОВ-ПРЕРОДБЕНИК И ПРОСВЕТИТЕЛ ................. 102
9.2.2 ДИМИТРИЈА МИЛАДИНОВ КАКО УЧИТЕЛ ................................................. 106
9.2.3 ЗНАЧЕЊЕТО НА ДЕЈНОСТА НА ДИМИТРИЈА МИЛАДИНОВ ..................... 106
9.3 КОНСТАНТИН МИЛАДИНОВ ............................................................................... 107
9.4 ЈОРДАН ХАЏИ КОНСТАНТИНОВ –ЏИНОТ ПРЕРОДБЕНИК И ПРОСВЕТИТЕЛ 108
9.4.1 ЖИВОТ И ПРАКТИЧНА ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ ......................................... 109
9.5 ПЕДАГОШКАТА ДЕЈНОСТ И ПОГЛЕДИ НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ ......................... 112
9.5.1 ЖИВОТ И ПРАКТИЧНА ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ ......................................... 112
9.5.2 ПЕДАГОШКИ ПОГЛЕДИ ............................................................................... 114

9.5.3 УЧЕБНИ КНИГИ ........ 118

9.5.4 ЗНАЧЕЊЕТО НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ ........ 118

9.6 ПРОСВЕТИТЕЛСКАТА РАБОТА НА СЛАВКА ДИНКОВА И ЃОРЃИ ДИНКОВ-ДИНКАТА ........ 119

9.7 ГРИГОР ПРЛИЧЕВ-ПРОСВЕТИТЕЛ И ПЕДАГОГ ........ 122

9.7.1 ЖИВОТ И ДЕЈНОСТ ........ 122

9.7.2 ГРИГОР ПРЛИЧЕВ-БОРЕЦ ЗА МАКЕДОНСКО НАРОДНО УЧИЛИШТЕ ........ 124

9.7.3 ПЕДАГОШКИТЕ ИДЕИ НА ГРИГОР ПРЛИЧЕВ ........ 125

9.8 КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ ........ 127

9.9 РАЈКО ЖИНЗИФОВ ........ 129

9.10 ПРОСВЕТНО-ПЕДАГОШКАТА РАБОТА НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ........ 131

Литература: ........ 135

Проф. д-р Ирена Китанова

# ИСТОРИЈА НА ПЕДАГОШКИТЕ ИДЕИ

**Вонреден професор д-р Ирена Китанова**

ИСТОРИЈА НА ПЕДАГОШКИТЕ ИДЕИ

Рецензенти:

**Редовен професор д-р Емилија Петрова Ѓорѓева**

**Редовен професор д-р Снежана Мирасчиева**

**Лектор:**

**Издавач:**

Универзитет „Гоце Делчев” - Штип

**Објавено во е-библиотека:**
https://e-lib.ugd.edu.mk

**DOI:** https://www.doi.org/10.46763/9786082448572

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

37.013.3(091)(075.8)
37.013.3(497.7)(091)(075.8)

КИТАНОВА, Ирена
Историја на педагошките идеи / Ирена Китанова. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", 2021

Начин на пристапување (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/1031. - Текст во PDF формат, содржи 135 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 22.12.2021

ISBN 978-608-244-857-2

а) Педагогија -- Историја -- Високошколски учебници б) Педагогија -- Историја -- Македонија -- Високошколски учебници

COBISS.MK-ID 55923973

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

Проф. д-р Ирена Китанова

# ИСТОРИЈА НА ПЕДАГОШКИТЕ ИДЕИ

Штип, 2021

## ПРЕДГОВОР

Учебникот Историја на педагошките идеи е наменет за студентите од прв циклус на студии на Факултетот за образовни науки. Предметот историја на педагошките идеи како наставен предмет има значајно место и улога во систематската подготовка на идниот наставник. Изучувањето на овој предмет придонесува до ширење на значењето и педагошките хоризонти на идниот наставник, преку запознавање со битните педагошки концепти во минатото и различни системи на воспитување, образованието и наставата.

Различните периоди кои се опфатени во учебникот говорат за темелот на педагогијата уште од робовладетелскиот општествен систем, развојот и еволуцијата како на општествата, така и на воспитно-образовниот систем со нив.

Историскиот период на педагогијата тежнее кон утврдување на општите, посебните и поединечните законитости во развојот на педагошката теорија и пракса. Преку овој учебник, студентите имаат прегледност и ги проучуваат целосните воспитно-образовни системи и нивната проблематика во континуитет, имајќи ги во предвид и определените општествени услови и слани судири, како и идеологии за да можат научно да бидат објаснети поединечни педагошки појави, но и нивната поврзаност со конкретни општествени условувања.

Во овој учебник се опфатени теоријата и праксата на воспитанието и образованието во минатото во повеќе земји, или пак само една земја (држава, народ), раздвоени по општи и национални. Периодите датираат од робовладетелското општество, античкиот период во Грција, како и Египет и Рим, па се до преродбата и ренесансата во индустрискиот период и појавата на слободоумните пролетери, појавата на класниот и предметниот систем, што во суштина го опфаќа периодот на Коменски, Жан Жак Русо и др. Завршниот дел на учебникот е посветен на појавата на образованието во Македонија, почетоците, текот и насоките по кои се движело преку револуционерниот пристап на Гоце, браќата Миладиновци и сл.

Од авторот

# 1. ПРЕДМЕТ И ЗАДАЧИ НА ИСТОРИЈАТА НА ПЕДАГОГИЈАТА

Како и секоја *наука*, така и *историјата на педагогијата* има одредено подрачје на работа. Таа ги проучува развојот на воспитната работа и педагошките идеи од првобитната заедница па се до нашето блиско минато. Конкретно, таа ги проучува воспитните цели, принципи, методи, системи и не запознава со најистакнатите педагошки имиња кои со своите погледи влијаеле на развојот на целокупното воспитание и на школството.

## 1.1 ВОСПИТАНИЕТО ВО ПРВОБИТНАТА ЗАЕДНИЦА

Нема писмени документи за воспитанието во првобитната заедница. Во тоа време воспитанието е бескласно, единствено и за сите подеднакво.

Потребите за живот барале младите што поскоро да се оспособат и вклучат во процесот на работата. Таа задача ја имале постарите и поискусните кои своето знаење и вештини ги пренесувала на помладите. Машките се занимавале со лов, а жените се грижеле за домот. Младите ги оспособувале за машки работи, а девојките за женски работи.

Повозрасните ги подучувале младите за работа и како да го употребат орудието за работа. Воспитанието е еднакво за сите. Постепено постарите во слободното време ги поучувале и вежбале. Така, се појавило умственото воспитание како посебно воспитно подрачје одвоено од работното воспитание. Доаѓа до губење на еднаквоста во воспитанието: децата на свештениците и родовската племенска аристократија се воспитувала умствено, а децата на другите се воспитувала за работа и војнички работи. Со тоа доаѓаме до почеток на класното воспитание.

Значи, за воспитание може да се зборува уште за време на првобитната заедница.

## 1.2 ВОСПИТАНИЕТО И ПЕДАГОГИЈАТА ВО РОБОВЛАДЕТЕЛСКОТО ОПШТЕСТВО

Робовладетелскиот општествен поредок е класно општествено уредување. Воспитанието е привилегија на робовладетелите. Во робовладетелското општество има два антагонистички системи на воспитание: воспитание на робовладетелскиот и воспитание на робовскиот подмладок. Децата на робовите немале никакво право на интелектуално воспитание. Поради се поголемата

диференцираност на работата воспитанието ќе стане самостојно како посебно работно подрачје, се создаваат посебни воспитни установи, почнува да се развива школството. Тоа е време на значајни почетоци на науката на филозофијата и уметноста. Сето тоа се одразува и на воспитанието. Така, во Египет, во школството наидуваме на истакнување на важноста на природно-математичката настава. Но, далеку помногустран е грчкиот и римскиот воспитен идеал кој покрај телесното содржи и елементарно -умно и политичко, морално, естетско и филозофско образование и воспитание. Се работи воспитната цел-хармоничен развој на душата и телото.

Во античкото доба особено се истакнува атинската држава, која поради економскиот полет во 5 и 6 век пр. н.е. доживува висок културен развој. Грчките филозофи посветуваат сериозно внимание на воспитните прашања, ги изложуваат своите педагошки мисли, а потреба да дејствуваат и практично педагошки. Значајно е што во Грција и во Рим се јавуваат филозофи кои со своето знаење и педагошки погледи ги поставуваат основите на педагошката наука.

Јакнењето на робовладетелските општествени односи ги следи немилосрдна борба во општествената свест. Митологијата и отстапува место на филозофијата и во овој период доаѓа до стремеж кон уметноста, кон културата, совршеност кон животот-стремеж на филозофијата во најширока смисла. Идеалот на телесната снага го дополнува идеалот на духовната култура, идеалот на телесната убавина (kalokagathia)-*идеал на духовната убавина.* Тој воспитен идеал се нарекувал kalokaghatia, што значи синтеза на естетскиот и етичкиот идеал (kalos-убав,agathos-добар). Државниците и филозофите во воспитанието и во доброто образование гледаат пат до вистинска култура. Меѓутоа, низ целото робовладетелско доба како црвена нишка се провлекува непремостивата спротивност помеѓу физичката и умствената работа. Оттука не треба да се бара елементот на работното воспитание.

При крајот на робовладетелскиот систем се појавува христијанството. Културната моќ на Атина и Рим одумира. Раното христијанство малку ја цени античката култура. Стремежот за живот на оној свет ги замаглува вредностите на знаењето. Но, какови било воспитанието во одделни робовладетелски држави?

## 1.3 ЕГИПЕТ

Со создавањето на источното ропство, како и на поголемите робовладетелски држави-деспоти, големи градови, а и географските услови (периодични поплави на Нил и др.) источните земји (Египет, Вавилон, Асирија и др.) го овозможиле и забрзале почетокот на некои природни науки. Земјоделството било нужно поврзано со набљудување на климатските состојби; требало да се подигаат насипи, да се коригираат граници, да се мерат поседи и друго. Постепено од стекнатите искуства и набљудувања се развиле елементите на аритметиката, геометријата, астрономијата или подобро речено на астрологијата. Во Египет се јавуваат и почетоците на медицината.

Науката и образованието биле негувани од свештениците. И едното и другото го пренесувале на нивните наследници, нивниот подмладок. Се разбира, нивното знаење било испреплетено со верски погледи.

За да го задржат монополот на воспитанието и образованието, свештениците, во рамките на храмовите, основале школи во поголемите градови. Покрај со религија младите ги поучувале со аритметика и геометрија, зашто овие науки одговарале на општествените потреби. Но, на свештенството му било важно на тој начин само за да ја зацврсти својата власт и водечка положба во општеството.

Кога покрај “светото писмо“ (хиероглифите) се појавило и едноставното писмо кое можело полесно да се употреби во практичниот живот, биле основани школи за писари кои биле достапни и на децата и на работните луѓе. Во тие школи децата учеле да пишуваат и да сметаат. Во почетокот пишувале на восочни таблици, а подоцна на папирус. Во пишувањето вежбале препишување на верски химни, книжевни дела, и разни поучни приказни. Дисциплината во школите била многу строга и ја одржувале со присилни средства (со ќотек).

Значи, на истокот илјада години пр. н.е. никнала културата. Го пронашле писмото и почнала да се развива науката. Раѓањето на културата било поврзано со создавањето на првите школи од кои некои настанале пред две и пол илјади години пред нашата ера, во времето на “старото египетско кралство“. А во ерата на “новото кралство во Египет била создадена висока школа во која се образувале свештеници, војници, архитекти и лекари.

Културата на ориенталскиот народ продира во Грција заедно со трговските контакти. Интересно е да се спомнат воспитните методи што биле применувани во

Америка пред откритието на Колумбо. Посебни примери за тие воспитни методи наоѓаме кај Ацтеките, мексикански народ  кој достига напредок во 14 век. Ацтеките имале посебни воспитни заводи во состав на храмовите и нив ги воделе свештеници. Во тие заводи одделно се воспитувале машките и девојчињата. Постоело и индивидуално воспитание кај родителите.

## 1.4 ГРЦИЈА

За времето на Хомер воспитувањето се карактеризира со телесно вежбање (пенатлон: скијање, фрлање копје, трчање, фрлање диск и борење), воспитување врз примери на јунаштво и почитување на предците. Но за тоа немаме точни податоци. Многу повеќе знаеме за воспитувањето во спартанската и во атинската држава, кои се разликувале по обликот на владеење и воспитните системи. Воспитанието било наменето на децата на робовладетелите, а не на робовите.

### 1.4.1 Спарта

Во Спарта воспитувањето било во рацете на *државната власт.* Државната власт била во рацете на земјоделската аристократија која ја сочинувале спартиати-потомци на племињата кои ги поробиле староседелците. Доселениците-периеци-не биле политички рамноправни, а најмногу имало потполно бесправни робови кои биле употребувани за обработување на земјата. Бидејќи искористувањето било свирепо, често пати  робовите се дигале на бунт. Дел од спартијатите ( во 8 век пред нашата ера биле околу 9000 фамилии со повеќе од 2000.000 поробени жители) морала често да  биде подготвена војнички, зошто само со војската можела да ја контролира власта во свои раце. Од непријателот Спарта била заштитена со помош на природата.

*Воспитувањето*  во таква држава било војничко. Државата настојувала да ја воспита младината способна за војување. Младите физички биле подготвувани, потоа морално ги изградувале да ги почитуваат законите и возрасните, да бидат лојални на државата и претпоставените, да бидат издржливи, што помалку чувствителни и што повеќе борбени. Воспитувањето било наменето само за децата на робовладетелите.

До седмата година детето се воспитувало дома. Слабите и закржлавени деца биле носени на планината Тајгет да ги изедат ѕверовите. После седмата година децата се носеле во државни установи каде биле воспитувани до осумнаесеттата година.

Целта на физичкото воспитување била младината да зајакне. Децата спиеле непокриени на рогожа, оделе боси и гологлави. Храната била скромна, а се вежбале во итрина која била потребна при војувањето. Казната со камшикување била свирепа, но тоа било со цел да станат издржливи и цврсти. Манифестирање на болката било срамота.

Главни средства на телесното воспитување биле гимнастичките вежби: трчањето, скокањето, а првенствено борбените вежби, особено со оружје. Спартанците високо го ценеле влијанието на музиката и пеењето врз јакнењето на борбеното расположение. Песните и химната ги учеле напамет. Читањето, пишувањето и знаењето малку ги ценеле. Поважно било практичното оспособување, снаодливоста и присуство на духот, јадровит говор. Во заводите за воспитување децата често разговарале со повозрасните за политички прашања. Од осумнаесеттата до дваесеттата година младите се викале ефеби и учествувале во лов на робови. Со навршување на дваесет години станувале војници.

И воспитувањето на девојките било јавно, под државен надзор. Морале телесно да вежбаат и војнички, учеле да се борат, да пеат и да играат. Така ќе имаат здраво потомство и ќе го чуваат градот кога машките се на бојното поле.

Спартанското воспитување било *еднострано, но сепак позитивно зашто како што спомнува Аристотел-се почитувале законите.* Затоа во Спарта наоѓаме заводи за воспитување, а при воспитувањето биле вклучувани подеднакво и машките и женските. Телесната цврстина, војничката оспособеност, машкоста, присебноста, лојалноста кон државата, почитувањето на постарите-сето тоа се позитивни особини карактеристични за спартанската воспитна цел.

### 1.4.2 Атина

Ако Спарта била војничка држава во која преовладувала земјоделската аристократија, Атина била трговска држава со која претежно владеела трговската аристократија. Тешката борба за власт помеѓу

земјопоседничката и трговската аристократија ја принудиле аристократијата на политички слободниот народ и да го искористи за свои цели. Оваа заострена класна борба во Атина ја принудувала владеачката трговска аристократија да воспостави *демократски облик на власта.* Оттука и постојана борба помеѓу аристократијата и демократијата кои ќе бидат резултат на се поголемата имотна нееднаквост. Робовладетелската демократија во Атина ќе постигне врв и тоа особено за време на Перикле во 5 век пр. н.е. Нивното залагање било политичка еднаквост на сите слободни граѓани пред законот. Во тоа време Атина ќе доживее економски и културен процут. Заради тоа природно е што атинското воспитание се разликувало од спартанското воспитание при што се посветувало внимание на јакнење на духовната сила, а односот помеѓу поединецот и државата бил послободен отколку во Спарта. Тоа се одразувало на содржината, методите и организацијата на атинското воспитание. Во Атина целта на воспитанието била: да се воспитаат добро граѓаните, но на начин кој одговара на карактерот на трговската и високо културната атинска држава.

Интересно е што во Атина во предучилишниот период се посветувало сериозно и повеќестрано внимание во поглед на воспитувањето. *До седмата година* децата ги воспитувале дома. Ги воспитувале робови, односно робинки. Во овој период децата ги воспитувале телесно, но се посветувало внимание и на играњето, на трудовиот и умствен развој, како и на развој на фантазијата. Познато е дека на децата и овозможувале разни игри (фрлање коцки и топка), им давале играчки (кукли, коњчиња, свирки ), од тапа изработувале чунови, а од восок куќички и слично, робовите им раскажувале приказни и ги учеле на убаво однесување. Девојчињата и по наполнување на седмата година останувале дома и се воспитувале под надзор на мајката, првенствено во домаќински работи, но и во играње и пеење за да можат да учествуваат на празнични свечености. Само по исклучок учеле читање и пишување.

Од седмата до четиринаесеттата година децата оделе на училиште. Ги воспитувале музички и гимнастички. Се плаќало школарина. До училиштето детето било водено/придружувано од роб (paidagogos=кој води деца). Во школото децата учеле да читаат, да пишуваат и да сметаат. Наставата била механичка. Децата пишувале по диктат и повторувале зборови по учителот. За сметање ги употребувале прстите, каменчиња и сметалки. Заради алатките учеле само собирање и вадење. Наставата не била колективна, туку индивидуална.

Учеле да свират на лира од 4 до 7 жици и на гитара, да пеат лирски и епски песни, пр. одломки од Хомеровата Илијада и Одисеа, а со пеењето и играле. *Музичката настава била составен дел на образованието.*

Тринаесетгодишните деца почнувале да ги воспитуваат телесно во *палестри (што дословно значи: школа за борби).* Две до три години ги вежбале во петобој. Ги учеле и во пливање. Цел на ова воспитување била кај децата да ја развијат телесната убавина, снагата и подвижноста.

И во Атина се случувало децата да ги казнуваат физички, но сепак првенствено ги ценеле примерот и навиките. Атинските воспитни методи биле многу поблаги од спартанските. Перикле вели: „Ние нашите деца не ги воспитуваме со сила, ами со слобода".

Додека еден дел од младината своето школување го завршувала со палестра, најбогатите родители ги праќале своите синови во гимназија. Тие школи делумно ги помагала државата. Освен телесното воспитување, во гимназијата се негувале и разговорите, опа младината се воспитувала *политички, уметнички и филозофски.*

Атинските младичи од 18 до 20 години ги примале во заедница на ефеби, слично како во Спарта. Нивната главна задача била да стекнат воено образование, да се вежбаат во воени походи, во погранични стражи, да научат поморство и да учествуваат во државни свечености. Но, во Атина ефебите и натаму се образувале во познавање на државните закони. Познати се нивните заклетви дека ќе ги почитуваат законите и дека после смртта ќе ја остават татковината посилна и појака.

## Педагошката работа и педагошките погледи на грчките филозофи

Грчките филозофи од 5 и 6 век пред нашата ера кои се најзначајни за античката педагогија повеќето биле идеалистички насочени. Меѓутоа, времето во кое живееле на нивните учења и пружале многу дијалектички и материјалистички елементи.

За време на владеењето на Перикле (459-429) робовладетелската демократија го достигнува својот врв. Паричните приходи на атинскиот сојуз многу пораснале. Врз основа на високата економска благосостојба и поволна политичка состојба грчката култура расцветала:

*драмска уметност, архитектура, вајарство, филозофија.*

Ова е време на потрага за подобрување на човековата етичка и општествена положба, и трагање по општество без противречности.

*Софисти.* Заради стопанскиот и културен напредок на Атина се јавува се поголема потреба за подобро образование на водечките слоеви. Освен тоа се истакнува потребата и за музичко воспитување. Силно развиен партиски живот и добро судство барале аристократската младина да го владее говорништвото и јазикот, заедно со стилските особености.

Така, од Мала Азија во Атина дошле *професионални учители по говорништво- софисти (од грчкиот збор Sophos=мудар). Најзнаменити софисти биле: Протагора, Горгија и Хипија/е).* За добар хонорар на добро говорништво тие ги учеле поимотните. Станале и учители по граматика и многу придонеле за нејзиниот развој. Ги запознавале младите луѓе со стилистика врз основа на анализа на некои книжевни дела, па со дијалектика и логика, со политика, со државни закони, а делумно и со природни науки (земјопис, астрономија). За литературното образование Протагора вели: „Мислам дека главен дел за образованието на човекот се состои во тоа да биде подготвен за литературна критика, т.е. да биде способен да ги вреднува поетските дела, да се разбира во анализата и да може да одговори на поставените прашања".

Софистите оделе од град во град, и во други држави и така го проширувале своето знаење. Со своите совршени говорнички вештини постигнувале успеси кај младината. За да се оцени историското значење на софистите треба да се запознаеме со суштината на нивното филозофско учење.

Софистите проповедале *сознаен и етички релативизам.* Тие тврделе дека не постои објективна вистина и објективна правда, туку дека се зависи од човекот, од поединецот. Познат е нивниот принцип: "Човекот е мерка на се" (Протагора). Ако вистината не постои, односно ако секој ја создава за себе си, тогаш ниту за боговите ништо не знаеме, а исто така и за природата. Човекот е нешто апсолутно субјективно.

Софистите го поучувале секој кој ќе им плати. Науката не ја негувале заради барање на вистината, туку заради тоа учениците да ги оспособат да се снајдат во секоја прилика и со успешни средства да го афирмираат својот интерес. Според нив за секоја работа може да се

дискутира и од двете страни. Во филозофијата тие го начнале проблемот на сознанието и ги поставиле основите на *граматиката, реториката и дијалектиката.* Бидејќи го застапувале мислењето дека за *учењето се потребни надареноста и вежбањето, особено го негувале вежбањето.* Биле исто така свесни дека за теоријата е неопходна праксата.

1.5 Историско-педагошката мисла во античкиот период.

### 1.5.1 СОКРАТ (469-399 пр. н.е.)

Името на Сократ е неодминливо во историјата на педагогијата. Наспроти софистите (од грчки Sophos = мудар), професионални учители по говорење кои за добар хонорар ги учеле, пред се, имотните луѓе, на говорни вештини. Овој грчки филозоф ја зацврстил вербата во сознанието, вистината и врлината/доблеста. Сократ лично не пишувал, но практично ги воспитувал граѓаните на Атина согласно своите погледи. Неговото учење првенствено го забележал Платон, а се разбира и Аристотел.

Сократ учел дека вистината не е нешто субјективно и дека не зависи од човекот, туку дека таа е објективна и дека може да се сознае. Најголемото/највисокото сознание не е сознание на природата, туку познавање на самиот себе. Човекот треба во себе да го открие она што е постојано и општо, значи принципите по кои треба да живее. Највисокото сознание е етичкото сознание, сознанието за доброто и злото, сознанието за доблеста.

Сократ најмногу го ценел знаењето за моралот бидејќи бил убеден дека знаењето за доблеста е исто што и самата доблест. Кој знае што е добро, што е доблест, тој живее така како што и самата доблест бара. Се разбира дека тоа е основната грешка на Сократ, но таа ни помага при објаснување на неговиот животен труд и свест за неговата животна мисла. Ако луѓето сакаат да живеат морално, мора да имаат јасен и правилен поим за доблестите воопшто. Тука почнува Сократовата воспитна задача. Кај луѓето треба правилно да се воспита разумот, правилно да ги разбираат поимите. Интелектуалното воспитување кај Сократ се поистоветува со моралното воспитување. А во морално-воспитната работа овој филозоф ја видел својата најдлабока смисла на животот.

Педагошкото значење на Сократ на особен начин се огледува во методот кој го применувал во својата воспитна работа. Имено, овој филозоф поаѓал од согледувањето дека сите луѓе, па и филозофите, треба да настојуваат од привидно знаење да дојдат до вистинско знаење, до сознанието за непроменливи морални вистини, до мудроста, која е највисока доблест, зашто таа е услов за достигање на сите други доблести. Само мудриот човек е храбар, само со мудрост може да се совлада чувството и само со храброста-мудроста може да се биде умерен.

Сократ на оригинален начин ги наведувал луѓето до мудрост/да станат мудри/да резонираат мудро. Тој со нив почнувал разговор за работи кои и практично и морално за нив биле најинтересни. На својот соговорник тој му поставувал прашања, а неговите одговори критички ги одмерувал, ја откривал непотполноста во нив и развивал разговор во тој правец, постепено го заострувал со нови дополнителни прашања, и така постепено својот соговорник се повеќе и повеќе го убедувал во неговото незнаење, а му ја предочувал суштината за: праведноста, силата, храброста, побожноста и другите врлини/доблести. Значи Сократ поаѓал од конкретни примери од животот и постепено преоѓал на дефинирање на суштината на разновидните врлини/доблести, на општите поими за доблеста. Неговиот основен метод се викал индукција поради што Аристотел со право го нарекувал Сократ татко на индуктивниот метод. Од индукција до дедукција-од посебно кон општо.

До денес овој метод на Сократ е присутен во наставата како форма на разговор или метод на разговор. Со своите сфаќања и со својата работа Сократ се повеќе доаѓал во судир со атинската демократија. Додуша, тој бил син на необразовани родители, но демократијата ја отфрлал и остро ја критикувал. Имал големо влијание на дел од фанатичката аристократска младина. Критикувал одредени закони и доаѓал во судир со обредите на некои вери зашто тврдел дека со нив управува “божествениот дух“ (daimon). Демократската странка почувствувала опасен непријател, па на крајот ќе го осуди Сократа на смрт. Имал можност да побегне од Атина, но Сократ не ја искористил, зашто сметал дека тоа би било неморално.

Без оглед на неговата општествено-политичка определба и на неговиот филозофски идеализам, Сократ останува како мошне значаен во историјата на филозофијата и педагогијата особено заради тоа што ги разнишал основите на релативизмот на софистите-кои нагласуваат и се залагаат за воспитен идеал од морално совршенство, иако при тоа претерувале во истакнувањето на вредностите на сознанијата. Со своето животно дело

Сократ дал значаен пример за употребата на индуктивниот метод во воспитувањето на мислите кај луѓето, метод со кој учителот дотолку го води ученикот доколку му помага со прашања за самостојно истражување.

## 1.5.2 ПЛАТОН (427-348 пр. н.е.)

Античкиот идеализам достигнал врв во филозофскиот систем на Платон кој бил ученик на Сократ. Платон бил вистински идеолог на атинската аристократија и неуморен борец против атинската демократија. По потекло е аристократ. Живеел за време на Пелопонеската војна кога стопанската и политичка моќ на Атина почнала да слабее и кога Грција станала место за борба помеѓу одделни држави. Класната борба се заострила, а силата на македонската држава јакнела.

Својот филозофски идеализам Платон го насочил против материјалистичката филозофија на својот значаен современик Демокрит. Особено е познато и карактеристично Платоновото *учење за идеите.* Тој учел дека постојат два света: 1.свет на идеи (идеја за убавината, за вистината, за добрината и сл.) и 2.свет на минливи нешта/работи. Највисоката идеја е идејата за доброто и нејзе и се подредени идеите на вистината, убавината и праведноста.

Важно е сфаќањето на Платон за душата. Душата се состои од разум, чувства и волја. Секои од овие делови на душата живее во телото одвоено па во суштина имаме три души. Човекот треба да настојува разумот да надвладее над чувствата и волјата. Основни доблести се: за разумот-мудрост, за чувствата-умереност и за волјата-храброст. Главната цел на човекот е во оној друг свет-светот на идеите.

Платон многу размислувал и пишувал за идеалната држава која би требало да се реализира/да се оствари. Но, концепцијата на Платон за државата била нереална, утопистичка. И во оваа негова замисла дошле до израз аристократските сфаќања на Платон. Својот социјално-политички идеал Платон го развил во делото „Држава“, а подоцна и во „Закони“. А бидејќи согледал дека воспитанието има важна функција која треба да ја зацврсти и зајакне државата, во своите дела Платон го змислил и својот *педагошки систем.*

Според Платон Државата ја сочинуваат **три** општествени слоеви: **филозофи** кои ги води разумот и кои треба да управуваат со државата заради мудроста, потоа **војниците** кои првенствено се истакнуваат со храброста и кои треба да ја чуваат државата под водство на филозофите и, најпосле, **трговците, занаетчиите, земјоделците** кај кои преовладува потребата, па под водство на филозофите и војниците ќе ги снабдуваат со материјални добра, а самите ќе бидат умерени и послушни. Покрај третиот слој во државата, постојат и робови. Оваа строга поделба на трудот според Маркс претставува идеализирана египетска поделба на касти.

*Воспитувањето* е неопходно за државата и таа мора целосно да се грижи за него. Право на воспитување треба да имаат само децата на филозофите и војниците. Во својот воспитен систем Платон го користел искуството на спартанското и атинско воспитување. Од спартанското воспитување го зел принципот –младината да се воспитува строго, а треба да се воспитуваат и девојките, а атинското воспитување го воодушевило со идеалот за хармонично воспитување (гимнастичко и музичко) и школскиот систем.

Фактот што Платон се залага за *воспитување на женската младина* посебно треба да се истакне. Во тоа време  жената била исклучена од јавниот живот, а дома била затворена во таканаречено женско одделение. Жената се грижела за куќата и раѓала деца. Заради тоа овој елемент на педагошката мисла и замисла на Платон е многу важен, иако воспитувањето на женската младина во Атина никогаш не достигнал степен на рамноправност со воспитувањето на машките.

Познат е Платоновиот *систем на педагошко воспитување.* Овој филозоф многу ги ценел детската игра, раскажувањето на приказни и бајки/сказни. Тој бара од седум годишна возраст машките и девојчињата одделно да посетуваат државни воспитни установи. Таму младината треба да се воспитува  *гимнастички (игра, танцување, борење, логорување, трчање, фрлање копје и диск, јавање итн.) и музички (читање, пишување, сметање, музика, пеење, геометрија, аритметика).*

Од 17 до 20 години децата треба да се воспитуваат како  efebi (ефеби) и пред се да добиваат воено образование. Тие кои на 20 години не се способни да размислуваат филозофски треба да бидат војници, занаетчии, трговци, а другите од 20 до 30 години темелно да се наобразуваат. Целокупната настава по аритметика, геометрија, астрономија и музика треба да биде што по апстрактна. После ова учење, помалку способните треба

да работат на пониски места во државната служба, а поспособните се до 35-та година треба да учат и понатаму и тоа *дијалектика (*дијалектиката за Платон претставува начин на кој ги спознаваме идеите), која во суштина значи „непрекинат разговор со самиот себе си“ и која води до сознанието за тоа што е вистина, добрина и убавина. Во тие идеи се наоѓа највисоката воспитна цел. Со 35 години филозофите треба општествено да се активираат, а најспособните треба да управуваат со државата. За работното воспитување во Платоновата „Држава“ нема ниту збор, зошто сметал дека работата треба да се презира.

Значењето на Платон за педагогијата се состои во тоа што тој почнал систематски да пишува за воспитувањето, што укажува на општествено-политичката важност на воспитанието, ја развил идејата за предучилишно воспитание и дал некои важни упатства за тоа, посветил големо внимание на теоретското образование и го обработил системот на науки кој младиот човек треба да го збогатува и оспособува за апстрактно мислење, го усовршил моралното образование за доблестите: мудрост, храброст, умереност. Платон влијаел на Аристотел, а подоцна и на средниот век и првите социјалисти-утописти (Томас Мор и др.)

### 1.5.3 АРИСТОТЕЛ (384-322 пр. н.е.)

Со името на Аристотел античката наука и филозофија ќе го достигне својот врв. Аристотел бил син на дворскиот лекар Филип Македонски. На седумнаесет (17) години доаѓа во Атина и дваесет (20) години ќе биде ученик на Платон. Во 355 година во Атина основал посебна гимназија во близина на храмот Аполон Ликејски, која заради тоа се викала Lykeikon (лицеј). Во тоа училиште се предавало и работело на нај широкото поле на науката. Тоа поле на творечка работа ги опфаќало: филозофијата, политиката, етиката, естетиката, природните науки и логиката. Негова огромна заслуга е што сето античко знаење го обединил во систем. Филозофијата на Аристотел содржи многу материјалистички и идеалистички моменти иако во основа таа е идеалистичка. Аристотел го критикувал учењето на Платон особено за постоењето на два потполно одвоени света: 1. светот на идеи и 2. светот на материјата. Спротивно, Аристотел тврдел дека светот е единствен и

дека поимите не може да се одвојат од одделни појави, од предметите.

Делата на Аристотел кои се важни за неговите педагошките погледи не се сочувани доволно. Така, делумно е сочувано неговото дело “Политика“ во кое ја развива теоријата за античката држава и при тоа говори и за воспитувањето. Но неговата расправа “За воспитанието“ воопшто не е сочувана. Сепак, врз основа на тоа што е сочувано може да се има слика за неговите погледи за воспитанието.

Според Аристотел, човекот има **три души**: **вегетативна** (нејзе и припаѓа функцијата на хранење и размножување), **анимална** (чувствата и потребите) и **разумна** (нејзе и припаѓа функцијата на мислењето и сознанието). Исто така Аристотел разликува трикратно воспитување: *телесно, морално и умно.* Се разбира, разумот е најголемата вредност на човекот, особено кога ќе се пронајде средината помеѓу двете крајности: премногу и премалку.

Трите души се тесно поврзани меѓу себе па затоа е потребно во човекот да се спојат телесното, моралното и умственото воспитание. Аристотел нагласувал дека воспитанието е работа на државата. Државата која не ги воспитува своите граѓани во духот на своите закони не може да го осигура својот опстанок. Воспитувањето е наменето само за слободните граѓани, а робовите се само “орудие кое говори“. Аристотел е значаен за педагогијата и по тоа што прв го поделил развојот на младиот човек на три периоди: 1. до седмата година, 2. од седмата година до полната зрелост и 3.од полната зрелост до дваесет и првата година.

Бидејќи Аристотел бил реалистички настроен, разбирливо е што наспроти Платон приоритет му дал на телесното воспитување кое е услов за останатиот воспитен развој на младиот човек. И Аристотел бара до седмата година детето до седмата година да расте и да се развива дома. Аристотел се залага за телесна/физичка нега на детето од предучилишната возраст при што ги истакнува важноста на играта, приказната и околината за развој на детето. Тој укажува дека децата не треба премногу да ги заморуваме и предупредува што и како им раскажуваме на децата. Тие треба да се учат на правилен и контролиран говор и да не слушаат ласцивни приказни.

После седмата година децата треба да учат во државно училиште. Аристотел смета дека девојчињата не

треба да се школуваат бидејќи жената битно се разликува од мажот па нејзе образованието нема да и користи.

За време на школувањето големо внимание треба да се посвети на телесниот развој на децата. При тоа, треба да не се претерува со телесното воспитување за да не биде на штета на телото и организмот кои се уште не се зајакнати. Телото не треба да биде ниту премногу атлетско, ниту пак премногу нежно. Во училиштето (од седмата до четиринаесеттата година) децата треба да научат да читаат, да пишуваат, граматика, сметање, цртање, а на повисок степен треба да научат филозофија, математика, историја и музика.

Аристотел не бара образование само за да му користи на младиот човек, туку тоа го бара првенствено заради тоа што образованието е достојно и потреба на слободниот човек. Во споредба со Сократ и Платон, Аристотел прави значаен чекор напред во однос на моралното воспитание. Имено, тој смета дека моралната обука не е доволна за моралното воспитување ами дека е потребна и пракса. Младиот човек мора со *работа да ги формира доблестите* (храброст, умереност, праведност) и затоа мора со воспитувањето да стекне повеќе морални навики. Освен настава потребна е и навика, а и едното и другото мора да водат сметка за *човековата природа и духовните способности. Знаменити воспитни фактори на Аристотел се: природата, теоретската настава и вежбата/праксата.*

Воспитниот систем на Аристотел претставува врв на античката педагошка теорија. Очигледно е дека Аристотел прифатил многу од спартанскиот и атинскиот воспитен систем, како и од Сократ, а особено од Платон (општествената улога на воспитанието, важноста на умственото, моралното и предучилишно воспитание). Неговите резултати се специфични и претставуваат значаен прилог за усовршување на педагошката наука. Аристотел теоретски ја утврдил важноста на хармонијата помеѓу телесното, умственото и моралното воспитание; ја истакнувал неопходноста воспитанието да води сметка за природниот развој на човекот при што за првпат е истакнато барањето воспитанието да биде во согласност со природата. Во тоа се огледа оправдувањето дека педагогијата се потпира на психологијата. Во делата на Аристотел среќаваме и мисли за активноста на детето и за воспитната средина. Аристотел ги проширил школските предмети (цртање, историја). Со своите барања дека развојот на младата личност треба да биде хармоничен, како и со други напредни идеи, Аристотел извршил значајно влијание особено на педагогијата на хуманизмот и ренесансата.

## 2. ВОСПИТАНИЕТО ВО ВРЕМЕТО НА ЕЛЕНИЗМОТ

Времето на три века пр. н.е. и два века по н.е. се вика еленизам. Тоа е период кога грчката култура се соединува, е во синтеза со ориенталната култура.

Во тоа време се развиле науките (астрономијата, медицината, филологијата, природните науки, математиката, геометријата, географијата). Еленизмот со својот научен карактер му придава интелектуалистички белези на тогашното воспитание, на тогашното школство кое во суштина ќе остане слично на атинското. Наставните предмети кои на младите требало да им дадат еден вид енциклопедиско знаење биле: *граматика, реторика, дијалектика, аритметика, геометрија, астрономија и теорија на музиката.* Овие предмети преовладувале во царскиот Рим, а во средниот век биле познати под името седум слободни дисциплини или вештини („septem artes liberales“) кои подоцна претрпеле промена.

Школите станале *државни или јавни.* Материјалната положба на учителите малку се подобрила, а во некои градови учителите биле бирани. Военото, гимнастичкото и музичкото образование не биле во центарот на образовниот процес, но филозофијата била важна од која се очекувале резултати во воспитанието. Но поради слабеењето на грчкото општество иако на филозофијата се гледало сомнително, сепак во времето на еленизмот расте високото научно образование.

### 2.1 РИМ

Римското Воспитание се дели на три периоди: 1. до 6 век пр. н.е. во Рим владеат робовски односи, 2. од 6 до 1 век пр. н.е. имаме република, а 3. од 30 година до 476 година постои царство. Римската империја се ширела, па имало потреба од јакнење на *морално-политичките способности и карактеристики.* Од војничките

способности треба да се споменат: решителност, храброст, умереност, од морално-политичките: слепо покорување на државните закони, патриотизмот и непријателство кон сите неримски народи. Борбата за политичка превласт ги принудило Римјаните да се усовршуваат во својата „државничка мудрост“ и во своето познато римско право. Римјаните повеќе биле практични, отколку народ со надарен филозофски дух.

### 2.1.1 Воспитувањето и школството

Римското воспитание има практичен карактер и тоа во сите подрачја од општествениот живот. Во првиот период тоа било *семејно воспитание.* Улогата на мајката во римското воспитание била поголема во однос на таа во Грција. При отсуството на таткото за време на војна детето било целосно препуштено на чување и воспитување од страна на мајката. Сепак таткото имал неограничена власт над животот на детето уште при неговото раѓање. Новороденчето било ставано пред нозете на таткото. Ако таткото го подигнел со тоа му давал право да живее, во спротивно тоа било осудено на смрт. Особено слабите деца биле отфрлани. Децата ги јакнеле телесно и ги навикнувале да работат земјоделие и да учат војнички вештини. Повеќе го ценеле пливањето, отколку гимнастиката. Во семејниот круг детето се воспитувало да ја сака татковината и животот во римската заедница. Децата ги учеле *да читаат, да пишуваат и да сметаат. Особено* ги воспитувале да ги почитуваат боговите, старите обичаи и да ја љубат татковината, храброста и скромноста.

Околу 5 век пр. н.е. во Рим се појавуваат првите елементарни училишта кои биле приватни, примитивни и малубројни. Децата се воспитувале како и порано, но сега повеќе се посветувало внимание на патриотското републиканско воспитание. Младите луѓе морале да учат напамет закони со дванаесет таблици и уште повеќе ги јакнеле соодветните морално-политички доблести. Татковците ги воведувале своите синови во јавниот државен живот со тоа што многу рано ги воделе со себе на јавниот плоштад и во сенатот. Значи, воспитувањето се уште е грижа на родителите. За воспитувањето на девојчињата исклучиво се грижеле мајките. Ги воспитувале морално и за работа во семејството. Ќерките на имотните Римјани биле воспитувани на посебен начин така што некои од нив биле мошне образовани. По пунските војни римското воспитување претрпело измени особено во третиот век пр. н.е. Римската држава зајакнала

и станала вистинска велесила. Рим имал многу робови и огромно богатство. Раскошот брзо растел. Влијанието на грчката култура се зголемило (јазик, филозофија, поезија и уметноста воопшто, говорништвото) особено после освојувањето на Грција (268 г пр. н.е.). Во Рим ќе доаѓаат голем број на грчки учители.

Бидејќи потребата од образование била се поголема, покрај постојните во Рим се отвораат школи. Тие се викале *граматички школи.* Говорништвото добивало се поголемо значење бидејќи преку говорот се придобивал гласот на народот и се влегувало во сенатот. Основата на секое добро говорење е добро познавање на јазикот. Децата на имотните Римјани во граматичките школи учеле латински и грчки јазик. Донекаде вежбале и говорништво. Тие школи биле во рангот на сегашните средни школи.

По граматичките по угледот на грчките во Рим ќе се основаат и *говорнички (реторски) школи.* Главна задача на овие школи била учениците да се ги вежбаат вештините на говорењето. Говорникот требало да биде што повеќе образован човек, па освен говорништво се учело и филозофија, (дијалектика), право, математика и астрономија. Телесното и музичкото воспитување не се негувало во училиштата.

За време на царството римското воспитание има свои карактеристики. За да не се распадне римското општество потребата од лојални службеници била голема. Таа задача ја имале граматичките и говорничките школи, а елементарните школи биле потребни за слепо воспитување и послушност на широките маси. Во овие школи наставата била непотполна, а дисциплината била свирепа ( ќотек и камшикување).

Царството имало потреба од добро школство, па заради тоа вовеле државна контрола и ги зголемила платите на учителите. Така школството го претвориле во *оружје на сопствената власт. Учителите станале царски службеници.*

Во ова време настанале и првите поголеми библиотеки, а при нив и *вишите државни школи* во кои се изучувало правото, медицината, филозофијата, реториката. Пред крајот на римското царство почнало да пропаѓа и школството. Образованието станало се повеќе формално, а воспитанието добило класен карактер. Во римските училишта се зголемило влијанието на христијанството. Значи, во почетокот воспитувањето се реализирало во семејството, а подоцна се проширило и на приватните училишта (за време на републиката), а за време на царството се воспитувало во државните школи.

## 2.2 МАРКО ФАБИЕ КВИНТИЛИЈАН

**(42-118 НОВА ЕРА)**

Најзначаен римски педагошки теоретичар е Марко Фабие Квинтилијан. (M. Fabius Quintilianus). Неговите педагошки погледи се изложени во познатото дело „За воспитувањето на говорникот“ во 12 книги. (Делото е пронајдено во 1415 година. Хуманистите добро го проучиле). Во ова дело Квинтилијан ги прифатил и ги средил грчките педагошки идеи кои многу ги збогатил со свои идеи при што се потпирал и на искуствата на римското школство.

Кога Квинтилијан говори за воспитувањето на говорникот, тој мисли на *воспитување на широко образованиот и потполно чесен човек,* зашто добриот говорник не може да биде поинаков. Така, во своето дело Квинтилијан не се ограничува само на воспитување на говорникот во потесна смисла на зборот, туку изложува и општи педагошки погледи.

Квинтилијан решително се залага за *јавно школство*, а ја отфрла приватната настава. Во принцип го усвојува системот на римското школство, елементарните, граматичките и реторските школи. Тој не поставува реска граница на староста за почеток на школување затоа што некои деца се развиваат порано, а некои подоцна.

Уште во предучилишниот период главно внимание треба да се посвети на мајчиниот јазик, па затоа на тие што им е доверено негувањето на децата мора да зборуваат правилно. Во училиштето веднаш треба да се почне со настава по грчки јазик. Културата на јазичното изразување кај децата треба да се развива со читање, настава по граматика, а посебно со анализа на дела од истакнати писатели. Анализата треба да го воспитува детето *естетски и морално.* Квинтилијан смета дека детето пред да дојде во реторската школа треба да биде образовано на соодветно ниво. (Пред да дојде до говорникот детето треба да биде енциклопедиски воспитано). Според Квинтилијан *елементарната настава треба да ја реализираат најдобрите учители.* Освен настава по јазик и литература на говорникот му е потребна и *настава по математика, геометрија и музика.* Математиката го воспитува говорникот во логичкото размислување, музиката во складноста, снаодливост во говорот и смислата за ритам. Квинтилијан се воодушевил од музиката под влијание на грчките педагози. Младиот

човек за говорништво се воспитува и образува при говорењето и непосредно со говорникот. Квинтилијан изработил основи на говорењето и говорното воспитување. Освен образовни, морални и технички квалитети добриот говорник треба да има познавања и од *филозофијата (дијалектиката, моралната филозофија) природните науки, историја и право.*

Квинтилијан е посебно важен за општата педагогија затоа што *прв детално говори за методиката на наставата* и при тоа наведува повеќе значајни дидактички принципи. Тој на развојот на детето гледа оптимистички. *Повеќето деца по природа се способни.*

Наставата треба да биде извор на радост, а не присила. За таа цел треба да се искористат желбите на децата за играње, за натпревар и индивидуалната работа. Децата не треба премногу да ги заморуваме. Треба најразлично да ги ангажираме и соодветно да играат и одмораат. Квинтилијан *е против физичко казнување на децата, зашто тоа е понижување.*

Наставата треба да опфаќа три степени: *имитирање, теоретска настава и вежби.* Квинтилијан се залага и за *учење на памет, а добриот говорник мора да се вежба и во имитирање.* При тоа тој упатува на поделба на текстот на целини/делови и сл. Според него *учителот мора да биде што повеќе образован и да ги сака децата.* Учителот не треба да се нервира, ами треба да биде трпелив.

Педагошкото дело на Квинтилијан има силно влијание врз современиците, а подоцна особено врз *педагозите на хуманизмот од 14 и 15 век, како и на Коменски преку кој некои негови педагошки барања биле вградени во новата педагогија.*

## РЕЗИМЕ

Воспитувањето во робовладетелското општество има класен карактер. Тоа се огледа во содржината, методите и организацијата. Порано или подоцна ова воспитание ќе биде под раководство на државата. Предучилишното воспитание е сконцентрирано во семејството, а подоцна училиштето ја има централната воспитна функција. Школите се резултат на општествената потреба и развојот на културата. Најстарата култура и првите школи ги наоѓаме во земјите на стариот Исток уште пред неколку илјада години пред нашата ера. Неколку векови пред нашата ера културата и школството во античка Грција се

на повисок степен. Овде владеат два воспитни система: 1. спартански и 2. атински. Спартанското воспитување е исклучително војничко, додека атинското воспитание се одликува со својот воспитен идеал, складност на телото и духот. Наставната материја е содржана во овие предмети: граматика, дијалектика, реторика, аритметика, геометрија, астрономија и музика. Наставната содржина е мошне богата и соодветствува на животот во тоа време во кое античкиот свет доживува вистински процут.

За грчката воспитна теорија и пракса особено се значајни некои филозофи. Платон и Аристотел се најзнаменитите грчки филозофи кои го основале теоретското воспитание, а врз основа на праксата ја создале педагошката теорија. Тие го истакнуваат општественото значење на воспитанието. Особено за нив е важно предучилишното воспитание при што даваат и одредени упатства, имаат концепт за системот на школството и одделно посветуваат внимание на теоретското и филозофско образование. При тоа, Аристотел се залага за реалистичко воспитание, што се огледа од неговиот однос кон наставните предмети: телесното воспитување, географија, историја, законодавство и сл. И Платон и Аристотел создаваат цел еден систем од образовни предмети кои се изучувале и дискутирале за меѓусебните односи на различните воспитни подрачја: телесно, умствено, морално, естетско воспитание. Аристотел ја истакнува нивната цврста поврзаност. И двајцата филозофи со своите погледи влијаат на средновековното воспитание, а Аристотел, пред се, на воспитуванието во хуманизмот и ренесансата.

Во допир со грчката култура, римскиот воспитен систем силно се потпира на грчкиот воспитен систем што може да се види во школството иако Рим никогаш не придава голема важност на музиката и гимнастиката како што тоа е случај со Атина. Знаменитиот римски педагог Квинтилијан е многу значаен за историјата на педагогијата. Тој ги средил грчките педагошки погледи и ги збогатил со римски воспитно-образовни искуства и со својот педагошки талент. Особено е значаен за дидактиката. Карактеристичен белег за целокупниот антички воспитен систем е силната етичка нота која провејува низ тој систем. Не се работи само за високиот степен на умственото воспитание, за телесното и естетското, туку и за моралниот лик на човекот кој воспитанието треба да го формира за античкото општество. Етичките погледи на античките филозофи се пронижуваат со нивните педагошки погледи. И Сократ, и Платон, и Аристотел главната воспитна задача при воспитувањето на граѓанинот се неговите доблести. Грчкото и римското воспитание е познато по етичките доблести кои ќе бидат

дополнети од страна на христијанството со својата идејна основа-*хуманизмот.*

За време на распаѓањето на робовладетелското општество ( од 2 до 4 век од новата ера) нивото на античката култура и образование осетно се намалува. Оваа култура допрва ќе биде ценета и вреднувана, особено во 14 век во времето на хуманизмот и ренесансата. Економско-политиките кризи и новата вера т.е. силното влијание на теологијата придонеле за слабеење на педагогијата и античкото воспитание. Наставата се претвора во догматизам.

## 3. ВОСПИТУВАЊЕТО И ШКОЛСТВОТО ВО ВРЕМЕТО НА ФЕУДАЛИЗМОТ

Средновековното воспитување ги има белезите на експлоататорски општествен поредок и црковно владеење. Луѓето се воспитувале во духот на католичката вера, во преданост на бога и безусловна послушност. Целта на оној свет треба да ги надополни сите потреби на овој свет. Црквата ја има власта над школството. Во овој период немало задолжително и основно образование. Тоа е време кога школата на сталежот е приоритет-да се воспитаат и образуваат свештеници, а подоцна и трговци, занаетчии или службеници, значи да се воспитаат припадници на одреден сталеж. Градските школи се чекор напред во развојот на школството.

Организацијата и методиката на средновековната настава биле непотполни. Содржината се усвојувала без вистинско разбирање, се учело механички во духот на догматизмот. Во наставниот процес личноста на ученикот се уште не е никаков фактор. Заради општиот општествен развој во овој период започнало основањето на световни и црковни универзитети. Но, тука се уште не преовладува научниот дух на слободното истражување иако постепено доаѓа до мисловни пресврти во борбата против идејниот монополизам на црквата.

## 3.1 ПОЧЕТОЦИТЕ НА ГРАЃАНСКАТА ПЕДАГОГИЈА

### 3.1.1 Педагошката мисла во хуманизмот и ренесансата

Пред крајот на 14, а особено на 15 и 16 век сериозно се разнишани темелите на тогашното општество така што се случиле значајни промени во начинот на мислењето. Граѓанството јакнело економски и политички, напредувала техниката, а потребите на општествениот развој барале што поголем интерес за природните науки. Се јавуваат почетоците на капиталистичкото производство. Средновековниот поглед на свет почнал да се распаѓа уште во 14 век. Културата почнува да ја губи нагласената верска определба, а во сиот живот се чувствува, поинаков однос, пресврт кон светот и човекот-кон хуманизмот. Човекот е во центарот на интересирањето. Тоа движење на подрачјето на уметноста и целокупниот начин на живот го нарекуваме ренесанса, научните заложби на тоа време ги нарекуваме хуманизам, а нивните претставници-хуманисти. Хуманистичкото движење ги опфаќа аристократските слоеви на тогашното општество. Поради големата поддршка на антиката хуманистите биле *најостри критичари на средниот век и феудализмот.* Хуманистичкото движење претставува пресврт и за педагогијата. Во старото, феудално општество почнала да се раѓа нова, буржоаска педагогија, која помагала при рушењето на старото уредување. Борбата помеѓу напредните и реакционерните сили на подрачјето на педагогијата е значително заострена. Резултат на таа остра борба е граѓанската педагогија.

Буржоаската педагогија прави квалитетен скок во педагошкиот развој. Имено, таа го воспитува човекот како поединец. Во феудалната педагогија учениците учеле напамет, а во граѓанската педагогија учениците учеле со разбирање. Се применува нагледната настава, од природа и со примена на методот на индукција, со разновидни наставни методи и принципи. Феудалната педагогија се занимава со оној свет, а граѓанската со овој, со земниот свет; содржината на наставата се потпира на природните науки; детето се третира како посебно битие и итн.

### 3.1.2 Хуманистичка педагогија

Сите основни карактеристики на ренесансниот начин на мислење доаѓале до израз и во воспитните погледи на хуманистите. Хуманост=човечност: и на воспитното поле тоа значело најголема вредност. Човекот требало да биде подготвен и формиран за живот на овој свет, требало да се образува и да се развива човек со богат емотивен живот. Наспроти ќотекот како феудална дисциплина, хуманизмот ги негува и истакнува

*вредностите на детето како личност.* Детето треба да се сака и со него да се постапува трпеливо-човечки.

Под влијание на антиката и хуманизмот ја има воспитната цел *хармоничен развој на душата и телото.* Хуманистите ја почитувале личноста на детето и се обидувале *да ја запознаат личноста на детето.* Тие се против средновековниот воспитен калап, а се стремат нивната воспитна постапка да биде што *по индивидуализирана. Воспитните идеали се наоѓале во класичното образование*, во проучување на античките поети и писатели, како и во античкиот јазик. Хуманистите биле против догматската и механичка настава, а се труделе преку наставата *да ги развијат умствените способности кај детето* и неговата самостојност. Важно е што под влијание на хуманистичките науки во наставните планови и програми вредносно добивале *реалните предмети (*астрономија, механика), историја, земјопис и литература. Повторно се ценело телесното воспитување. Поради силен процут на уметноста педагозите го истакнувале значењето на естетското воспитување (литература, музика и др.). Хуманизмот не ја прекинува врската со религијата, но таа битно изгубила од својата важност.

Хуманистичкиот образовен идеал важел само за *повисоките општествени слоеви-за побогатите граѓани, за научниците, благородниците.* Тие воопшто не расправаат за економските услови на воспитанието, за школувањето. Педагошките идеи на хуманистите биле значајни за развој на гимназиите, за одбраните, елитни школи. Тие не придонеле за создавање на основни школи или школи за народот. Од античките педагошки писатели најмногу го ценеле Квинтилијан.

Хуманистичката педагогија на дневен ред ќе ги постави прашањата кои подоцна ќе се покажат како најважни за граѓанската педагогија (воспитните цели, воспитување на личноста, односот помеѓу личноста и заедницата, воспитувањето како фактор за развој на детето, мотиви за постапување со детето, степенот на вклученост на воспитувачот за развој на детето, односот помеѓу воспитанието и образованието, активноста на ученикот и самостојноста во наставниот процес, очигледноста итн.).

Хуманистичката педагогија прави квалитативен скок на подрачјето на теоријата на наставата, наспроти на подрачјето на моралното воспитување.

### 3.1.3 Знаменити педагози-хуманисти

*Во Италија* - Италија е класична земја на хуманизмот и ренесансата, зашто движењето почнало токму тука поради богатството на северно италијанските градови. За најголем практичар на хуманистичката педагогија се смета Виторио де Фелтре ( Vitorio de Feltre, 1378-1477). Тој ги воспитувал принцевите во дворот на војводата Гонзага од Мантова. Својата школа ја нарекол “casa giokosa“ (каза џиокоса) или “дом на радоста“. Таа школа имала прекрасна положба во природата.

Овој педагог ја воспитувал младината со вистинско човечко внимание, но во духот на строг морал кој го ценел повеќе од знаењето што е карактеристика за хуманистичките педагози. “Подобро убаво да се живее одошто убаво да се пишува“. Го негувал телесното воспитување (трчање, скокање, борење, мечување, јавање, пливање). Се грижел за способноста на питомците и за нивниот развој. Особено ги почитувал класичните писатели Вергилиј и Цицерон, Хомер и Демостен. Настојувал неговите ученици со разбирање да ја проучуваат класичната книжевност, особено јазикот и стилот. Многу ги ценел и природните науки (астрономија, познавање на природата), а и самиот бил добар математичар.

Интересно е што се обидувал да го реформира методот на читање со воведување на подвижни букви. Во наставата по аритметика водел сметка за очигледноста, особено на играта. При цртањето и мерењето учениците учеле геометрија. Телесните казни ги укинал.

Во тоа време се појавуваат повеќе педагошки писатели-хуманисти. Најобемното дело во тоа време го напишал Мафео Веџо (Maffeo Veggio) - „De aducatione liberorum et Claris eorum moribus“ (За воспитувањето на децата и нивните убави обичаи). Тој говори за моралното воспитување низ примери особено за влијанието на мајката врз децата, се залага за јавни школи, за научно образование на наставниците, за почитување на личноста на ученикот и за развивање на неговата самостојност во работата, за укинување на телесните казни.

*Во Франција* - Главен претставник на француската хуманистичка педагогија и еден од најголемите француски хуманисти е Франсоа Рабле (Francois Rabelais 1494-1553). Тој е еден од најострите и најдуховити критичари и противници на средновековната схоластика, на средновековниот геоцентризам и средновековниот

воспитен идеал. Се воодушевува од убавината на природата, знаењето и акцијата. Рабле се залага за нов систем на настава и воспитување. Педагошките погледи на Рабле особено можат да се видат во неговото славно дело „Гаргантуа и Пантагруел“ (Gargantua et Pantagruel). Гаргантуа е таткото, а Пантагруел е синот. Преку нивното воспитување писателот ги прикажува разликите помеѓу старото и новото воспитување.

Рабле отфрла се што и пречи на слободниот развој на човековата активност. Првенствено, потребна е грижа за телото: гимнастика, трчање, борење, скокање, пливање, фрлање копје, јавање. Потребно е естетско (музика) и морално воспитание. Според Рабле основата на моралното воспитание е во религијата и во работата. Детето треба да се стекне со сите видови на вештини, да ги запознае сите занимања, да учествува во сите видови разонода и забава. Сепак, на човекот најмногу му треба умственото воспитание.

Рабле сака кај ученикот да го развие научниот дух. Може да се рече дека за тоа време Рабле го сфатил образованието мошне реалистично заради што особено ги ценел природните науки и го воведувал ученикот во запознавање со природните појави. Тоа го развивал преку *опсервација на природата.* Франсоа Рабле го истакнувал значењето и на класичната книжевност. Најмногу го ценел грчкиот јазик.

Педагогијата на Рабле се одликува со голем реализам, но недоволно го нагласува естетското и моралното воспитание. Позната е неговата изрека дека “формираната глава е повредна од полната глава“. Се залага за развој на активноста на детето (сопствено набљудување и проценка). За моралното воспитание препорачува проучување на историја/биографија, а се залага и за телесно воспитување. Некои од неговите напредни педагошки идеи подоцна ќе ги развијат англискиот филозоф Џон Лок, како и францускиот Жан Жак Русо.

Друг голем француски хуманист чии дела говорат и за воспитанието е Мишел Монтењ (Michel Montaigne). Монтењ го истакнува значењето на мајчиниот јазик што претставува новина за хуманистичките педагози. При учењето на јазикот ја истакнувал потребата од познавање на предметите со што се јавува како претходник на педагошкиот реализам.

*Во Германија* - Најголем германски хуманист е Еразмо Ротердамски ( Erasmus de Rotterdam 1467-1536). Напишал повеќе воспитни и дидактички дела (за образованието на децата од раѓање, за воспитанието и

моралот кај децата, за правилниот изговор на латинскиот и грчкиот јазик, за воспитанието на принцовите, за методи на учење). Негово најзначајно дело е „Пофалба на глупоста“ (Laus stultitiae) во кое ја критикува сколастичката школа и сиот средновековен живот, а особено е против применувањето на телесните казни и свирепоста на учителите.

Еразмо од учителите бара универзално знаење. Посебно ја цени јазичната култура. Добро е да се изучуваат латинскиот и грчкиот јазик, но не и да се губи време за граматика. Препорачува да се читаат добри писатели и да се вежба говорот. Еразмо заедно со шпанскиот хуманист Вивеса први се залагаат за образување и воспитување на девојчињата, особено на нивните срца.

## 4. ПОЧЕТОЦИТЕ НА ГРАЃАНСКАТА ПЕДАГОГИЈА И ВОСПИТАНИЕТО ВО 17 И 18 ВЕК

Во овој период доаѓа до појава на капитализмот, а буржоазијата е водечка општествена сила. Водечки држави во западна Европа се Англија и Франција. Капитализмот најпрво се јавува и созрева во Англија. Во втората половина на 18 век Англија доживува и индустриска револуција. На економски и политички план таа е најмоќна земја во Европа, 18 век претставува пресвртница и за Франција. Радикално се прекинува со феудализмот и се создаваат нови капиталистички односи.

Најважно е што во овој период се јавуваат елементи на ренесансно и хуманистичко движење. Напредува осамостојувањето на науката од филозофијата и посебно напредува физиката и механиката. Напредокот е благодарение на разумот и појавата на рационализмот и нејзиниот сподвижник, францускиот филозоф Рене Декарт (1596-1650).

За педагогијата е значајно што *човековите сознајби почнуваат со сетивата која се противи на вродените идеи кои ги заговара средновековното учење.* Против ова е Џон Лок кој сепак е недоследен зашто вели дека со раѓањето детето е „неиспишан лист“ (tabula rasa).

Во овој период ќе се формира и *новата педагогија, новата педагошка теоретска мисла и новата педагошка активност.* Новите потреби раѓаат и нови идеи, нови планови и нова организација на наставата. Педагогијата во овој период ќе израсне врз темелите на најдобрата традиција на хуманизмот и ренесансата, на новиот однос

кон природата и природните науки, на новите разбирања за моралот, на педагошкиот реализам итн.

## 4.1 ЈАН АМОС КОМЕНСКИ

**(1592-1670)**

За дидактиката на 17 век се карактеристични три барања:

1. Во училиштето децата да се запознаваат и со предметите, а не само со зборовите за предметите. Да ги учат предметите од подрачјата на природата и реалниот живот на човекот;

2. Знаењето и познавањето на мајчиниот јазик треба да бидат основа на целокупното знаење;

3. Наставата треба да биде во согласност со природата, со методот кој го бара природата. При тоа, најважни се две работи: очигледноста и индукцијата во наставата.

На овие три барања кои ги барал општествениот развој најдобро одговорил Јан Амос Коменски.

Живот и творештво

Коменски се родил во Нивница кај Маџарски Брод во Моравска како син на млинар, член на сектата „Чешки браќа" (секта формирана од селани и занаетчии кои проповедале еднаквост на сите луѓе и биле против приватната сопственост). Се потпишувал како Comenius- латинскиот облик на името е Коменски.

Бил воспитан во строго верски дух. Во дванаесеттата година останал потполно сираче. Дури во шеснаесеттата година можел да влезе во латинско училиште. После две години, заради одличен успех, верската општина го испраќа на факултет на Универзитетот во Херборн во покраината Насау (Nassau- во тоа време во германската покраина) бидејќи Универзитетот во Прага не и бил наклонет на "Чешките браќа". Таму се запознал со дидактичките настојби на германскиот педагог Ратке. Германскиот педагог Ратке се залагал за општо образование, за постапност во наставата, бил свесен за важноста на мајчиниот јазик, бил против насилство и почувствувал потреба наставата да поаѓа од стварноста. Кога ги завршил теолошките студии, Коменски отишол и на Универзитетот во Хајделберг (Heidelberg) каде завршил теологија.

По враќањето во татковината, во Чешка, најпрво ја водел школата "чешки браќа" и добил чин свештеник. Станал пастор во една од верските општини, а истовремено бил и ректор на училиштето. Кога царот Фридрих 2-ри ги прогонува протестантите од Чешка, и кога омразата на благородниците била насочена против сектата "Чешки браќа", кои се бореле против благородниците, Коменски се иселува во Полска. За време на тие прогонства Коменски го губи сиот имот, ги губи ракописите и книгите, зошто местото во кое живеел Фулнек, било запалено.

Во Полска, во градот Лешен, Коменски е управител на гимназијата. Овде на латински јазик ќе го напише делото *„Отворена врата до јазикот"* кое ќе го прослави и ќе биде преведено на дванаесет европски јазици и четири азиски јазици. Во ова дело Коменски говори дека е потребно наставата да се базира на набљудување на предметите. Во 1632 година Коменски го завршил своето главно дело „Голема дидактика" (Didakticka magna). Книгата најпрво е објавена на чешки јазик бидејќи била наменета на неговите сограѓани. Кога ќе стане познат во светот книгата ја објавил и на латински јазик. Ова дело систематски ги изразува педагошките идеи на Коменски и во поширок обем ги допира образовните и воспитните прашања. Коменски ќе стане централна фигура во школските и воспитни реформи во тоа време. Заради високиот углед неговите "Чешки браќа" го избрале за епископ.

Во стремежот за што пошироко образование Коменски предлага план по кој треба да се напише енциклопедиско дело "Pansofija" (сеопфатно познавање). За жал, овој план не го реализирал, но неговата замисла го поврзала со најнапредните кругови во светот, особено во Англија каде неговата идеја била прифатена со воодушевување. Парламентот на Англија ќе го повика да дојде во Лондон, но граѓанската војна ќе биде пречка за реализација на неговите идеи. Подоцна ќе го поканат во Шведска каде преку ангажман на владата ќе учебници и методика на наставата по јазик. Во 1648 се враќа во Лешно. Кога општината се распаѓа Коменски повторно се посветува на учењето. Подоцна ќе биде повикан во Унгарија каде ќе организира училиште во Блатни Поток. Во 1654 година ќе ја напише книгата „Сетилниот свет во слики" или „Светот во слики" (Orbis sensualium pictus) *–прв учебник по очигледна настава .Се смета дека тоа е првата книга за деца, еден вид сликовница со убави гравури, книга украсена со 302 дрворези која речиси два века ќе биде омилено четиво на децата. Овој учебник преку принципот на очигледност во училиштето*

*директно воведува енциклопедиска содржина, а со тоа и стварниот живот.*

Од Унгарија се враќа во Лешно. И кога по вторпат градот е срушен во текот на војната помеѓу Швеѓаните и Полјаците, Коменски пак го губи имотот, а „Чешките браќа“ своето последно место на делување. Бега во Хамбург, а оттаму во Амстердам каде по 14 години умира. Во Амстердам, по одлука на амстердамскиот сенат на латински јазик ќе го печати своето целокупно дидактичко дело. Коменски бил и голем патриот. Многу го сакал чешкиот јазик, собирал народни песни и пословици.

Педагошките погледи и нивното значење

*Влијанија*-Во работата на големиот педагог Коменски има влијанија на *ренесансната педагогија и ренесансниот животен оптимизам (утопистички социјализам), на демократските стремежи на тогашните верски секти и филозофијата на Бекон.*

Од својата секта Коменски ќе поприми значајна демократичност. Грижејќи се за воспитување на младината, некои секти воведувале и настава за сите деца и организирале домови за децата од предучилишна возраст. Наставата била на мајчин јазик. Во тоа време религијата била многу јака па разбирливо е што религиозноста решително го формирала погледот на Коменски што првенствено може да се види во *воспитните цели* што ги поставува тој.

Реалниот живот во тоа време ќе упатува на *модерната филозофија на Бекон Веруламски.* Бекон ќе влијае на Коменски во однос на *сознајните сфаќања, научните методи (сензуализам и индукција) и науката.*

*Воспитна цел*-Хуманизмот и ренесансата влијаеле на Коменски особено со своите *нови сфаќања за човекот*. Иако за највисока воспитна цел Коменски гледал во стекнување на вечно блаженство на оној свет, сепак неговиот човек е прекрасен и жив. *Човекот е најубавата рожба, а воспитувањето го формира целосно битие и го подготвува за вечен живот.* Подготовката се состои во усвојување на *науката, моралот и верското чувство.* Ембрионот се наоѓа во човекот, а за тоа е потребно да се развие: *умственото, моралното и верското воспитание.*

*Складност со природата*-Најопштиот принцип со кој Коменски ќе ја создаде својата педагошка зграда е: *воспитувањето треба да биде во склад/согласност со*

*надворешната природа* и да води сметка за природата на детето. Мислата за складност на воспитанието и природата Коменски ја развил во принцип. Тој принцип подоцна ќе стане карактеристичен и за некои од следните педагози-класици (Русо, Песталоци).

Во принципот на природноста Коменски ја вклучува и занаетчиската работа, како и онаа која се заснова на машинското производство и на новата организација на работата. Интересни се неговите споредби за учењето со занаетчиската работа.

Така на пример како основа за организација на наставата му служи *функционирањето на разновидните механички справи и уреди (* часовници-обликот на школото да личи на часовник; печатница-наставата и печатењето имаат адекватни елементи: хартија-ученици, букви-книга и други наставни средства; мастило-зборот на учителот; преса-ограничувања, дисциплина, постојано внимание, казна итн.).

Педагошкиот систем на Коменски кој се угледува на техниката и производството покажува вистински напредок.

*Погледи на детето*-Според Коменски човекот е дел од природата и подреден е на законите на природата. Во “Голема дидактика“ тој опширно ги споредува законитостите на природата со законитостите во педагогијата. На пример: природата внимава на погодност на времето, па и воспитанието мора да внимава на тоа (младоста); природата се развива постепено, па и школото мора да биде поделено на одделенија и наставни степени; природата делува одвнатре кон надвор - најпрво разбирање, па памтење и друго. Со споредба на природата и воспитанието се изведуваат принципите кои ја олеснуваат наставата (постепеност, очигледност, систематичност). Со овој систем Коменски се спротивставува на сколастичката школа која не се потпира на животот, но се уште не му биле јасни законитостите кои влијаеле на воспитната активност.

Како што во природата има четири годишни доба, така и човечкиот живот се дели на четири доба: детско, детство, младост, машкост. Своите погледи за децата тој ги толкува во “Голема дидактика“. Тој верува во детето и уверен е дека од секое дете може да се изгради човек. Интересна е неговата поделба на децата според надареноста и карактерот. Децата може да бидат: бистри, желни за наука и послушни; бистри, послушни, но спори/бавни; бистри, диви. Коменски говори и за тоа како треба да се постапува со децата. Посебно говори за тоа дека помалку надарените деца кај воспитувачите будат

надеж и пожртвуваност дека и таквите деца со добро воспитание можат нешто да бидат.

*Организација на училиштето и наставата* .Коменски стекнува историска заслуга и со *организација на училиштето и наставата.* Впрочем, тоа било и потреба на времето, зашто на граѓанството му било потребно се посолидно и пошироко знаење. Коменски се залагал за *задолжително општо основно образование за сите.* Наставата треба да биде на мајчин јазик.

За секој период во животот Коменски предлага *шестгодишно школување.* Од раѓањето до шестата година детето треба да се воспитува дома, во семејството-мајчинска школа; од шестата до дванаесеттата година детето треба да посетува училиште за *мајчин јазик (*такво училиште треба да постои во секое место); до осумнаесеттата година оди во гимназија или латинско училиште (во секое место); од осумнаесет до дваесет и четири години е време за студирање во *академија* која треба да постои во секоја држава или покраина. Школувањето треба да заврши со патувања. Учењето треба да има концентричност-пониският степен на настава треба да го подготвува ученикот за повисок степен, а тој треба да го продлабочува и проширува материјалот за учење.

Училиштето треба да го образува детето сестрано-умствено, морално, религиозно. Коменски посебно го истакнува знаењето. Според него училиштето треба да ги научи децата „да ги сознаваат основите, законите и целите на се што е најглавно на овој свет и што се случува во него". Со тоа Коменски се залага за општо, основно образование-*пансофија.*

Во училиштето за мајчин јазик детето треба да ги развива *сетилата, да ги стекнува и проширува претставите за светот* кои го опкружуваат, да изгради неколку научни поими, *да научи да говори и да се навикне на неколку рачни вештини* (ракување со предмети за домашна употреба). Што се однесува до моралот треба да се научи на умереност, чистота, на послушност и почитување на постарите и на работа во животот. Потребно е и верско воспитание.

Коменски *прв го образложил предучилишното воспитание и ја анализирал неговата содржина.*

*Идеолог на основното училиште*-Коменски смета дека светот може да се промени преку образование на народот, негово помагање и почит кон бога како извор на сета мудрост. Училиштето треба да биде за секого, а не само за богатите.

Основното училиште, елементарното, треба да го посетува секој без оглед на идното школување и професија. Исто така, во него треба да се учи на мајчиниот јазик, а не на латински јазик. При тоа, треба да се учи *читање, пишување, сметање со геометрија, да се изучуваат природните науки, земјопис, веронаука, рачна работа и пеење.* На мајчиниот јазик треба да се посвети посебно внимание зашто тој е основа за изучување на другите јазици; да се учат основните морални, економски и политички принципи, да се учи животот. Со мајчиниот јазик Коменски прв го создал ликот на основната школа. Но, малкуте часови не биле доволни за совладување на поставените задачи што го попречувало развојот на способностите на ученикот.

*Гимназијата или латинското училиште* на учениците треба да им даде граматика, реторика, дијалектика, астрономија, музика, историја, земјопис, етика. Според Коменски *академијата треба да има теолошки, правен и медицински факултет.* Во наставните содржини на Коменски може да се види практичниот и реалистичен дух на Френсис Бекон за кого знаењето претставува моќ, средство за владеење со природата, а не цел за себе. Согласно потребите на граѓанското општество за Коменски науката има практично и корисно значење. Учениците треба да научат нешто што ќе им биде и корисно и практично.

Во контекст на училишната организација Коменски се залага и за проблемот на поучување во наставата. Коменски е првиот кој се залага за воведување на *школска година, школска недела, наставен час, летен распуст и одделение како единица во која ќе се одвива заедничката работа на учителот и целото одделение. Дотогаш учителот се занимавал со поединци кои оделе на училиште во кое време сакале од годината.*

Коменски дал многу упатства за работа на часот, за одржување на дисциплината, за изработка на годишен наставен план, повторување, најпогодно време за учење (утрински час). Може да се каже дека Предлозите на Коменски важат и денес.

Најмногу заслуги Коменски стекнува на полето на *дидактиката. Тука неговото значење* е трајно. Посебно треба да се спомнат неговите наставни принципи (иако тој израз не го употребува) и *правилата за учителот, методите и учебниците.*

*Наставни принципи* - За основен принцип во наставата Коменски го прогласува *принципот на очигледност кој го нарекува „златно правило“.* Сознајниот реализам во дидактиката на Коменски се

одразил во *очигледната и индуктивна настава.* Она што некои хуманистички педагошки писатели го насетувале, Коменски го развил во принцип кој го образложил и во своите учебници практично го применил. Најдобар пример за тоа е неговата книга „Орбис пиктус“ - „Orbis pictus“. Од левата страна или горе се наоѓа слика која претставува случка или некоја работа или предмет, појава (сонце, бура, детска игра и др.). Од десната страна или долу се наоѓа едноставна латинска реченица за тоа што се наоѓа на сликата. Во другиот стол е германскиот превод, во третиот латинско-германски речник за реченицата. Одделни предмети или делови од предмети се обележани со бројка која одговара на германскиот или латинскиот збор.

Со тоа што го поставил барањето за *„конкретно набљудување“* Коменски го отфрлил сколастичкиот вербалистички наставен метод (започни ја наставата со збор!). Со тоа тој се борел против недоволното разбирање во наставата. А да се разбере предметот за Коменски, што е во согласност со Бекон, значи да се познаваат неговите причини.

Во врска со очигледноста Коменски истакнува дека предметот треба да се набљудува со сите сетила, а не само да се перципира на сликата.

Понатаму Коменски дава неколку упатства како треба *да се демонстрираат предметите:* треба да се постават така за да можат учениците да ги опфатат со еден поглед; предметот треба да се набљудува постепено, дел по дел, за да се разбере; ако учениците набљудуваат повеќе предмети, мора да воочат во што се разликуваат предметите. На Коменски очигледноста му служи како појдовна точка за умствено сознание т.е. за разбирање на одредени појави и предмети.

Коменски не ја сфаќал очигледноста така широко како подоцна Песталоци. Всушност тој не бил свесен доволно за нејзиното значење за развој на умствените сили и способности за вреднување, зашто се уште бил под влијание на сензуализмот. Но, очигледноста ја препорачувал како *општ принцип кој треба да го применуваат и научниците (ботаничари, зоолози, геометри, географичари). Со своите принципи Коменски ќе зададе смртоносен удар на средновековната догматска настава и ширум ќе ги отвори вратите за учење со разбирање кое е многу важно во наставата.*

*Освен овој принцип* Коменски ќе постави барање и за постапност и систематичност во наставата што е важно за природата на детето. На различна возраст неопходно е соодветно прилагодување на наставата. Наставната содржина треба да се развива логички, а новата содржина

треба да произлегува од претходната, да има причинска поврзаност.

Кај принципот постапност Коменски наведува важни правила кои важат и денес: *од лесно кон потешко, од просто кон сложено, од блиско кон далечно, од познато кон непознато. Наставната материја мора да биде усогласена со душевните особини на возраста на ученикот и мора да биде добро распоредена. Говорејќи за потполноста тој нагласува дека наставата треба да се изведува постапно, по одредени степени: набљудување, памтење, сознавање, просудување, и сето тоа со јазична способност и способност на рацете.*

Бидејќи од учениците бара разбирање, Коменски инсистира тие да бидат активни, а учителот само да му помага. Коменски придава голема важност на *повторувањето и вежбањето, односно увежбувањето.* Учениците треба да учат напамет само она што го разбираат и треба да го запаметат само она што е битно. Сигурното памтење зависи од очигледното перципирање и јасното толкување. Одредени часови треба задолжително да се посветат на повторувањето. Коменски знаел какво значење има трајното знаење, па со вежбање се обидел да оствари што поголема практична употребливост на знаењето.

*Учител* - Коменски ја истакнува важноста на учителскиот повик. Тоа е возвишен повик и учителот треба да биде свесен за неговата улога во општеството. Тој треба да биде пример за учениците. Да биде внимателен и чесен, да го сака својот повик и децата кон кои треба да има татковски однос. Кај децата треба да буди жед за знаење. Коменски смета дека учителот одговорен и само тој е виновен за неуспехот во наставата.

*Учебник* - Коменски смета дека добрите учебници се неопходни за наставата. За секое одделение треба да има посебен учебник. Наставната материја во учебникот треба да биде пристапна и соодветна за возраста на учениците и да биде систематски распоредена. Пример за добар учебник е неговиот „Orbis pictus sensualium" каде врз основа на материјата во слики ги воведува децата во почетните претстави и поими за реалниот живот.

*За воспитанието* - Во „Голема дидактика" Коменски ги развива и своите погледи за воспитанието воопшто, а не само за наставата. Зборувајќи за физичкото воспитание тој препорачува умерен живот, здрава храна, физички вежби, работа и одмор. Зборува и за хигиената во училишната зграда. Силно го нагласува и *моралното воспитание* кое го заснова на христијанскиот морал.

Првенствено треба да се негува: мудроста, умереноста, машкоста (совладување на самиот себе) и праведноста, при што Коменски се повикува на Платон. Особено бара да се совладаат страстите и чувствата. Понатаму Коменски говори и за други доблести: за понизноста, за послушноста, добронамерноста, за почитување на постарите, вистинољубивоста, љубовта кон работата. *Примерот и моралните прописи, како и правилата ги смета* за главни средства на моралното воспитание. Првото воспитување е верското воспитување, што е во согласност со неговите верски погледи на свет.

*„Школо без дисциплина е како млин без вода“.* Коменски бара физичките казни да се исфрлат, а да се применуваат само за верски престапи. Дисциплината треба да се одржува преку примери, со правилна организација на училишната работа, со благонаклоност, а понекогаш и со прекорување. Наставата треба да биде привлечна. Во сево ова се откриваат педагошки погледи од ренесансното време.

*Значење -* Од целокупната работа на еден од најголемите педагози во историјата се гледа дека Коменски е жив гласник на најнапредните стремежи и мисли на своето време на подрачјето на педагогијата. Коменски ја воопштил најдобрата педагошка пракса и систематизираната теорија на своето и на дотогашното време. Тој е голем како педагошки практичар и теоретичар. Со тоа стекнал светска слава и делумно влијаел на подобра организација на поголем дел од европската настава и воспитание, а делумно и со своите значајни трудови и учебници кои придонеле за содржинско и методичко подобрување на наставата.

Коменски прв го изградил големиот педагошки систем без оглед на некои недостатоци за тоа време. Го осамостоил педагошкото работно подрачје и ширум ги отворил вратите за самостоен развој на педагогијата. Својот педагошки систем го засновал во склад со природата. Дел од неговиот воспитен систем е неговиот школски систем кој воспоставува единственост на школото и бара општа обврска за школување на основниот степен.

Коменски е против сколастичката настава. Се залагал за воведување на нови предмети. Основал и развил низа од наставни принципи (очигледност, систематичност, постепеност, пристапност, трајност, знаење, практична употреба на знаењето), формирал многубројни значајни организациски измени, односно новини (школска година, наставен час, одделение и друго). Дал многубројни методски упатства и напишал неколку

извонредни учебници. Со тоа настојувал да ја олесни наставата, да ја направи поприввлечна и темелна.

Коменски истакнува дека во наставата треба да се води сметка за детето, иако не можел да продре подлабоко во психолошката природа и знаење на младиот душевен живот. Добро согледувал некои психолошки фактори во наставниот процес (на пример внимание, интерес). Законитостите во наставата ги усогласувал со законитостите на природата. Појдовна точка за наставниот процес наоѓал во очигледноста на наставата која филозофски ја оправдувал во реализмот на Бекон: не е погрешно ако се каже дека Коменски е теоретичар на реалистичкото воспитание и воопшто основач на педагошката наука, а пред се на дидактиката. Тој во наставата не го воведува само индуктивниот пат во наставата, туку и методологијата на педагошкото истражување, зошто неговите искуства и искуствата на другите за него се важен фактор на дидактичките сознанија.

Коменски влијаел на педагошките погледи на современиците и подоцнежните големи педагошки личности, а влијаел и на школската пракса во југозападна Русија, Англија, Унгарија, Германија, Шведска и Холандија. Исто така, особено со учебниците, влијаел на работата во францускиот основно школство.

Коменски пишувал за физичкото, за моралното, а особено за верското воспитание бидејќи неговиот поглед на свет бил религиозен што се гледа во неговата воспитна цел и во содржината на наставата.

Како голем патриот се борел против германското угнетување на Чесите и се обидел да му помогне на својот народ со воспитанието и образованието кои ги изградувал на мајчин јазик.

## 4.2 ЏОН ЛОК

**(1632-1704)**

Меѓу најголемите личности и мислители на Англија кои искажувале напредни стремежи на младата буржоазија и новото племство во тоа време, покрај Бекон Веруламски, е секако и Џон Лок. Енгелс со право тврди дека Лок е „син на класниот компромис од 1688 година" што може да се види од неговите педагошки погледи. Неговото значење за историјата на филозофијата и педагогијата е неоспорен заради неговиот реализам кој се заснова на Беконовата филозофија, но Лок е, пред се, филозоф. Како филозоф тој е значаен првенствено заради неговите сознајно-теоретски погледи. По својот поглед на свет Лок е деист, а во теоријата на сознанието е материјалист, но недоследен.

Тој правилно го изведува сознанието од чувствата, од надворешното искуство, но допушта и некое внатрешно искуство (рефлексија) како самостоен извор на знаење, и со тоа влегува во дуализам. Неговиот недоследен материјализам е израз на компромисната општествена положба со новата англиска буржоазија.

**Живот и творештво**

Татко му на Лок бил адвокат. Уште за време на студиите во средновековното училиште ја замразува сколастиката. Кога почнал да го проучува Декарт се воодушевил од филозофијата и природните науки. Завршил медицина. Заради своите либерални погледи и пријателски врски со либералните политичари и со либералното благородништво морал во 1682 година да ја напушти Англија и да оди во Холандија. По револуцијата се враќа дома и го издава главното филозофско дело "Расправи за човечкиот разум" (1689). Своите педагошки погледи особено ги изложил во "Мисли за воспитанието" (1639).

Педагошките погледи и нивното значење

*Влијанија и филозофски погледи*-Педагошките погледи на Лок се формирани под влијание на *сензуалистичката теорија на сознанието и неговото време,* под влијание на тогашниот филозофски рационализам (Декарт), времето на просветителството и под влијание на заедничката борба на буржоазијата со новото благородништво против старата феудална кралска власт.

Со својот *сознаен материјализам* кој се развил под влијание на Бекон, Лок ги руши феудалните сфаќања за природните идеи (особено за правата за управување со државата), а воедно го основал и својот *педагошки реализам. Во социјалните погледи* верно ги изразува интересите на напредната буржоазија. Според него државата настанала со договор. Првобитно луѓето биле слободни заради што слободата е основно право на човекот. Тоа важи и за сопственоста. Овие социјални погледи биле напредни бидејќи го ограничувале апсолутизмот на кралот и врховната власт. Погледите на Лок владееле во целиот 18 век, особено во Франција каде Русо и материјалистите особено ги развиле и продлабочиле. Според *етиката* на Лок највисоката цел на човекот се состои во остварување на индивидуална среќа без оглед дали е во корист на човечката заедница.

*Воспитна цел-* Најголемо значење му придавал на воспитанието. Според Лок целта на воспитанието да се формира "џентлмен" со "здрав разум" со соодветно искуство и смисла за практична потреба. Но Лок не се задржал само на воспитание на разумот, тој опширно говори за *физичкото и моралното воспитание* кое теоретски внимателно го обработил. За воспитниот систем на Лок карактеристично е мислењето дека педагогот треба воспитанието првенствено да го стави во служба на практичниот живот и детето да го подготвува за таков живот.

*Физичко воспитание* - Џон Лок прв детално ја обработил теоријата за телеснот/физичкото воспитание. Придржувајќи се на принципот "здрав дух во здраво тело", Лок барал децата да го јакнат своето тело, да не носат премногу тесна облека и да не го затоплуваат телото. Во секое време, во секое доба децата треба секој ден да се на воздух. Храната треба да биде едноставна и да внимаваат на премногу зачинета храна и опоен пијалак. Детето треба рано да си легнува и рано да се буди и не треба да биде мрзеливо. Корисни се и детските игри на свеж воздух.

Според реализмот на Лок детето е личност која се развива како целина и затоа е потребно да се почне плански да се воспитува телото. Според Лок физичкото воспитување е услов за човековата среќа .

*Морално воспитување* - Карактеристично за Лок е што новите буржоаски погледи на етиката ги применил и на моралното воспитување. Теоријата на Лок за моралното воспитување во споредба со Коменски значи многу голем напредок. Џон Лок во моралот и дава предност на користа на поединецот. Како мерка за доброто

и злото Лок го одредува чувството на задоволство и угодност, а како мерка за болката чувството на нелагодност, на болка.

Лок ја истакнува дисциплината на духот. Најважна задача на моралното воспитување е: да се формира карактер, дух, да може човек да владее со себе, да ги контролира страстите, да го подредува животот на разумот и така да се осамостојува.

Со морално образование треба да се почне уште во раната младост. Детето не смее во се да се задоволи. Лок бил свесен дека последиците на раното детско воспитување се чувствуваат низ целиот живот.

Посебно внимание Лок посветува на воспитување на дисциплината и нејзините методи. Во детството мора да се изградува дисциплината кај детето врз основа на безусловен авторитет на воспитувачот. Лок е против претерана строгост, но ако детето е тврдоглаво треба да се примени казна.

Особено значење им припишува на пофалбата и укорувањето. И едното и другото треба да влијаат на честа и срамот. Стравот од срамота треба да биде појак од стравот од казната (аристократски принцип). Децата не треба да се наградуваат за извршената должност.

Многу важен метод на моралното воспитување се состои во *поучувањето* со кое треба да се почне порано. Децата сакаат со нив да постапуваме како разумни луѓе. За Лок најважното морално-воспитно средство е во добриот *пример, приликите и околината.* На детето најмногу ќе влијаат: општеството во кое живее и постапките на тие што се грижат за него.

Непогрешлив метод на моралното воспитување е *навикнувањето*, зашто *приучувањето на добрите навики* е основа на моралното воспитување. Децата треба да се навикнуваат за поднесување на болки, на издржливост, на совладување на непотребен страв, на човечност (убаво постапување со животните, учтивост кон луѓето) на работа.

Лок не ја сака мрзливоста. Таа е за него најголем порок. Тој обраќа внимание да се преиспитаат причините за мрзеливоста. Кај децата треба да се развива волјата за работа и да се укажува дека е штетно да се губи времето.

Лок советува дека сите луѓе не се еднакво способни. Треба да се води сметка за индивидуалните особини на детето. Разликите во способностите се делумно и наследни. Економските услови не се пресудни, но него негира влијанието на околината. Според Лок човекот многу може да постигне со своето воспитување.

*Религиозно воспитување* - Лок смета дека детето треба да има поим за бог како доброчинител и создавач на светот.

*Умствено воспитување* - За филозофијата и педагошката насоченост на Лок карактеристични се неговите погледи на умственото воспитување, на целите на образованието, на содржината и методот на настава. За него е важна практичната цел што говори дека е утилитарист. Повеќе од наставата го цени моралното воспитување, волјата за работа и убаво однесување, чесноста, љубовта кон вистината која повеќе вреди од знаењето.

Според Лок образованието треба да се скрати и поедностави, од една, и да се прошири и прилагоди на практичните потреби, од друга страна. Во наставата не се работи да бидеш учен, ами воспитно образован човек. Лок ги претпочита предметите: читање, пишување, цртање (само за талентираните), мајчин јазик, француски, а подоцна и латински јазик, за основни и важни работи од географијата, анатомијата, астрономијата, историјата, аритметиката, геометријата, хронологија, етика, граѓанско и природно право, природна филозофија (општи природни закони). Грчкиот јазик е само за научниците. На "џентлменот" не му е потребно да научи се. Доволно е ако му покажеме како само понатаму да се образува.

Образованиот човек мора да владее и со неколку вештини (игра, јавање, мечување), но само до толку за да го јакне своето тело. Лок препорачува и некои други вештини: столарство, градинарство и др. За него музиката е на последно место. Во секој случај времето треба максимално да се користи, а да не се седи без потреба.

Во врска со *наставните методи* Лок дава многу убави совети. Во почетокот наставата треба да биде *интересна,* детето да се мотивира, да се заинтересира. Детето треба да се научи да чита играјќи си со коцките на кои се испишани буквите. Наставата по пишување треба да дојде по наставата за читање.

Странските јазици најпрво треба да се учат низ разговор. Откако детето ќе принаучи да зборува следи учење и на граматика. Лок е против сколастичката настава, против бубање и учење напамет. Содржината не треба да се усвојува пасивно, ами треба да се развие разумот, способноста за докажување, заклучување, логички да се мисли. При тоа математиката има големо значење.

*Индивидуално воспитување* - Согласно аристократскиот и буржоаски индивидуализам на Лок негов принцип е дека *воспитувањето треба да биде*

*индивидуално, а воспитувањето во школото, општо земено, е негативно.*

Најслабата страна на педагогијата на Џон Лок е што сите видови на воспитување ги насочува само за побогатите слоеви. А децата на посиромашните што поскоро треба да се научат на работа. За нив се текстилните школи. Неговите педагошки погледи се исклучиво класно диференцирани.

Значење- Ако Коменски расправаше за дидактички прашања, Џон Лок првенствено се занимаваше со проблемите на воспитувањето, а пред се за моралното воспитување. Неговите педагошки погледи се пред се за воопштување на тогашното англиско воспитување особено за телесното негување и издржливоста, до формирање на карактер, волја и разумен, практично насочен човек. Со својата педагогија Лок дал значаен придонес на таквото воспитување.

Педагогијата на Лок е насочена во корист на поединецот и општеството, филозофски изградена на сензуалистичко и непоколебливо почитување на "буржоаскиот разум" кој за Лок значел исто како и "нормалниот разум". Насоченоста кон општествената корист е црта која владее и е присутна во целата негова педагогија, воспитување на разумот како главна душевна сила која треба да управува со целокупниот човечки живот. Тоа е една од првите воспитни задачи.

Се разбира, Лок оди предалеку во практичното воспитување, а помалку внимание посветува на чувствата, на емотивните моменти во воспитувањето. Но, сите негови идеи за воспитувањето се мошне значајни и извршиле влијание на француските просветители и француската педагошка мисла од 18 век.

## 4.3 ЖАН ЖАК РУСО

**(1712-1778)**

Русо е меѓу најзначајните учени во Франција од 18 век кој во педагогијата делумно ја продолжува сензуалистичката традиција на Џон Лок, а делумно на својствен начин протестира против средновековното воспитание при што во воспитниот процес централно место зазема детето, неговите душевни и развојни особености, а посебно се залага, односно бара негова активност. Ќе се спротивстави на рационализмот и ќе го победи на свој оригинален начин.

### 4.3.1 Живот и творештво

Роден е во Женева. Имал тешка младост, а подоцна и бурен живот, вистински живот на буржоаско-демократски борец за нов општествен поредок и нова култура. Во неговата младост треба да се бараат неговите идеи за воспитувањето на детето.

Мајка му умира при породувањето, па така Русо ќе има недостаток на мајчина грижа, љубов и нега. По природа бил слабичко и чувствително дете. Татко му ќе се прежени, ќе ја напушти Женева, а грижата за детето ја препушта на роднини. Цело време Русо ќе му се посветува на образованието. Читал многу особено делата на славните филозофи Декарт, Лок и други.

По доаѓањето во Париз се запознава со писатели и филозофи, особено со Дидро со кого се спријателува. Во 1750 година ќе напише расправа во која одговара на прашањето за кое академијата во Дижон распишала конкурс: "Дали напредокот во науката и уметноста придонел за загрозување или подобрување на моралот?„. Русо одговорил дека моралот слабеел поради напредокот на цивилизацијата. Ефектот од неговата расправа бил голем.

По неколку години истата академија распишала нов конкурс за најдобро решение на прашањето: "За изворот на нееднаквоста меѓу луѓето", Русо повторно ќе се јави. Во 1762 г. ја објавува расправата "Општествен договор". Во првата расправа Русо докажува дека нееднаквоста се зголемува со напредокот на цивилизацијата и дека изворот на нееднаквоста лежи во приватната сопственост. Во вториот дел ја развива мислата која ја застапувал и Лок, дека државата настанала со доброволен договор на луѓето. Оваа мисла на Русо добив многу појасен подемократски облик. Остра критика на феудалното уредување и сталешките разлики Русо ќе изложи во романот "Нова Елоиза".

Главното педагошко дело на Жан Жак Русо е „Емил или за воспитанието“ (1762). Книгата содржи елементи на роман и расправа, а идејно значи *напад на феудалното воспитание и сколастичка школа/сколастичко учење и истовремено дава слика на идеалното воспитание.* Во ова дело остро ја напаѓа професионалната религија и црква и се залага за принципите на деистичката вера заради што ќе предизвика силен отпор кај католичката црква и свештенството.

Книгата ќе биде запалена и изгорена на плоштадот среде Париз, а на Русо ќе му се заканат со прогон и затвор. Бега во Берн, а потоа во Англија. Поради жесток прогон кој траел неколку години кај него ќе се јави душевна болест дека некој постојано го гони. По многу години се враќа во Франција и ја пишува својата автобиографија „Исповеди“. Го завршува животот во Франција.

### 4.3.2 Педагошките погледи и нивното значење

*Појдовна точка* -Кога зборуваме за Русо како голем педагог, социолог, филозоф и писател, треба да се знае дека бил гласноговорник на буржоазијата; тој не е гласник на експлоататорската класа, ами на напредната буржоазија. Тој е на некој начин застапник на идејата за еднаквост на сите луѓе.

*Морално воспитание* - Како идеолог на еднаквоста, на природното право и природната вера-врховната власт да му припаѓа на народот и луѓето да не се разликуваат по вера, Русо ќе стане претставник на *природното воспитување.* Тој го величел култот кон природата. Познат е неговиот принцип: Да се вратиме кон природата/Назад кон природата. Неговиот емотивен однос кон природата особено го зајакнува најголемиот претставник на тогашната француска наука Бифон (Buffon). Кај Русо повторно наидуваме на принципот: воспитувањето треба да биде во согласност со природата, но овој принцип кај него ќе оживее во една нова варијанта, различна од онаа пред двесте години кај Коменски. Наспроти Коменски кој ги изведува принципите и методите на воспитување и настава од складноста со природата однадвор, Русо мисли на природата на детето за кое безусловно треба при воспитувањето да се поведе сметка и да се направи прилагодување. Значи воспитувањето треба да биде во согласност со собините на природата на детето.

Од овој негов принцип произлегуваат сите негови барања: мајката сама треба да го дои детето, никој не смее да се меша во развојот на детето и да не го забрзува, а тоа е сржта на неговата теорија *за слободното воспитување.*

*Тројно воспитување* - Русо говори за тројното воспитување: воспитува *природата, воспитуваат луѓето и воспитуваат предметите.* Природата воспитува со тоа што во нас ги развива способностите и органите. Луѓето не воспитуваат нас така што не учат да го употребуваме она што природата го развила во нас, а тоа се способностите. А предметите не воспитуваат тоа што го стекнуваме со сопственото искуство за околината која влијае на нас. Услов за добро воспитување е:*складност на сите три видови воспитување.* Од нас најмногу зависи она воспитување кое им го даваме на луѓето, а делумно она што го даваат предметите, а сосем независно од нас е она воспитување што го дава природата. Воспитувачот во својата работа мора да се подреди на природата на детето, на децата да им ја остави слободата.

*Задача на воспитанието - Задачата на воспитувачот, според Русо, е да создава што подобри услови за развој на детето, за негово стекнување на што повеќе искуство и да го зближи со природните последици на неговите дела. Со тоа искуството на детето го поставил на прво место.*

Русо својата верба ја заснова врз големата верба во природата на детето, на вербата во човекот, на својот хуманизам кој го темели на уверувањето дека човекот по природа е добар и дека помеѓу луѓето постојат бескрајно мали разлики: „Се е добро што доаѓа од рацете на творецот, но во рацете на човекот се пропаѓа... човекот ништо не сака како што го сторила природата, па ниту човекот кој го дресира за себе како коњ за јавање“ (Емил или за воспитанието).

Вистинското воспитување мора најпрво да биде негативно. Само така детето може да биде доведено до неговата првобитна и човекова стварност.

*Детето-посебен свет*-Русо многу високо го ценел воспитувањето од кое очекувал дека ќе го промени општеството. Општеството ќе биде добро само ако воспитувањето е во служба на природниот развој.

Значењето на Русо е во тоа што јасно и решително тврди дека природата на детето се разликува од природата на возрасниот човек, дека детето не е возрасен човек во смалена форма, дека кај детето треба да зборуваме за специфичен телесен и душевен развој, значи

за фазите на развојот кој ги вклучува и психичките особини. Не го познаваме детството: доколку се потпираме на погрешни идеи повеќе се лажеме. Најголемите научници се занимаваат со тоа што луѓето мора да знаат, а не мислат што можат и колку се способни луѓето да разберат. Секогаш кај детето бараат возрасен човек, а не мислат за тоа што било детето пред да стане возрасен човек („Емил или за воспитанието“).

*Слободно воспитување* - Во најтесна врска со учењето на Русо за природното воспитување е неговото претходно учење за *слободното воспитание.* Во согласност со неговото убедување за чистотата на човекот е неговата глава цел: *потребно е да се воспита слободниот човек кој ја цени слободата пред се.* Затоа и воспитувањето треба да биде слободно и по методите и по организацијата. Русо ќе влезе во еден вид противречност: од воспитаникот очекува се, од една страна, а исто така се и од страна на воспитувачот. Русо не му признава водечка улога на воспитувачот во воспитниот процес со што оневозможува планско усвојување на наставната материја, ја идеализира природата на детето, ја преценува улогата на биолошките фактори во детскиот развој и му порекнува право на општеството да *одредува воспитни цели.*

Заложбите на Русо се против догматизмот и феудалната сколастичка школа, против насилството и борбата за слободен човек, за ослободување на творечките сили на детето. Кратко речено, Русо се бори за демократизација на воспитанието.

*Воспитна цел* - Русо се залага за воспитување на *човекот.* Но неговите барања се на некој начин претерани, зашто смета дека децата сами доаѓаат до се.

*Развојни степени кај детето* - Човековиот развој Русо го дели на четири, односно пет степени (петтиот степен за него значи потполна зрелост и оспособеност за семеен живот). *Прannual степен е од раѓањето до втората година. Тоа е време на сетилни впечатоци, згоди и незгоди, време во кое детето ја чувствува својата немоќ, располага со плач и солзи, време на телесна нега која завршува со говор на детето. Вториот степен трае од втората до дванаесеттата година.* Тоа е време кога детето не е ниту човек, ниту животно, туку само дете; тоа е време кога “разумот спие“. Во овој степен најпрво се развиваат сетилата. Третиот степен е од дванаесеттата до петнаесеттата година и претставува период на умствено воспитание. Четвртиот степен трае од петнаесеттата година до полнолетството, до дваесеттата година и тоа е време на *морално воспитание.*

Русо сакал воспитанието да се потпира исклучиво на познавањето на развојот на детето и во психологијата да најде цел и методи за воспитна работа. Русо грешел кога воспитните цели ги изведувал од природата на детето иако во тоа време таа грешка била разбирлива за психолошките особености во развојот на детето, како и за периодизацијата во развојот на детето.

Се разбира дека тврдењето на Русо е необично кога вели дека детето не треба да учи се до дванаесеттата година и дека е достапно за примање на моралното воспитание дури од петнаесеттата година. Со тоа Русо влегува во противречност, зашто во "Емил или за воспитанието" говори за умственото и моралното воспитание веќе пред дванаесеттата година.

*Прв степен - Во првиот степен од* развојот на детето најпрво е *телесното воспитување.* Русо ги советува мајките сами да ги дојат децата и при повивањето да не ги стегаат. Родителите сами треба да ги воспитуваат своите деца. Русо бара многу од воспитувачите. Тој мора и самиот, пред се, да биде човек, да биде мудар и добро воспитан, да биде пример за воспитаникот и да му биде пријател и другар. Детето треба уште во почетокот да јакне и да стекнува навики. Насила не треба да го развиваме неговиот говор, итн.

*Втор степен* - Русо смета дека во ова време детето е способно да мисли само конкретно што е погрешно. Но, неговата заслуга е во тоа што предлага особена грижа да се посвети на воспитување на чувствата/сетилата. Во тој период треба да се продолжи со телесното воспитување (шетање, работа во градина и др.). Русо е против тоа детето морално да се поучува во тој период, зашто се уште не е способно за прифаќање на морални поими.

Наспроти свирепите методи на казнување познати во феудалното воспитување, Русо препорачува дисциплина со природни казни. Детето треба да ги почувствува последиците од своите постапки. Ако нешто скрши во домот не треба веднаш да го поправаме. Нека почувствува дека без тоа е тешко. Русо е првиот кој го прогласува "*принципот на природни последици".* На последиците детето ќе почувствува и дознае што е должност, неопходност, невозможност. Но, Русо греши кога тврди дека тоа е единствено воспитно средство. Русо е против систематска настава на таа возраст. Со тоа тој го ослободува детето од книгата која е причина „како најголемо зло за детето". Детето не треба да се присилува да научи да чита и пишува. Детето треба да ја набљудува природата. Ако така расте ќе биде силно, самостојно,

љубопитно и ќе биде снаодливо. Тоа не е протест против знаењето од книгата, ами против книгата на феудализмот.

*Трет степен* - Третиот степен е време на сфаќање на науката. Детето има многу сила и треба да ја употреби за стекнување на знаење. При тоа треба да се грижиме децата да го учат она што навистина ќе им користи. Треба да се отфрлат хуманистичките науки (особено историјата), зашто децата се уште не ги разбираат моралните поими и односите меѓу луѓето.

На прво место тој ги става предметите од науката за природата (земјопис, астрономија, физика) но, потполно ја отфрлил веронауката. Тоа е неговата голема заслуга. Но, уште пред тоа децата треба да учат читање, пишување, сметање и геометрија. Историјата спаѓа во четвртиот степен на возраста.

Учителот треба својата работа да ја гради врз основа на љубопитноста и личниот интерес на детето и во него нека ја развива самостојноста, активноста и способноста за забележување. Со тоа Русо покажува дека не му е важно детето само нешто да научи, туку со наученото да ги развива своите активности. Тоа претставува најголем придонес на Русо во дидактиката. На Русо му е познат и принципот на очигледноста, но го сфаќа пошироко, така што во поимот очигледност го вклучува и целокупното набљудување на животот и природата. Од тој аспект во наставата се важни излетите. Ученикот треба да разбира се и многу да набљудува ( на пример ѕвездите, растенијата и животните во животот и во збирките) треба да истражува и за тоа да разговара со учителот. При набљудувањето и проучувањето треба да биде што е можно посамостоен. Учителот го упатува, а тој треба да стекне знаење колку му се чини дека е потребно. Се разбира, Русо и овде делумно греши, зашто ученикот сам нема да дојде до систематско знаење, до научни сознанија и навика за самостојна работа ако нема сигурно планско водство и помош од учителот. На Русо не му е до учебник. Единствена книга што Русо му ја препорачува на Емил е „Робинзон Крусо“ од Даниел Дефо. Робинзон живее на осамениот остров, потполно оставен на неговата снаодливост во животот.

Русо многу го ценел *работното воспитание.* Секој граѓанин е никој и ништо ако не работи без оглед дали е богат или сиромав. Треба да се познаваат селските работи и детето треба да научи некој занает (пр. столар). Така ќе се запознае со работата во животот и *ќе се воспита низ работата.* Нека работи како селанец, а нека мисли како филозоф. Овие погледи на Русо се карактеристични за претставниците на ситната буржоазија. Русо смета дека

вака воспитаното дете при крајот на третиот степен има развиен разум.; способност да стекне знаење и дека ваквото знаење стекнато на оваа возраст е цврсто иако не е обемно. Главен недостаток на таквото знаење е што е недоволно, не е доволно систематско и разновидно.

*Четврти степен* - Во моралното воспитание се работи за живот во општеството, за уредувањето на односите меѓу луѓето, и затоа Емил кој до шеснаесеттата година живее на село, морал да се врати во град. *Моралното воспитание е јадро од воспитни задачи кои го сочинуваат четвртиот степен.* Сега воспитувачот треба да го формира чувствителниот свет на воспитаникот. Кај воспитаникот се будат пријателски чувства кон другиот пол при што сочувствува и со другите. Кај воспитаникот треба да се развива вградува љубов кон другите, да се развива „воспитување на срцето“, благородни чувства. Најважен е примерот. Воспитаникот треба да се воспитува низ примери од историјата заради што ќе стане способен за апстракција. За тоа се особено важни биографиите. Задача на моралното воспитание е и воспитување за добрината.

Русо го вклучува Емил во општеството со цел морално да го воспита. Со тоа покажал дека нема морално воспитание надвор од односите меѓу луѓето и општеството.

Околу седумнаесеттата, осумнаесеттата година се појавува прашањето за религијата. Но младиот човек не треба да се воспитува во духот на некоја позитивна вера, некоја конфесија. Иако овие погледи на Русо се погрешни, тие се значајни за тоа време со оглед на авторитетот на католичката црква.

Во тој период кај младичот се јавуваат полови потреби и полови страсти, зашто тоа е време на “бурата и страстите“. Русо дава многу добри совети во врска со половото воспитание. Но, мора да се внимава да не се претерува, не треба децата да читаат еротски книги и оделото не треба да им биде многу тесно. Младичот треба многу да се движи, да работи физички, да јакне и рано да се буди.

Информациите за половиот живот се потребни, но треба да се одложуваат. Ако детето поставува прашања за половиот живот, ние треба да го избегнуваме одговорот или да премолчуваме. *Но никако не е добро да лажеме.* Кога ќе дојде време треба да му објасниме на детето, смирено, едноставно и сериозно. Не е добро тоа да дознава за тие работи таму каде што се говори со грд јазик.

*Воспитување на жената* - Сфаќањата за жената на Русо не се прогресивни. Тој смета дека помеѓу мажот и жената има големи разлики и тоа во мисијата, способностите и занимањето. Според него жената треба да раѓа деца и да му угодува на мажот и да се грижи за неговата среќа. Нејзиниот разум е добар, но не е продорен и длабок. Поради овие разлики жената треба поинаку да се воспитува од мажот. Таа треба да се грижи за куќата и мажот, телесно да се воспитува за да роди здраво потомство. Треба да биде послушна, скромна, умерена и човечна. На жената не и треба сериозна умствена работа. Жената треба да му биде подредена на авторитетот. Вакви сфаќања за тоа време се одраз на ситнобуржоаскиот начин на мислење чиј идеолог бил Жан Жак Русо.

*Погледите на Русо на воспитанието во идеалното општество.* Во своето дело „Емил" Русо го решил прашањето како треба да се воспитуваат децата во општеството . Според него потребна е складност помеѓу индивидуата и општеството, а главно средство за тоа е *граѓанското воспитание.* Кај луѓето треба да се гради, да се воспитуваат на љубов кон општеството за да се одрекнат од се што ќе му штети на општеството. Граѓанското воспитание е гаранција за слободата на поединецот и за патриотското воспитание.

Дејствувањето на Русо е во функција на *воспитување за праведно општество. Со тоа и самото воспитание доаѓа до степен на природно воспитание што претставува идеал на Русо. Така, со своите идеи во "Емил", како и со својата социјална филозофија Русо значително ќе влијае и на водачите на француската револуција (1771-1774).*

Русо верувал дека праведното општество ќе ја сочува личноста на своите граѓани, а тие својата личност уште повеќе ќе ја развиваат со исполнување на општествените обврски. Русо тврдел дека е потребно преуредување на општеството за да се подобри воспитанието. Од тука се гледа материјалистичкиот елемент на неговата педагогија бидејќи јасно е истакната примарната зависност на воспитанието од општеството.

*Значење* - Природата и слободата се неговите две основни филозофски, социолошки, политички и педагошки погледи. Русо ќе стане гласник на идеите за братството, слободата и еднаквоста, но ќе биде контроверзен кога е против феудализмот, а истовремено ја идеализира економската и социјална околина на ситните поседници.

Грешките на Русо се мошне јасни заради што ќе биде критикуван. Имено, во стремежот да го одвои детето

од феудалното општествено уредување, Русо оди предалеку кога во првиот степен од развојот на детето воспитаникот го одвојува од влијанието на општеството. Да се одвојува детето  од соодветното воспитание –до дванаесеттата година да се работи само за претстави и култура на сетилата, до петнаесеттата година за умствениот развој и умственото воспитание, а после петнаесеттата година за моралниот развој и воспитанието- тоа значи да се сфати развојот на детето шематски и вештачки. Неприфатливо е обожавањето на природата на детето да биде централен дел на воспитанието и од тоа создава воспитен императив. Не е за систематско знаење и учебници. Русо греши во методот на воспитување кога е за воспитување само на индивидуата, на човекот како поединец, отколку да се стреми за воспитување на човекот за општествената заедница. Премногу очекува од детето, од неговата самостојна работа и мислење, а малку значење му придава на авторитетот на воспитувачот. Иако од родителите бара да ја посветат сета грижа за детето Русо со тоа  сопствениот воспитаник го одделил од семејниот живот. Очигледно неговиот поглед за жената и женското воспитание се реакционерни.

Најочигледни противречности за воспитанието на Русо се: бара воспитанието да води апсолутна сметка за природата на детето и нејзиниот  развој; Русо забранува воспитаникот да го воведуваме во културата, а воедно сам го запознава со културниот напредок; бара да се почне со умствено и морално воспитание после дванаесеттата година, а со моралното воспитание после петнаесеттата година, а самиот почнува со нив порано; забранува да се влијае на развојот на детето, а истовремено од воспитувачот очекува многу: бара жената во се да му биде подредена на мажот, дури и во  мислењето, додека истовремено истакнува дека таа во умствен поглед не му е рамна.

Без оглед на сите недостатоци Русо силно влијаел на педагогијата на тоа и идното време, бидејќи со своите педагошки погледи грчевито се спротивставувал на сколастичката наставно-воспитна закржлавеност во содржината и методите, а воодушевува со својот воспитен демократизам. Посебно Русо е важен со своите сфаќања и заложби воспитанието треба да биде во склад со природата, поврзување на наставата со околината и искуствата на детето и неговиот живот, истакнување на активноста на детето, негување на сетилата и рацете, отфрлање на празен наставен механизам, а за реалистичко образование, телесно и работно воспитание, искрено почитување на човековата личност и личноста на детето. Сето тоа  педагошки заложби кои ќе влезат во

состав на воспитната традиција иако е познато дека тој ќе се потпре на поранешните идеи на Џон Лок и на Монтењ.

Особено значење имаат педагошките идеи на Русо од подоцнежните списи од кои се гледа дека воспитанието најтесно го поврзува со општеството и дека тоа првенствено зависи од општеството; општеството треба најпрво да се преуреди за да ја подобриме воспитната работа и поединецот треба да се воспитува во праведно општество за праведна работа и со граѓанско воспитание, а тоа значи висок степен на природно воспитание и претставува идеал на Русо.

Малку се успешни обидите неговите погледи да се остварат во школската пракса (на пример во втората половина на 18 век во Германија). Но сепак Русо дал силен поттик за подоцнежната психологија на детето и младешкиот период

## 5. ПЕДАГОГИЈА НА ДЕВЕТНАЕСЕТТИОТ ВЕК ОПШТЕСТВЕНИ СОСТОЈБИ

Француската буржоаска револуција, која ќе ја отвори новата историска ера, ќе предизвика во цела Европа, а особено во Франција, многу остри реакции. Буржоазијата мора уште многу да се бори против феудалната сила во овој период.

За 19 век во економски поглед многу значаен е силниот развој на индустријата. Машинското производство на почетокот на овој век, најбрзо ќе се развива во Англија, потоа во Франција па во останатите држави во Европа. Во Германија капитализмот многу поубаво ќе се развива поради политичката поделеност на државата.

Во првата половина на 19 век во Германија (со исклучок на западниот дел) сеуште владеат земјоделците кои исто така го определуваат темпото на развојот на индустријата во земјата. Во другиот дел на овој век, индустријата ќе почне забрзано да се развива во Прусија. Од друга страна пак Русија во однос на ваквиот развој припаѓа меѓу најзаостанатите држави во Европа.

Релативно брзата индустријализација ќе го зголеми богатството и моќта на буржоазијата. Поради ова таа започнала да созрева во поглед на соочување со феудалците, но не насекаде одеднаш и не подеднакво. Во овој период се јавуваат нови судири во индустријализацијата во делото на општественото уредување наречено пролетеријати.

Најбитни социјални погледи во почетокот на 19 век предизвикале т.н. утопистички социјалисти, што всушност претставувале критика на капиталистичкото искористување. Бидејќи на почетокот на векот работничката класа сеуште не е развиена доволно, не е способна за самостоен политички настап, бидејќи класната борба помеѓу пролетаријатот и буржоазијата не е доволно заострена, па затоа и насоките сеуште не се револуционерни. За разлика од нив утопистичките социјалисти имале идеа како да изградат ново општество во кое ќе се ублажат социјалните затегнатости, а ќе се критикуваат капиталистичките погледи и нов тип на воспитување. И покрај тоа што идеалистички ги решавале проблемите, утопистичките социјалисти со својата богата критика на капиталистичкиот слој, допринеле нивните спротивставености да се разјаснат и на тој начин социјалистичката мисла да добие научен карактер. Во овој научен дел најголем придонес ќе имаат Маркс и Енгелс кои во средината на 19 век ќе потпомогнат во развојот на капитализмот.

Капитализмот многу брзо ќе се развие после 60 те години на минатиот век кога буржоазијата ќе почне да се поврзува во меѓународни рамки. Така ќе настане актуелно прашањето за меѓународната работничка организација. Како поттикнувач и творец на таквата организација биле Маркс и Енгелс. Главниот успех на т.н. Прва интернационала е во тоа што кај работничката сила победува духот на научниот социјализам.

Научниот социјализам чие филозофско мото го сочинува дијалектичкиот материјализам, не е производ само на економско-политичката ситуација и социјалните погледи, туку и врз основ на целокупниот културен развој, како во науката така и во филозофијата. Во 19 век природните науки ќе доживеат повторна доминација, природните науки кои за природните појави ќе расправаат како процес (геологија, ембриологија, физиологија) настанува појавата на еволуционизмот, појава на значајни научни откритија (пр. Законот за зачувување на енергијата, наука за развојот) кои всушност претставуваат вистинска духовна револуција.

Во филозофски поглед, Кантовата филозофија била значајна за влезот во 19 век. Кант го означува врвот на филозофската просветителска ера. Неговата филозофија е дуалистичка и слична со онаа на Декарт. И Кант во својата филозофија прави компромис во поглед на науката и религијата. Од една страна ја признава стварноста сама по себе, а од друга страна преку "практичниот разум" со помош на етиката го става Бог како основа на моралот. Таквиот дуализам произлегува од

потребата на буржоазијата за природни науки, но не изоставувајќи ја страната за потребата на народот за религија. Ваквите сфаќања на Кант ќе имаат силно влијание врз швајцарскиот педагог Песталоци.

Кант не е основач на никаква педагошка теорија, но неговиот однос кон педагогијата е доста присутен. Тој бил воодушевен од делото на Русо "Емил", но во развојот на педагогијата е присутен преку етичкиот дел (човекот е автентично суштество кое тежнее за совршенство и извршување на своите должности) како и преку неговата теорија за спознанието.

Кон крајот на 18 век и почетокот на 19 век буржоаската револуција ќе го доживее својот најголем врв во германската класична филозофија која ја започнува Кант, а во потполност ја изразува Хегел.

Појавата на науката, материјалистичката дијалектика и воопшто научниот социјализам се поврзани со будењето на работничката класа. Појавата на нова општествена сила овозможува да дојдат до израз нови погледи кон историјата, природата, општеството и мислењето, ослободени од експлоататорските предрасуди. Марксизмот ќе претставува нов, квалитетен степен во развојот на филозофијата. Тој настанува како научен развој на Хегеловата дијалектика и затоа претставува единствено логички продолжеток на највисоките дотогашни филозофски достигнувања. Марксизмот не се заснова само на разбирање на светот, туку и неговото менување. После париската комуна, марксизмот ќе стане водечка идеологија на пролетаријатот и нивниот поглед на светот. Маркс и Енгелс преку своето филозофско гледиште повторно критички ја осветлиле дотогашната идеологија и поставиле нови видици кон сите духовни подрачја.

19 век бил бурен како на економски така и во политички поглед, но воедно бил богат и во поглед на филозофијата. Помеѓу главните правци во втората половина на 19 век ќе се зацврстуваат филозофијата на позитивизмот, новокантовата филозофија и прагматизмот. Ваквите мисловни правци на буржоазијата ќе ја зацврстуваат истата како класа. Во насока на тој правец започнува и идејната борба на буржоазијата против научната филозофија, односно идејната борба на таа класа наспроти интересите на пролетеријатот.

Според позитивизмот човековиот разум воопшто не е способен да ја сознае суштината на појавите, а од друга страна новокантовството, ваквата неспособност ја препишува на разумот на општествените случувања. На ваков начин само се отворила вратата на најразлични

мистични објаснувања на светот и општеството. Класната заинтересираност на буржоаската филозофија покажала голем интерес кон прагматизмот, кој се појавува на крајот на 19 век според кој се смета за вистинито сето она што е корисно, а се однесувала на она што е од корист на буржоазијата.

Економско-политичката реалност и сите водечки идејни филозофски правци на 19 век на еден или на друг начин се појавиле и во педагогијата на која ќе и дадат сосема нов лик. Педагогијата на просветителската ера била завршена и во педагошкото подрачје ќе се посвети повеќе на филозофијата, утопистичкиот социјализам и книжевните творци кои можеби само индиректно ќе допрат дел од педагошките проблеми.

На западноевропската педагошка култура ќе и се придружи во оваа ера и руската педагошка мисла која во сопствените граници ќе биде во конфликт со застарените сфаќања во делот на воспитувањето, идеите за непосредното размислување за општеството во Русија.

## 5.1 ЈОХАН ХАЈНРИХ ПЕСТАЛОЦИ (1746-1827)

Делото на швајцарскиот и светски педагог Песталоци значи преод од педагошкото просветителство во педагогијата на 19 век. Заради вонредното практично воспитание, пожртвуваност и целосна преданост на педагошката мисла, неговата личност е пример како треба да му се служи на човечкиот и културен напредок.

### 5.1.1 Живот и творештво

Јохан Хајнрих Песталоци е роден во Цирих-Швајцарија. Татко му бил лекар и умрел многу рано. Во раната младост е воспитуван од мајка му со нежни женски чувства. После завршувањето на елементарното и латинско училиште се запишува на Collegium Carolinium (каде студира филологија, филозофија, право земјоделство и нешто теологија). Тие години се важни за школувањето на Песталоци и за формирањето на неговата личност, како и за неговото филозофско и политичко ориентирање. Под влијание на неговиот професор станал близок до германската просветителска филозофија на Лајбниц, Волф, Кант.

За разбирање на политичките погледи на Песталоци мора да знаеме каква е тогашната економско-политичка положба во Швајцарија. Во втората половина на 18 век во Швајцарија почнале да се развиваат капиталистичките односи. Мануфактурното производство се повеќе се ширело што одело на штета на сиромашните и малку поситуираните. Сиромаштијата раѓала социјални неволји, а се ишреле и болести и пораст на смртноста.

Пред крајот на 18 век Швајцарија ја зафаќа буржоаско-револуционерно движење. Почнала борба меѓу буржоаските стремежи за централизација на Швајцарија во единствена република што во суштина било борба за внатрешна трговија, и помеѓу стремежот на феудалната аристократија која се борела за кантонално феудално уредување. Ова движење го поддржувала Франција. Во 1789 година француската влада ќе ја претвори Швајцарија во „единствена и неделива“ Хелветска република. Освен внатрешните борби Швајцарија е погодена и од зависноста на Франција.

На борбите помеѓу буржоазијата и аристократијата, на унитаристите и федералистите ќе се придружат и селските буни. Селаните морале да плаќаат големи даноци. Сето тоа го искористува Наполеон кој ја покорува Швајцарија. Така, Швајцарија одново ќе биде преуредена како држава со деветнаесет автономни кантони, додека собранието одговарало за дипломатски и воени прашања.

Тешката социјална положба и слабото образование силно ќе влијае на Песталоци. Тука ќе помогне работата на друштвото на патриотските интелектуалци кои ќе се грижат за селските прашања од културен аспект. Но властите ќе бидат против ова здружение, а Песталоци ќе го затворат.

Песталоци ги напушта студиите бидејќи не сакал да учи теологија. Противник на автократијата е и сакал да стане правник, но од тоа го одвраќаат пријателите поради слабото здравје и неможноста да добие вработување од страна на властите.

На крајот решава да стане земјоделец. Купил имот, се оженил и сакал да им покаже и помогне на селаните. Но пропаѓа, па на дел од имотот создава засолниште за сиромашните и незгрижени деца кои ќе ги воспитува. Ги учел да читаат, пишуваат, да работат, да ткаат и предат, да сметаат. Но и тука не успева повеќе од финансиски причини. На крајот се посветува на пишувањето.

„Вечерни часови на еден пустинак“ е неговото прво педагошко дело. Тука е изложена неговата педагошка програма во вид на афоризми, при што се гледа

влијанието на Русо. Во 1781 година излегува неговиот познат роман *„Линхард и Гертруда“.* Романот не е уметничко дело, но имал големо влијание.

Во овој роман Песталоци ја опишува економската пропаст на селаните во некое село, првенствено на ѕидарот Линхард кој има жена Гертруда и седум деца. Песталоци ги обвинува повисоките слоеви за тешката социјална положба на селото. Ја искажува потребата за подобрување на состојбите на село. Гертруда го спасува сопругот од економска пропаст, како и богатиот Арнер кој ја увидува својата социјална вина и решава да се погрижи за подобрување на економската положба на селаните. Така, ќе изгради болница и ќе отвори училиште. Сам ќе управува со имотот и ќе ја подобри моралната состојба на селото и селаните со добро воспитание  и добри закони. За воспитанието големи заслуги има селскиот учител.

Заради овие заложби на Песталоци, во 1792 година револуционерното собрание во Франција ќе го именува за „почесен граѓанин на француската република“. Периодот на француската револуција силно ќе влијае на големиот педагог кого долго време ќе го мачат социјалните неправди. Во статијата *„Да или не“ (1793) Песталоци го изложува своето гледање на француската револуција. Песталоци е против апсолутната монархија и се залага за револуција заради што е на страната на народот.*

Песталоци е против религијата на црквата. Важен период од неговиот живот е работата во  градот Станц. При крајот на 1798 година Французите го разориле овој град заради револуционерните побуди. Многу деца останале сиромаси, па нивното воспитување ќе му биде доверено на Песталоци. Ќе работи во манастир со децата, а ќе го помага владата. Живеел и работел со околу седумдесет деца кои не ја знаеле ниту азбуката.

Работата на Песталоци во Станц е драгоцена на воспитен план. Многу ќе се посвети децата да научат да работат, да бидат човечни, да сочувствуваат со другиот и слично. Но, само што започнува со својата воспитна дејност, манастирот ќе биде окупиран од француската војница и ќе биде претворен во болница(1799).

После ова Песталоци е учител во Бургдорф (кантон на Берн). Но, управникот на училиштето и наставниците ќе бидат љубоморни на  неговите методи и успеси ,па ќе мора да ја напушти работата. Владата му е наклонета па ќе му го стави на располагање бургдорфскиот замок во кој ќе основа воспитен *завод и учителски семинар.* Воспитната работа ќе ја заснова врз принципите како во Станц. Песталоци е во потрага по методи со кои ќе може секоја мајка да ги поучува своите

деца. Врз основа на дотогашните искуства ќе ја објави книгата *„Како Гертруда ги учи своите деца“ (1802). Но ова дело било многу тешко за мајките, а повеќе било наменето за учителите. Напишано е во форма на писма до пријателот.* Овдека Песталоци ќе ги развие своите идеи попродлабочено тоа ќе предизвика интерес во светот па стручњаците се повеќе ќе го посетуваат Бургдорф. Ги напишал и книгите: „Книга за мајките“, „Азбука за набљудување“ и „Очигледна настава во бројки“. Но и тука останува само четири години. Владата ќе го конфискува замокот, па со неколку соработници и ученици се преселува во Ивердон, каде властите му отстапуваат замок за да го употреби како воспитен завод.

Во овој завод ќе има и учителски семинар. Напредува во работата, бројот на слушателите расте и заводот се прославува надвор од Швајцарија, па ќе биде посетен и од филозофите Фихте, Фребл и Хербарт. Методот на Песталоци станал симбол за напредната настава меѓу учителите.

Воспитната установа напредувала и имала околу 300 посетители. Зафатен со административни работи, се повеќе доаѓа до расправии меѓу учителите ,па заводот ќе назадува. После дваесет години работа, во 1825 година ќе биде принуден да го затвори заводот. Ќе биде разочаран. Но, не мирува. Во 1826 г. Ги пишува делата „Случки од мојот живот “ и „Лебедова песна“ во кои е собрано целото негово педагошко искуство. На крајот од животот ќе биде напаѓан од некои негови соработници. Ќе сака да им се спротивстави, но изморен и изнемоштен умира на 82 години.

После сто години на надгробната плоча ќе му напишат меѓу другото и ова „...татко на сиромашните, основач на новото народно училиште, воспитувач на човештвото...Се за другите, ништо за себе...“

Песталоци спаѓа меѓу најголемите духовни творци на човештвото. Слично на Коменски и Русо, и Песталоци има непрекината борба и неспокојство во животот. Познат е по големата љубов кон народот и со воспитната работа за народот.

### 5.1.2 Педагошките погледи и нивното значење

*Влијанија* - Најмногу влијание ќе извршат Русо и Кант. Но за неговото созревање најмногу се значајни

буржоаското демократско движење и социјалните проблеми на тогаш сеуште заостанатата Швајцарија. Меѓу првите најмногу впечаток му остава „Емил“ на Русо. Како и Русо, така и Песталоци верува дека човекот по природа е добар. Кога е во прашање социјалната преродба на човечкото општество особено е значајно воспитанието. Со својот демократизам Русо ќе влијае на Песталоци. Песталоци му придава големо значење на разумот, ги ублажува разликите во некои развојни периоди кај детето и не ги сфаќа еднострано.

Од особено значење за неговите дидактички и методски учења се погледите за сознавањето, односно судењето на Лајбниц и Кант. Лајбниц смета дека човековиот дух се движи од нејасни перцепции до јасни поими. На такво сфаќање Песталоци го изградил своето *„посматрање“ како основа на дидактиката.* Лајбниц ќе влијае кај Песталоци со своето учење за саморазвојот. Песталоци смета дека секоја способност на човекот се стреми кон развој.

Според Кант сознанието почнува со сетилно перципирање. И Песталоци говори за првобитноста на сетилното перципирање, за преработката на содржината на сознанието и за априорната идеја која во почетокот кај ученикот е нејасна која се открива подоцна.

*Воспитна цел - Според Песталоци цел на воспитанието е развој на човечките сили кои се самоактивни и кои стремат кон развој.* На прво место во воспитниот систем на Песталоци е формирање на човекот, на човечноста. Сите треба да имаат образование и воспитание, секој човек, значи и најсиромашните. И тој мора да стане човек и да живее како човек.

Песталоци не гледа на човекот како изолирано битие, туку го набљудува во неговиот однос кон бога, кон фамилијата, како дел од социјалната заедница. Исто така Песталоци најмногу внимание посветува на односот помеѓу мајката и детето. Големиот педагог речиси во сите свои записи ја истакнува големата улога на мајката како воспитувачка. Тој е уверен дека детето токму од мајката ја прима, усвојува љубовта ко луѓето, благодарноста, трпението, чувство на должност, верското чувство итн. Преку фамилијата детето се враќа во општеството. Својата воспитна цел Песталоци ја поделил на три задачи: 1.воспитување на главата (умственото воспитание), 2.воспитување на срцето (морално воспитание) и 3.восптување на рацете и неговата сила, се до нивно заемно влијание. Основата на секое воспитување и секоја настава е посматрањето кое има активен карактер.

*Морално воспитание* - Најголеми морални вредности Песталоци гледа во љубовта кон луѓето, во добрината, во доверливоста и послушноста. Моралното воспитание започнува уште во семејството и мајката го воведува детето во благородните емотивни и активни односи кон луѓето. После тоа доаѓа школото.

Смислата на природната религија Песталоци ја гледа во активната љубов кон луѓето. Ја осудува злоупотребата на верата од страна на свештениците.

*Физичко, односно работно воспитание* - Во својата практична воспитна активност Песталоци наставата ја поврзува со работата. Во романот „Линхард и Гертруда" работното воспитание го развил во општ воспитен принцип. Бил уверен дека телесното и работно воспитание се услов за развој на сите способности потребни за човечката професија. Телото треба сестрано да го развиеме за да ни користи подоцна на професионалната оспособеност. Посветил внимание на физичките вежби и гимнастиката.

Во „Гертруда" опишува како децата дома и во школото учеле, а потоа работеле, пределе и ткаеле. Во школскиот двор/градина секој ученик имал по три леи. Се запознавале со сточарство и одгледување на кокошки. Се интересирал и за занаети.

Работното воспитание не било органски поврзано со наставата. Работното воспитание го извршувал во врска со моралното.

*Дидактика* - Без оглед што на моралното воспитание му припишува прво место, во историјата на педагогијата Песталоци е најзначаен по својата дидактика и методика. Прво перцепција, па пото запознавање на околината и просудување. Посматрањето е многу важен принцип во наставата и моралното воспитание. Детето учи од односите во семејството.

*Посматрањето е прв степен на сознавањето.* После сетилните перцепции следува апстрахирањето и воопштувањето, размислувањето и говорот. Сето внимание го посветува на проучување на елементарната настава. Основниот принцип за таа настава се состои од три елементи: број, форма и збор. Кај секој предмет тие не се присутни, пр. форма кај течноста. Во тоа се состои изворот а дидактичкиот формализам на Песталоци.

Кога детето ќе ги разликува овие три работи, ќе може да пређе на апстрактно сознавање. Тоа значи дека елементарната настава мора да ги развива способностите за сметање, мерење и говор. Таквата настава му помага на детето да ги развива способностите на мислењето што,

според Песталоци, е главна цел на оваа настава. Со тоа Песталоци го истакнал формалното значење на наставата. Дидактиката на Песталоци во тоа време е најенергичен протест против сколастичката настава.

*Дидактички принципи.* Во главните заслуги на Песталоци спаѓа и принципот на *очигледност.* Овој принцип Песталоци го сфаќа пошироко. Тој смета дека доколку некој предмет се запознава со повеќе сетила, дотолку ќе го запознаеш потемелно. Тој принцип го сфаќа подлабоко и поправилно од Коменски. Коменски гледа премногу сензуалистички, а за Песталоци тоа е појдовна точка кон апстрактното мислење, односно сознавање: „почеток на секоја настава е очигледно посматрање, а целта е јасен поим".

Песталоци го истакнува и принципот на *систематичност, постапност, редослед во наставната материја.* Материјата/содржината во почетокот треба да биде едноставна, лесна, а потоа посложена. Ги применува правилата: од блиско кон подалечно, од познато кон непознато. Го има предвид и принципот на *пристапност. Составните делови на наставната материја да се распоредат согласно развојот на детските способности. Се залага за трајно знаење кај учениците заради што ќе применува повторување и утврдување на содржината на наставната материја. При сето тоа Песталоци не заборава на принципот воспитност. Она што ќе се учи од детето да создаде човек, во него да се развие човечноста.*

*Специјална методика* - Песталоци ја проширил содржината на наставата во основното училиште со тоа што вовел земјопис и природни науки (покрај мајчин јазик, аритметика, основи на геометрија, историја, цртање и пеење). Особено е значаен по тоа што *прв напишал детална методика за елементарна настава по мајчин јазик, аритметика и земјопис.*

*Во методиката на наставата по мајчин јазик Песталоци истакнува дека треба да се развива говорот на/кај децата.* За таа цел тој таа настава ја дели на три степена: запознавање со гласовите, збогатување со зборови и запознавање со граматика на јазикот. Песталоци го застапува *методот на гласови и бил против методот на* срицање*. Кога зборува за збогатување на речникот на зборовите делумно греши бидејќи наведува мноштво зборови кои не ги поврзува во реченици. Но, правилно постапува кога вели дека детето најпрво треба да го именува предметот на сликата или во природата. Препорачува пред да почнат децата да пишуваат да вежбаат со цртање на прави и криви линии.*

*Мерењето* е појдовна точка во наставата за обликот која се остварува со цртање. За мерење најпрво треба посматрање. Во наставата по мерење Песталоци предлага детето прво да се запознае со квадратот, со неговите страни и како може квадратот да се дели. Потоа преминува на круг, на јајчести облици итн. Кога ќе се научи обликот се преминува на цртање, по цртањето се преминува на пишување на букви, па зборови. И во наставата по сметање тој е за очигледност. Употребува стапчиња, зрна, ореви и др. Очигледни средства употребува и при собирање, множење, делење и вадење.

За наставата по географија применува опишување на блиската околина. После набљудување на околината се преоѓало на користење на географска карта. Песталоци бара училишта за сите, основните школи да бидат демократски установи, а не само за привилегираните.

*Значење* - Својата теоретска педагошка мисла Песталоци се обидува да ја негува низ работата и на тој начин да ја оформи. По природа е демократ. На основното училиште сакал да му даде нова дидактика, нова наставна содржина, нови наставни принципи.

## 5.2 ЈОХАН ФРИДРИХ ХЕРБАРТ

**(1776-1841)**

### 5.2.1 Живот и творештво

Хербарт своите педагошки мисли опширно и плански ги развил и изградил оригинален педагошки систем. Роден е во Олденбург. Татко му бил правник (судски советник). Латинска школа посетувал во родниот град, а универзитет во Јена. За време на студиите се запознава со филозофијата на Кант и Фихте. По завршување на студиите работи како домашен учител во семејството на некој швајцарски аристократ од Берн. Таму живее три години. За тоа време ќе се заинтересира за педагогијата и одблиску ќе се запознае со работата на Песталоци која ќе го воодушеви.

Ќе го проучува творештвото на Песталоци и ќе пишува за него. По враќањето во Германија започнува да ги шири идеите на Песталоци. Како приватен доцент почнал да предава педагогија во 1802 година на

Универзитетот во Гетинген. Во 1805 г. ќе стане редовен професор на тој Универзитет. Неговото дело за „Азбука на набљудувањето“ од Песталоци нема да има успех, но станал познат со делото *„Општа педагогија изведена од воспитната цел“ (1806), како и со делото „Општа практична филозофија (етика) (1808).*

Во 1809 г. е поканет за професор по филозофија на Универзитетот во Кенигзберг. Станува наследник на Кант. Таму ќе основа педагошки семинар и експериментална гимназија (како вежбална) со интернат. Во тоа време многу се занимава со проблемите на психологијата и ќе напише учебник „Учебник за психологија“, а подоцна и делото „Психологијата како наука“. Во 1833 г. се вратил на Универзитетот во Гетинген и таму го напишал најзначајното дело „Нацрти на предавања од педагогијата“.

### 5.2.2 Педагошките идеи и нивното значење

*Појдовна точка* - Како прв голем педагошки систематичар Хербарт ќе ја заснова педагогијата на *психологијата и етиката.* Освен педагошката научна систематика Хербарт развил и оригинални погледи на психологијата и етиката кои претежно биле метафизички и формални. Делумно ќе биде под влијание на просветителскиот филозофски рационализам на Лајбниц, Кант, а делумно бил сроден со реалистичко-механичката мисла на 19 век. Тоа најдобро го покажува неговата психологија и етика која треба да ја познаваме ако сакаме да ни биде јасна неговата педагошка замисла. Освен Песталоци кај него има влијание и Русо.

Тој го објаснува душевниот живот. Според него сиот психички живот се состои од претстави. Новите претстави се резултат на контактот со старите претстави. Начинот на кој новите претстави стануваат дел од свеста Хербарт го нарекува *аперцепција, која е од основна важност за сознанието. Со своето учење за обединувањето на претставите како основа за душевниот живот Хербарт е познат како поддржувач на асоцијативната психологија.* Не помалку метафизичка и интелектуалистичка е неговата *етика.* Така, врз сфаќањата на психологијата и етиката Хербарт го гради неговиот педагошки систем. Од етиката ги црпи воспитните цели, а од психологијата воспитните средства. Но, Коменски е тој кој со „Големата дидактика“ прв ќе даде пример за мисловно заокружена и втемелена педагогија.

*Воспитна цел* - Главната цел на целокупното воспитание за Хербарт се наоѓа во *моралниот карактер (во исполнувањето на моралните иде), значи во карактерноста и доблеста.*

*Воспитни средства* - Според Хербарт, воспитни средства се: *водење на детето, настава и воспитание во потесна смисла (формирање на карактерот).*

*Водење* - Додека детето сеуште не е развиено и способно да управува со својот живот, само да процени што е добро, *мораме да го водиме.* Водењето е воспитно средство кое го применуваме во *раното детство.* Хербарт го одвојува надворешното од внатрешното водење, воспитување што во суштина не е научно. Според Хербарт средствата за водење се: *опомена, надзор, наредби, забрана, казна, игра, работа, авторитет и љубов.*

Тој детално упатува како треба да се употребува секое средство од кои некои се неприфатливи, пр. оние за наредбите и забраната, за казната ( на детето треба да му се всади страв и физички да се казнува, да не му се дава да јаде или да биде во затвор во посебен простор.

*Настава и интереси* - Во историјата на педагогијата Хербарт е најзначаен по својата *теорија на наставата.* За него таа е најзначајното воспитно средство преку кое се доаѓа до добро расудување. Со неа се влијае на волјата и карактерот. На ученикот треба да му се даде знаење кое ќе биде во склад со *сознајните интереси, со интересите за заеднички живот, и сл.*

Во поглед на интересите Хербарт препорачува уште на почетокот ученикот да се запознае со воспитната цел, со соодветните претстави, да се трупа многу материја, наставата да не биде претешка, ниту прелесна.

*Форми на наставата* - Хербарт разликува дескриптивна (описна), аналитичка и синтетичка настава. Описната настава го проширува искуството на ученикот и се потпира на очигледноста. Аналитичката настава го насочува ученикот на внимание и мисловна работа на поединости, го учи да споредува, да го развива логичкото мислење ( суд, заклучок, дефинирање, класифицирање, докажување). Оваа настава се изведува во форма на разговор. Синтетичката настава ги обединува сите елементи во целина, има за цел ученикот научно и морално да се воспитува.

*Артикулација на наставата* - Наставниот процес Хербарт го поделил на: јасност, асоцијативност, системи и методи, но не кажал јасно за која временска рамка се работи. Во врска со јасноста ученикот треба да се

вдлабочи во поединостите, да биде сконцентриран. При асоцијативноста новата материја треба да ја поврзе со старата. Ученикот треба да споредува, учителот да води конструктивен разговор со ученикот со што се создава континуитет. Кај системите одделни сознанија да се поврзат во целина. Ученикот треба да открива, да истражува, а учителот треба да поучува, да толкува. Кај методите е важно ученикот да вежба и своето знаење практично да го применува. Ученикот треба да биде активен, а учителот треба да го насочува на практична работа и да го утврдува неговото знаење.

Очигледно е дека има некои сродности меѓу Хербарт и Песталоци. Кај првиот –јасност, кај другиот-сетилна перцепција; кај првиот –систем, кај другиот –поим. Другите два елемента во дидактиката се нови кај Хербарт.

Хербарт наставата премногу ја сфаќа механички и ги одвојува елементите на наставниот процес од содржината на наставната материја. Во наставата никогаш не смее да преовладува шемата. Освен тоа, кај Хербарт некои степени се остро одвоени. Хербарт е повеќе за индивидуално, а не за национално воспитание. Смета дека меѓу црквата и школото треба да владеат пријателски односи.

Во однос на некои специјални методики Хербарт дава корисни упатства кои не се нови. Така, за историјата препорачува толкувањето да биде јасно, сликовито, а јазикот едноставен. Ја истакнувал важноста на очигледните средства (слика, портрет, географска карта). За јазикот и книжевните дела препорачува читање на уметнички дела, естетско читање, развој на говорот и писменото изразување. Во целокупната настава смета дека е неопходно учењето напамет за да се затврдат важни претстави за некоја тема. Посебно треба да се внимава на главните мисли.

*Воспитание во потесна смисла* - Целта на ова воспитание е морално силен карактер. Ова воспитание го насочува детето кон иднината. Моралното воспитание треба да ја зафати целокупната активност на ученикот. Хербарт многу очекувал од верското воспитание со кое треба да се почне во раното детство.

Овој педагог големо значење му припишува на учителот кој е единствен авторитет во поглед на моралното воспитание. Затоа учителот треба да биде широко образован и во филозофијата и во науката и во педагогијата. Тој вели: „Учителот не смее да биде книга што оди, ниту компилација, ами образован човек“.

*Значење* - Хербарт е голем педагог кој во втората половина на 19 век доживува голема популарност и силно влијаел на европската и американска школа (особено средната), стекнал многу приврзаници од редот на теоретичарите, а уште повеќе од редот на практичарите (професори, учители). Прв почнал да предава педагогија на универзитетот и дал авторитет на универзитетска дисциплина. Ја усовршил и дидактиката. Прв го артикулирал наставниот процес и наставните часови. Наставниот процес го продлабочува како строго организирана работа. Многу важни се неговите упатства за будење на вниманието и интересот, за техниката на повторување, за логичката работа на ученикот, за толкувањето на учителот и сл.

Има кај Хербарт нешто што не е прифатливо, конзервативно, ненапредно и ненаучно.

Ненаучно е воспитната цел и целата педагогија да се изведува од некоја религиозно-идеалистичка и метафизички априорна етика. Хербартовата етика е премногу индивидуалистичка. Особено грешел во однос на телесното воспитување кое не го вклучил во педагошкиот систем. Неприфатлива е неговата поделба на надворешни и внатрешни воспитни цели.

Психологијата на Хербарт е премногу интелектуалистичка. Тој знае само за претставите и за нивно обединување. Ги запоставува воспитните средства: моралната средина, школската заедница, одделенскиот организам.

## 5.3 АДОЛФ ДИСТЕРВЕГ

**(1790-1886)**

*Живот и творештво* - Со својата практична и теоретска активност германскиот педагог Дистервег стекнал висок углед. Го унапредил германското основно училиште на повисок степен. Има во неговата педагогија влијанија и од Песталоци и од Хербарт. Духот на неговата педагогија е просветителски и буржоаско-либерален. Најголем практичен успех остварува како директор на учителскиот семинар со работилница. Со сета сила и љубов се посветува на основното училиште, на учителското образование, на педагошката публицистика и теорија. Издавал педагошко списание, а го напишал учебникот *„Патоказ за образование на германските*

*учители“, како* и многу други учебници за основни школи, со методски упатства за настава на одделни предмети. Основач е и на „Педагошко друштво“ за да можат учителите да се организираат. За време на пруската реакција власта ќе го пензионира како противник на конфесионалната школа и црквениот школски надзор. Имено, Дистервег ги критикувал заостанатите пруски школски уредби.

*Воспитна цел* - Дистервег не е толку значаен како оригинален мислител, отколку како човек кој многу успешно умеел да ги популаризира педагошките идеи на другите, пред се на Песталоци. Се залага за општочовечко воспитание; негов воспитен идеал е да се развие човекот, сите негови душевни сили, и тоа во склад со вистината, со добрината и убавината.

За да ја постигне таа цел, воспитувачот треба да постапува мудро, својата работа да ја усогласи со детската оспособеност, со неговата природа и степен на култура. Сепак, во својата педагогија ги занемарил моралното и естетското воспитание.

*Дидактика* - Повеќе внимание посветил на воспитување на умот со што идеите на Песталоци биле попристапни. Дидактичките напори се во интерес на практично подобрување на школството. Неговата главна грижа била од школото да се отстрани формалистичкиот наставен дух, касарнскиот карактер на пруската школа. Противник е на догматизмот во наставата и го истакнувал принципот на детската самоактивност.

*Дидактички принципи.* На наставата и придава воспитен карактер. Наставата треба да го развива мислењето, чувствата, волјата и карактерот.

Бидејќи кај него се работи за три степена во наставниот процес: сетилна перцепција, умствено сознавање, и преработка, наставата треба да почне со очигледност.

Природата на детето бара наставата да биде постапна. Кај тој принцип ги нагласува правилата: од лесно кон потешко, од поединечно кон општо, од конкретно кон апстрактно, од блиско кон далечно, но препорачува тие правила учителот да не ги зема предвид по секоја цена. Се залагал за индуктивниот пат на сознавање во наставата. Наставата треба пред се да ја развива детската самоактивност. Бара учителот да ја предочува наставната материја по одреден систем и при тоа да применува два начина: *толкување и разговор.* Дистервег е за две наставни форми: објаснување и развојно-прашална (хеуристичка) форма. Особено во основното школо

најмногу го цени хеуристичкиот метод. И самиот бил мајстор за овој метод и ги воодушевувал учениците.

Високо ја ценел трајноста во знаењето, заради што бара од учителот да не брза во совладување на наставната материја, да повторува она што е најважно, во нова форма да го повторува старото и да го применува при обработка на нова материја.

Кога говори за наставните предмети, за општочовечкото образование, Дистервег ги поделил предметите на историски (историја, географија и др.) и рационални (математика, физика и др.). Методот на наставата треба да се прилагодува согласно наставната материја, но бил еднostran кога заклучува дека историските предмети учителот треба да ги толкува, а рационалните да разговара.

*За учителот* - Многу барал од учителот. Според него, учителот треба да е широко и добро образован, како во наставните предмети, така и во педагогијата, психологијата, логиката и специјалната методика. Учителот треба постојано да се усовршува. Работата на учителот треба да биде промислена и енергична. Само така ќе може кај учениците да ја развива самоактивноста. Мора да внимава на говорот на децата заради нивното прецизно мислење и оценување. Со тоа ја подобрува работната дисциплина кај учениците и морално ги воспитува. Учителот треба и самиот да биде воспитан. Тој не смее да се ограничува само на школската работа, ами треба да биде составен дел на живата општествена заедница. Затоа треба да се труди во подигање на културно-просветното ниво на возрасните (да соработува со библиотеките, во различни клубови за образование на возрасни, а и самиот да дава поттик за основање на такви клубови итн.).

*Значење* - Главната заслуга на Адолф Дистервег е што се бори на подрачјето на практичната и теоретска педагогија, против формалистичкото и касарнско уредување на пруското школство и настава. Дистервег има почесно место во историјата на педагогијата. Неговите барања се насочени против феудалната реакција, против свештенството. Барал учителите да бидат педагошки образовани и го отфрла педагошкиот дилетантизам. Дистервег бара воспитанието да биде во согласност со природата на детето.

## 5.4 КОНСТАНТИН ДИМИТРИЕВИЧ УШИНСКИ (1824-1870)

*Живот и творештво* - Ако руските револуционерни демократи биле главно насочени кон литературната критика или филозофија, па посредно посветувале внимание на педагошката критика и педагошка мисла, Ушински со својата работа ќе израсне во најзначајна руска педагошка личност на 19 век. Со својата педагошка ориентација и творечки дух оставил личен печат во руската педагогија во втората половина на 19 век и станал познат и во Европа.

По завршување на правните студии бил професор по право, но од политички причини бил отпуштен од службата, па работел како професор по руски јазик, а потоа и како директор на заводот за воспитување, па во институт за девојки од благороднички фамилии. Тогаш започнува интензивно да работи на полето на педагогијата. Ги проучувал делата на западноевропските и американски педагози и да објавува статии од областа на педагогијата. Соработувал во реформите на женското образование и успеал да ги укине разликите во наставата меѓу благородничките и граѓански девојки.

Поголем дел од времето е во Швајцарија каде го проучува женското школство. Таму го пишува своето главно педагошко дело: „*Човекот како предмет на воспитувањето".* Ја составил и читанката „*Мајчин јазик"* и методски упатства за нив. Темелно се запознал и со германскиот јазик, како и со германската педагогија, која подоцна ќе ја критикува. Решително го отстранува нејзиниот шовинизам и национализам, како и нејзината апстрактност и практицизам. На Хербартовата педагогија и приговара заради метафизичноста. Се противи германскиот школски систем и педагошки дух да се воведат во Русија. Барал науката за воспитанието да се раѓа и расте од специфичната народна индивидуалност. По враќањето дома умира од воспаление на градите на 46 години.

*Филозофски и психолошки основи* - Филозофските и психолошки основи, мисли и сознанија добро ќе ги искористи и ќе ја изгради својата педагошка замисла. Во филозофски поглед бил суштински идеалистички ориентиран, но никогаш фанатичен. Ќе го прифати сензуализмот на Лок, но ќе се ориентира на објективните сознанија.

Ушински го истакнувал значењето на психологијата за педагогијата. Смета дека една од главните појави кај детето е стремежот кон активност. Затоа многу ги ценел волјата и чувствата. Истакнува дека работата е многу

важна, па укажува на *воспитната и дидактичка вредност на работата.*

*Воспитни цели* - Ушински многу широко ја сфаќа воспитната цел. Неговиот воспитен идеал е човекот кој не е егоистичен, кој ги обединува интересите на човештвото со интересите на својот народ и на самиот себе си, кој е образован, морално воспитан и кој копнее за човечност. Оваа воспитна цел е невозможно да се оствари без работа. Работата му помага на човекот да се развива физички, умствено, морално. Затоа кај детето треба да се развива љубовта кон работата, кон татковината и човекољубивоста.

*Идеја за народност* - Ушински истакнува дека воспитувањето треба да се гради на сопствено тло, водејќи сметка за особеностите на народот, за неговиот емотивен живот и за неговата култура. Ушински верува во творечките способности на народот и затоа бара народот да го организира школството. Воспитувањето треба да ги развива патриотските чувства кај човекот.

Педагогот Ушински напишал убави мисли за мајчиниот јазик, пр.: „Кога детето го учи мајчиниот јазик, тоа не учи само одредени гласови, ами пие духовен живот и сила од родниот извор на мајчиниот збор".

*Задача на науката* - Народноста не е единствен темел на воспитанието, зашто тоа/воспитанието треба да се потпира на науката. Значењето на Ушински за руската педагогија е што систематски и доследно ги развил и двата принципа . Школото треба да ги запознава децата со научните вистини и целокупната наставно-воспитна работа треба да биде научно-педагошки заснована. Затоа тој не дава рецепти, ами формира и развива впечатоци со помош на активностите на учениците. Ушински правилно ја оценува вредноста на природните науки, а наставата по историја и земјопис на учениците во основното училиште треба да им пружи „посредно читање".

*Улогата на воспитанието* - Ушински му припишува решителна улога на воспитанието за развој на човекот, но не и единствена. Освен воспитанието, Ушински го цени и наследството. Смета дека човекот не се прилагодува пасивно на средината.

*Дидактика* - Покрај Коменски, Песталоци и Дистервег, Ушински спаѓа во редот на најголемите дидактичари во историјата на педагогијата. Своето внимание најмногу го посветил на проблемите на учењето кај децата, знаењето, навиката, проблемите, склоностите за учење, особено се занимава со методските проблеми на мајчиниот јазик, а постојано мисли на развојот на

детските способности, нивната мисловност, како и техниката на вежбање и повторување.

*Проблемот на учењето* - Ушински разликува два вида учење: активно (сопствено искуство) и пасивно (кое го дава школото) и правилно го решил нивниот заемен однос. Тој учи дека двата вида учење треба да се дополнуваат т.е. активноста на детето ја обединувал со водечката улога на учителот во одделението.

За Ушински учењето е сериозна работа, а за тоа треба вистинска мотивација. За учење е потребна и волја. За него потребна е љубов кон учителот, но најдобар мотив за учење е љубовта кон работата. Таа љубов треба да расте од наставниот процес кој треба да биде во склад со можностите на детето.

*Усвојување на знаење* - Според Ушински важно дидактичко барање за усвојување на знаење е средување на конкретните претстави кои детето ги има, систематизација на неговите искуства и доживувања. Затоа на почетокот од наставата треба да знаеме што знае детето, па потоа да му помогнеме своето знаење да го среди и искаже.

Учителот треба да го учи детето да ги посматра предметите и појавите кои го окружуваат, да донесува правилни заклучоци и да генерализира. Учителот треба да го развива кај детето логичкото размислување преку посматрање и споредување.

*Методика на мајчин јазик* - За Ушински Методиката на мајчин јазик е централен предмет во основното училиште. Тој смета дека *совладувањето на јазикот зависи од правилното мислење.* Со наставата по мајчин јазик се развиваат умствените способности на ученикот. Според Ушински основната идеја при учењето на мајчин јазик е во тоа детето да ја изрази јасно и самостојно само онаа мисла која ја усвоил јасно и самостојно.

*Вежбања и повторувања* - Ушински поставил важни правила за вежбање и повторување. Препорачува за вежбање на учениците да им се дава материја која е малку изменета, а не сосема иста како што ја учеле. Со тоа ученикот го принудуваме на самостојно размислување.

Ушински разликува два вида на повторување: пасивно кое се состои во повторно примање на она што веќе претходно е учено и активно кое се состои во тоа учениците самостојно да ги обноват сеќавањата од порано. Инсистира учениците да ги навикнуваме на активно повторување. Да се повторува додека не сме ја заборавиле наставната материја.

*Дидактички принципи* - Го разработил принципот на очигледност. Уметничкото читање и прераскажување ги смета за основни средства на очигледноста. При тоа, не го заборава фактот кој го истакнува и Коменски, предметот да се перципира со што повеќе сетила.

Се залага и за принципот на активност. Смета дека детската свест се развива со работа на одредена содржина. Ученикот стекнува знаење, а истовремено ги развива способностите за посматрање, памтење, мислење, говорот итн. Но, во наставата не се работи само за знаење и умствен развој, ами потребно е на детето да му се всади чувство на одговорност, должност, „жед за сериозна работа“ која ќе го усреќи човекот. Истовремено, наставата треба да биде и воспитна. Ги нагласува принципите на постојаност, цврстина и темелитост на знаењето, пристапност, постапност, народност (центар на наставата е мајчиниот јазик). Наставата по јазик ја засновал на гласовниот и аналитичко-синтетички метод. За унапредување на наставата напишал два учебника: „Детски свет“ и „Мајчин јазик“. Како и кај Коменски и Ушински смета дека децата треба прво да ги учат предметите, а потоа да ги учиме на зборови за предметите.

*Образование на учителите* - Ушински на учителот му придава водечка улога, но од него и многу очекува. Предлага да со востановат педагошки факултети изработил и *„Нацрт за учителските школи“.* Учителските школи треба да бидат интернатски организирани за да може идните учители полесно да се воспитуваат. Во учителските школи освен руска граматика и руска книжевност, математика, земјопис, историја, основи на медицината да се воведе и проучување на психологија, педагогија и методика. Учителот треба да знае да црта и да пее.

Ушински особено ја подвлекува потребата од практично оспособување на учителите. Секоја учителска школа треба да има „практична школа“, еден вид вежбална. Учителите приправници треба да се вежбаат во околните школи, во кои треба да бидат на пракса една година учениците апсолвенти. Учителските школи треба да одржуваат врска со учениците и по завршената учителска школа и да ги помагаат во материјален и педагошки поглед. Учителската школа треба да биде педагошки центар на окружувањето.

*Значење* - Ушински е основач на руската педагошка наука. Руската школа треба да израснува од народот, за што пишува за дидактиката и методиката,

особено за методиката по елементарна настава. Неговите дидактички мисли и денес се актуелни.

## 6. ПОЗИТИВИЗМОТ ВО ПЕДАГОГИЈАТА

Позитивизмот е филозофски правец кој, поаѓајќи од затврдените „позитивни факти“, ги порекнува вредностите на самостојните апстрактни мисловни дејности. Се појавил како реакција на спекулативната германска филозофија (18 и 19 век), а главен претставник е Огист Конт. Други истакнати претставници се Џон Стјуарт Мил, Херберт Спенсер, Иполит Тен, Емил Диркем.

Појдовна основа во спознавањето е она што е позитивно, евидентно и стекнато со искуство. Придржувајќи се на искуството мислата и духот во филозофијата и науката го избегнува вербализмот и заблудите, отфрлајќи секое априорно спознавање и вреднување. Метафизиката и спекулативната мисла се некорисни зашто вредноста на вистината се огледа во практичните вредности за човекот и неговите цели.

### 6.1 ОГИСТ КОНТ

Огист Конт (1798-1857) бил математичар, филозоф и социолог. На Политехничката школа во Париз предавал механика и математика, но заради нападот на академиците кои „предавале срамна научна политика“ и по објавувањето на своето дело *„Курс на позитивната филозофија“*, морал да ја напушти работата. Без приходи му помагале неговите следбеници.

Огист Конт се смета за основач на *позитивизмот.* Следејќи го геслото *„Знати ради предвиђања, предвиђати ради спречавања превенције“* Конт се обидел да ја заснова својата „позитивна наука“ која ја спротивставува на идеалистичките и метафизички шпекулации. Фактите се предмет на вистинските сознанија. Односите помеѓу појавите можат да се спознаат, но не и нивната суштина, а предмет на сознанието не може да биде ниту прашање за вистинските причини, ниту за крајната цел. За предвидување на идните појави потребни се закони меѓу самите појави. За да се предвиди треба да се знае. Највисок степен во науката е да се открива преку посматрање и експериментирање.

Од својот учител Сен Симон презел многу идеи, а социологијата ја замислил како круна на науката. Според него, темелна наука е математиката, а следат: физиката, хемијата, биологијата. Набљудувањето му служи како метод за ги открие законите на природата кои се важни и за општеството. Општественото уредување не се заснова врз индивидуата, ами на семејството. Напредокот во општеството не признава скокови, ами тоа се развива постепено, континуирано со кое управуваат природните закони. Внатрешната структура на секоја развојна фаза ја утврдуваат егзистенцијалните услови.

Развојот на општеството минува низ три фази: теолошки, метафизички и позитивен. Во третиот стадиум-позитивизмот - човекот сознава дека со светот не управуваат ниту божјите, ниту метафизичките сили, ами законите кои човекот ги спознава по емпириски, научен и истражувачки пат.

Тие стадиуми на човечкиот род ги минува секој поединец. Во детството мисли теолошки, во младоста метафизички, а во зрелото доба позитивистички. Законот за трите стадиуми е главен резултат на Огистконтеовата социологија.

Конт барал обновување на воспитанието. Треба да се погрижиме за општа преобразба на воспитниот систем. Својата доктрина Конт ќе ја изложи во делата: *„Курс на позитивната филозофија“ (1830-1842), „Разговори за позитивниот дух“ (1844) и „Позитивистички катекизам“ (1852-1854).* Со овие дела силно ќе влијае на филозофијата и на методологијата на природните и општествени науки.

## 6.2 ДВИЖЕЊЕТО НА НОВАТА ШКОЛА И НЕЈЗИНИТЕ ПРАВЦИ

Неколку зборови за педагогијата на 19 век-школството од 1870 до 1918 г.

Деветнаесеттиот век е крупен чекор напред за педагогијата во поглед на нејзината сложеност и диференцираност. Борбата на буржоазијата против феудализмот, од една страна, и победата на буржоазијата, од друга страна, воспоставување на капиталистичка власт, формирање на работничка класа и нејзината појава во политичките случувања-тоа се главните општествени основи кои претставувале добра диференцирана општествена подлога на педагогијата во овој век.

Капиталистичкото уредување не се афирмирало во сите држави во исто време, ниту пак капитализмот се развивал рамномерно. Затоа ниту буржоаската педагошка наука не се развивала секаде во исто време и на исти начин, а и школството зависело од специфичноста на економскиот, политичкиот и културниот развој на одделни држави. Но, како што сиот општествен развој во државите бил подреден на општите законитости, така и целокупниот педагошки развој покажува некои општи законски сродности.

Со оглед на општествениот развој педагогијата на 19 век можеме да ја поделиме на следниве карактеристични единици: педагогија на напредната буржоазија (оваа педагогија сеуште содржи некои елементи на феудалниот педагошки начин на мислење); педагогија на победничката буржоазија, која сеуште е подредена на буржоаските интереси на штета на народот првенствено на работниците, иако им дава некое општо образование, зашто и самиот има од тоа корист, и на педагогија на пролетеријатот (социјалистичка педагогија). Педагошките мисли на Маркс и Енгелс значат почеток на новата ера во педагогијата посебно во поглед на општествените и филозофски основи со оглед на улогата на педагогијата во класната борба.

Педагогијата на 19 век значително се променила во своите филозофски основи. Напредната буржоаска педагогија во принцип сеуште се потпирала на идеализмот, но во нивната дидактика особено почнале да доаѓаат до израз материјалистичките сознанија. И тоа на оваа дидактика и придавало научна важност. Буржоаската педагогија ќе западне во краен идеализам, мистика и позитивизам од каде ќе ги изведува своите воспитни принципи, задачи и цели.

Првата половина на 19 век е ера на последните буржоаски педагози-класици: Песталоци, Дистервег, Ушински. Меѓутоа, врз основа на неминовниот општествен развој, напредната педагошка иницијатива преоѓа во втората половина на 19 век се повеќе на страната на социјалистичката педагогија.

*Школството во 19 век-* Водството во школството од 19 век го презела буржоаската државна власт која го стокмила според своите економски, политички и културни потреби. Во овој период школството се движи напред-назад. Но, со 1848 година Париската комуна ќе даде значаен поттик особено во демократскиот развој на школството.

Во втората половина на 19 век школството ќе доживее значаен и силен развој На власт ќе дојдат

либерални буржоаски сили. Тие, а посебно Франција ќе ја отстрани веронауката од наставните содржини, наспроти германското, австриското и руското школство кои се уште под црковно влијание каде веронауката е во состав на наставните содржини. Американското школство било полиберално, зашто не допуштало да се учи веронаука во школството. На Англичаните им се допуштало сами да одлучуваат во врска со учење или неучење на веронаука.

На преодот од 19 во 20 век, односно во почетокот на 20 век сведоци сме на џиновски судир на пролетаријатот под водство на болшевичката партија со руските феудални господа, со пораз на буржоаската влада. За цело време болшевичката партија е во судир со заостанатиот руски школски систем, ќе го критикува и се подготвува за развој на нов воспитен систем врз основа на новите општествени услови во поглед на содржините и методите.

### 6.3 Педагогија

*Состојби* - Почетокот на дваесттиот век е време кога капиталистичките спротивности прераснуваат во империјализам и доведуваат до првите светски судири. Како најсериозна опасност за капиталистичкиот поредок се јавува пролетаријатот. Од овие општествени и идејни противречности се раѓа и новата педагогија која во буржоаскиот свет ќе постигне значаен успех. Ќе се појават низа од педагошки теории. Старите школи и формите на старото воспитание требало да се надминат, да се реформираат и школството, и школскиот систем и образованието. Модерните педагошки правци содржат позитивен и творечки пристап, како и многу елементи на социјалистичката педагогија. Наставниците и педагозите се повеќе се трудат да направат училиште што ќе биде привлечно, а психологијата и педагогијата се повеќе се составен дел од образованието на учителите. Од спротивставеноста на капиталистичките односи во империјалистичкото општество се раѓа: *индивидуалната и социјалната педагогија.*

Како средина која тежнеела да ги координира индивидуалната и социјалната педагогија се јавува *педагогијата на личноста*, но и таа не можела да го реши тој проблем.

## 6.4 ПРОГРЕСИВНАТА ПЕДАГОГИЈА И НЕЈЗИНИОТ РАЗВОЈ ДО 1920 ГОДИНА

Во рамките на индивидуалната педагогија во американската педагогија спаѓа современиот правец кој го нарекуваме *прогресивна педагогија.* Движењето започнало во Соединетите Американски Држави во првата деценија на дваесеттиот век. Некои млади учители се јавуваат со нови идеи кои се обидуваат да ги спроведат во пракса. Во 1912 година почнале да издаваат *педагошки летописи* во кои ги изложуваат *главните принципи на тоа движење.*

Најважниот услов за развој на детето е неговата самостојност заради што е потребно да се овозможат повеќе екскурзии, повеќе рачна работа, игри и дискусии. Учењето треба да биде пријатно за да може детето да е активно. Во школото треба да владее ведар дух, а учителот треба да има човечки и другарски однос кон учениците.

Најголемата потреба што детето треба да ја чувствува е иницијативноста. При воспитувањето и образованието треба да се потпираме на интересот кај детето. Неговата слобода и правилно одмерената одговорност се најдобриот услов за интелектуално и морално напредување.

За учење најважно е животното искуство на детето. Затоа наставната материја треба да се прилагоди на искуството. Со децата треба да се однесуваме како поединци, а не како кон група.

На детето треба да му се пружат сите услови за негов развој и напредување. Така, оваа нова педагогија го израмнува *воспитувањето и развојот.* Согласно овие принципи, содржината на наставата во овие школи со кои раководеле и работеле припадниците на овој правец ги опфаќало овие подрачја: моделирање, цртање, драматизации, плетење, работа на дрво и работа на метал, фолклорни игри, пеење, познавање на природата со цел за развивање на фантазијата, а не заради знаење. Учењето на читање и пишување започнувало дури во деветтата или десеттата година. Вакви експерименти овозможувале голема децентрализација на американскиот школски систем.

Школите кои работеле врз основа на овие пароли се ширеле по Соединетите Држави, но не биле поврзани помеѓу себе па основната педоцентрична (детето е во центарот на вниманието) идеја почнала да се одвојува во различни нијанси. За да може ова движење да биде единствено и компактно се придружиле некои приврзаници

пред крајот на дваесеттите години од дваесеттиот век и во Вашингтон организирале *Напредно педагошко здружение* кое во 1924 година почнало да ја издава ревијата „Progressive Education”. Ова здружение во 1920 година имало неколку членови, а кон крајот на триесеттите години повеќе од 10.000 членови главно професионални школски работници.

*Главните принципи на Здружението се опфатени во овие седум точки:*

*1.* Детето треба да има слобода и природно да се развива. Треба да му се даде можност за иницијативност и самоизразување;

2. Интересот кај детето треба да се развие преку директен и индиректен допир со околината и примената на неговите искуства;

3. Учителот треба да го упатува детето на активност и да го поттикнува да ги употребува сетилата; да го навикнува на набљудување и резонирање и пред се, да го учи како да се служи со разни извори на сознанија од науката. Детето треба критички да гледа на сознанијата и ефикасно и логички да се изразува;

4. Треба да се проучува психичкиот развој на детето, на неговиот физички, умствен, морален и социјален развој;

5. Се инсистира на физичкото воспитание и школската хигиена. Се бара подобри школски згради: повеќе простор, воздух, сонце, стаклени ѕидови, вентилација и др.

6. Потребна е соработка со школите и домот со цел за задоволување на потребите на детето;

7. Школите треба да ги испитаат новите педагошки идеи, треба да бидат лаборатории на новиот педагошки напредок.

Ова педагошко движење добива поткрепа и поттик со појавата на книгата на Џон Дјуи: „Демократија и воспитание“ (1916). Во ова дело Дјуи ги развива своите педагошки погледи врз основа на филозофијата на прагматизмот.

## 6.5 МЕТОД НА ПРОЕКТИ

Поголем дел од излагањата на Дјуи бил прифатлив за прогресистите. Од 1918 г. Сфаќањата на Дјуи ќе ги популаризира Килпетрик кој ќе придонесе многу за

стремежите на прогресивната педагогија особено за таканаречениот „метод на проекти“ (Project Method).

Првобитно зборот „проект (ирање)“ во дидактиката значела: *активност на ученикот* која се заснова на бирање и планирање:

А) активност (соработка) на ученикот во наставата;

Б) морално воспитен ефект на учењето.

На овие барања треба да одговори „методот на проекти“. Во таа смисла Килпетрик предложил четири видови на проекти:

1. *Конструктивни проекти* кои имаат цел кај ученикот да изразат некоја замисла во видлива форма( рачни работи, драматизации...);

2. *Естетски проекти* -целта е кај учениците да развијат активности кои се од значење за естетското воспитание (читање на песни, слушање на музика, оценување на слики...);

3. *Проблемски проекти* - решавање мисловни задачи (заклучување, споредување, воопштување);

4. *Специфично наставни проекти* - со цел да се стекне школско знаење и пракса (читање, пишување).

Приврзаниците на Килпетрик уште повеќе ја прошириле оваа скала на проекти. Несомнено методот на проекти има добри страни. Се потпира врз психолошки сознанија и знаење, а способности и особености на карактерот се формираат со активно учество во решавање на вистинските проблеми. Ученикот кој ќе избере свој проект тој го смета за своја задача и заради тоа лично се интересира за него, а не како за задача која е наметната од учителот.

Ученикот го смета за свој животен проект и може да ги примени своите искуства. Тој е мотивиран. Сам ги насочува активностите и има одговорност. Ако е проектот индивидуален тогаш ученикот може да ја искаже својата посебност, а ако е колективен има социјална одговорност.

*Слабите страни на проектот би биле:*

Тешко е да се организира добар проект бидејќи тоа бара време, трпение, знаење и искуство, а учениците со тоа не располагаат често. Во таквата работа се губи времето. Но има и социјален аргумент. Така, децата на поимотни родители кои се грижат за реализација на проектот имаат повеќе можности за успех, отколку децата на работникот и селанецот.

## 6.6 ПОНАТАМОШЕН РАЗВОЈ НА ПРОГРЕСИВНАТА ПЕДАГОГИЈА ВО ТРИЕСЕТТИТЕ И ЧЕТИРИЕСЕТТИТЕ ГОДИНИ

На почеток прогресивната педагогија била нагласено индивидуалистичка. Кога Соединетите Држави ги зафаќа економска криза (од 1929 година), „прогресивните" педагози и почнале да размислуваат како *педагогијата и школото треба да помогнат при решавање на итните општествени прашања.*

Ова е поучен пример: општество кое се бори за опстанок или за свој развој и кое мора да ги совладува тешкотиите не може да си допушти луксуз -индивидуална педагогија.

Токму Килпетрик е меѓу првите кои почнал да размислува: никако слободна конкуренција сите против сите, туку заемна помош во корист на општеството треба да биде главно педагошко правило.

Џорџ Каунтс (George Counts), член на прогресивното педагошко здружение остро ќе ја критикува прогресивната педагогија. Приговарал дека таа нема изработено никаква теорија која ќе ги подобри општествените состојби, туку го развила анархичниот и екстремен индивидуализам.

Наспроти основната поставка на прогресивната педагогија дека подучувањето во основното школо нешто што не се сака-Каунтс истакнува дека *не може да се воспитува без поставување барања, и дека тоа не може да се избегне, дека од тоа зависи постоењето и развојот на општеството, и според тоа подучувањето е процес без кој не се може.*

Прогресивното педагошко здружение формирало посебен *комитет за социјално-економски прашања.* Изработиле потсетник за учителите во кој се барало од нив да водат сметка за општествените задачи на воспитанието. Но, ова било без видливи резултати. Содржината на наставата во школите треба да води сметка за општествените потреби, но воспитанието не треба да биде подготовка за живот, ами, пред се - живот, согласно со детето и неговите потреби. И така повторно се вратиле на почетокот. Проблемот останал отворен. Додуша, прогресивното педагошко здружение ја признало двојната задача на воспитанието: да го развива поединецот (индивидуална задача на воспитанието) и да

го вклучи во пштеството за да стане негов достоен член (општествена, социјална задача на воспитанието). Ова не го решило проблемот бидејќи спротивностите помеѓу поединецот и општеството во експлоататорскиот систем биле многу силни.

Несогласувањата помеѓу различните приврзаници на Прогресивното педагошко здружение не стивнувале. Многумина истакнувале дека седумте точки од програмата не одговарале. Бил создаден нов комитет (1938) со задача да изработи *теоретски темели (филозофија) на тоа здружение, односно на тој педагошки правец.* После три години комитетот изработил извештај кој донекаде ги приближил принципите на Прогресивното здружение кон „социјалната педагогија“. Извештајот бил премногу општ и нејасен: да се воспита човек кој ќе биде слободен и со желба да соработува при решавањето на заедничките задачи и кој ќе биде свесен/одговорен за своите општествени одговорности и при тоа слободно ќе ја употребува својата интелигенција. Прогресивното педагошко здружение било принудено да дава концесии во насока на социјалната педагогија.

Развојот продолжувал во овој правец. Во 1935 г. Основано е Здружение на Џон Дјуи (John Dewey) најголемиот современ американски филозоф и педагог за проучување на педагошките прашања. Ова Здружение ќе привлече и членови - стручњаци *за социјални и економски прашања.* Ова здружение смета дека воспитанието игра важна улога при обновувањето на американското општество.

За време од десет години, од 1937 до 1947 г. Ова здружение ќе издаде неколку значајни зборници во кои разработува прашања за општествената улога на воспитанието и педагогијата. Карактеристични се неколку наслови во тие изданија: *Учителот и општеството, Демократија и содржина во наставата и др.* Покрај тоа, здружението издавало свој периодичен гласник во кој истакнува дека векот на индивидуализмот во економијата е завршен и дека се наѕира времето на тесната поврзаност на социјалниот живот, колективното планирање и контрола.

Несомнена заслуга на ова здружение е што на некои педагошки работници (наставници) ќе им сврти внимание на социјалната проблематика од педагошката работа. Сепак, неговото влијание на американската педагогија и на воспитната пракса било слабо. Прогресивното педагошко здружение во 1944 г. ќе го промени своето име во *Американско педагошко*

*здружение* и ќе ги прифати насоките за подобрување на воспитанието во Соединетите Американски Држави:

*1.* Секое дете треба да има подеднакви можности за воспитание, вклучувајќи го и повисокото школување, без оглед на расата (Црнци), верата и економска положба. Сепак, ова е контрадикторна насока, зашто во воспитанието не постојат еднакви воспитни можности за вишо школување без оглед на економската положба.

2. Да се одреди образовна програма за младите од 17 до 23 години која ќе им помогне при преодот од школото во општествениот живот и работа со возрасните. Кај нас тоа би било некакво „продолжено школување" за апсолвентите со задолжително школување кои уште не се зрели за самостојно учество во работата и општествениот живот. Здружението барало за таа цел во воншколското време да се стават на располагање школските простории.

Исто така барано е воведување на младите во разновидни општествени активности во духот на демократските општества, но така што воспитанието да не биде под влијание на некоја посебна група. Тоа е, всушност, типична заблуда на буржоаските педагози зашто не согледуваат дека нивното воспитание е под влијание на владеачката класа.

Освен тоа треба да се продолжи со експериментално истражување и да се постигне што потесна врска помеѓу заедницата, воспитанието и школото.

Овие насоки ако се споредат со седумте порано наведени точки на првобитното Прогресивно педагошко здружение ќе ни стане јасен развојниот пат на ова здружение: од педоцентризмот (детето е во центар на вниманието) до преовладување на општествениот аспект во воспитанието. Непроменета останала само седмата точка (експериментално истражување).

После Втората светска војна оваа тенденција ќе стане понагласена (поврзаност на воспитанието со општеството) во редовите на Американското педагошко здружение. Неговите идеолози истакнуваат дека воспитувачите мора да го познаваат и разбираат општественото збиднување, зашто оние сили кои го обликуваат општеството го одредуваат и неговото воспитание. Затоа право и должност на воспитувачот е активно да учествува во политичкиот живот. А истовремено сеуште истакнувале дека не смее да се воспитува за политичка странка или економски систем. Тоа е заблуда која не може да се спои со претходните барања воспитувачите да учествуваат во политичкиот живот.

Практичниот резултат на овие промени во педагошката теорија на целата територија на Соединетите Држави била создавање на школи кои ќе произлегуваат од општеството. Тие школи работеле под знакот на паролата: „Школата да го подобри општествениот живот“. Овој процес не ги зафатил сите школи. Многу школи останале конзервативни. Повеќето школи во Соединетите Држави останале „традиционални“ во однос на наставата и воспитанието.

## 7. СПОРЕДБА НА „СТАРИТЕ“ И „НОВИТЕ“ ШКОЛИ ВО СВЕТЛОСТА НА ПРОГРЕСИВНАТА ПЕДАГОГИЈА

### 7.1 ,,СТАРА“ ШКОЛА

Старата (конзервативна, традиционална) школа ги има овие карактеристични црти:

1. Таа го истакнува знаењето, усвојувањето на фактите. Учителите се труделе детето да научи што повеќе сметајќи дека вредноста на воспитанието е во количеството на знаење. Процесот на меморирање бил доминантен и механички, па знаењето било површно без да се поттикне мислењето. Таквата традиционална школа го добила прекарот „школа за учење“;

2. Натрупувањето на факти не била единствена грешка на старата школа. Таа го ценела знаењето, но го запоставувала развојот на сестраната личност;

3. Фактот дека детето, пред се, е активно, а не само интелектуално битие речиси не е реализирано во праксата и покрај напорите на реформаторите на школата од Русо па наваму. Детето го сметале за рецептивно и пасивно битие, а не активно кое сака да се „изразува“;

4. Старата школа во наставата повеќе се потпирала на видот и слухот, а ја занемарувала воспитната вредност на активноста кај детето;

5. Учителот на таа школа бил многу активен: тој ја предавал наставната материја, испрашувал и очекувал одговор, вежбал и оценувал. Тоа бил режим на испрашување и оценување, но го оневозможувал тоа што го барала активноста на детето (дискусија во одделението, раскажување, проекти итн.);

6. Разговорот се сведувал на испрашување од страна на учителот, а прашањата, предлозите и критичките забелешки од страна на учениците не биле пожелни, а понекогаш биле сметани како престап;

7. Односите помеѓу учителот и ученикот биле слични со односите на владетелот и потчинетиот. Помислата за некаква самоуправа кај ученикот биле недозволена;

8. Децата требало да го признаат авторитетот на учителот и учебникот. Критичкото мислење и индивидуално мислење на ученикот не се претпочитало;

9. Старата школа малку направила за развој на ученичката социјалност. Наспроти учењето и барањата на Фребел, Песталоци и други, оваа школа не ги воведувала учениците во општествениот живот. Биле забранети меѓусебни разговори, слободно движење и меѓусебно помагање помеѓу учениците;

10. Старата школа не водела сметка за индивидуалните способности, зашто барањата биле подредени на *просечниот ученик;* занемарувано е секое воншколско искуство на децата, како и на надарените послаби ученици;

11. Во старата школа се сметало дека воспитанието е подготовка на возрасниот за живот што е многу далеку од детето. Затоа и воспитанието не било доволно поврзано со искуствата на детето.

Критиката на оваа школа не започнува со појавата на буржоаската педагогија од дваесеттиот век, ами во хуманистичката педагогија од четиринаесеттиот век. Добрите страни на старата школа, според мислењето на приврзаниците на прогресивната педагогија се состојат во следново:

1. Старата школа го истакнува моралното воспитание, но целта била возвишена;
2. Наставата била темелна и затоа апсолвентите од старата школа биле добро оспособени;
3. Старата школа развивала некои позитивни навики (трудољубивост, чистота и точност).

## 7.2 ,,НОВА“ ШКОЛА

Школата на дваесеттиот век или „новата школа“ настанала како протест на старата школа. Нејзини главни карактеристични црти би биле:

1 . *Слобода.* Новата школа се погрижила за слободен развој на ученикот и ги отстранила сите непотребни ограничувања: учениците слободно можат да се движат низ училницата ,можат да образуваат заедници (групи), да избираат наставна материја, да разговараат, да управуваат со предметите, да воведуваат дисциплински мерки и да соработуваат во животот на одделението и школото. Тоа истакнување на слободата на ученикот се темели на теоријата според која слобода се развива дисциплинираноста и се унапредува чувството на одговорност. Сепак, слободен е оној човек кој со добро воспитание научил сам себе да се дисциплинира. Ова претерано истакнување на слободата на детето ја намалува задачата на воспитувачот во развојот на детето, како и на образовната задача на школата.

2. *Активност.* Учителот може да учи, а ученикот тоа што ќе го стекне со учење резултат е на неговата активност.

3. *Искуството на детето.* Тоа е важно како основа за содржината на наставата. Различни активности кои одговараат на душевните потреби на децата во одделни степени од развојот добиваат своја содржина од животот на заедницата. Од тоа произлегува следната особина.

4. *Социјализација.* Новата школа е животна заедница која репродуцира типични ситуации во животот. Така, во школите постои банка, пошта, продавница, школски весници, клуб итн. Или школскиот час се пренесува/реализира во некое претпријатие. При тоа, децата можат меѓу себе да разговараат и еден на друг да си помагаат. Се приредуваат многубројни екскурзии во фабриките, книжарите, паркови и сл. Овие школи се обидувале наставата што повеќе да ја поврзат со општеството, со непосредната животна околина на детето, со што ја докажувале својата социјална насоченост наспроти првобитните прогресивни школи кои биле насочени на детето и кои повеќето останале такви.

5. *Креативно изразување на децата.* Новата школа ова посебно го истакнува; затоа во неа се применува драматизацијата (децата составуваат и изведуваат претстава), пишување и прераскажување на приказни, музика, игри, ритмика, рачна работа на децата-се со цел децата да се изразуваат и креативно докажуваат.

6. *Запознавање на поединецот.* Иако новата школа се обидува да ги социјализира своите ученици, сепак таа

смета дека ученикот е посебна личност со која треба посебно да се постапува.  Тоа е можеби единствен систем кој со цел ја обединува слободата, активноста и творечката работа. Во новата школа има прилично индивидуална настава, индивидуална иницијатива и самовоспитување. Содржината и методот на наставата се еластични бидејќи треба да бидат прилагодени на индивидуалните потреби и способности на детето.

7. *Проучување на детето.* Во многу нови школи воспитанието се развива по принципот: воспитанието се подредува според природата на детето. Оттука произлегува основното барање за учителот: запознавај го детето! Ова барање ќе биде поттик за понатамошен развој на детската и младинска психологија.

8. *Сестран развој на детето.* Новата школа го истакнува сестраниот развој на детето. Она инсистира детето да учествува во процесот на работата со што го истакнува развојот на детето во социјален, физички, емотивен и интелектуален поглед. Новата школа се обидува да го подобри животот на детето колку што е можно повеќе.

9. *Бавен ритам на развојот.* Бидејќи оваа школа го развива детето комплексно, тој процес е бавен Бавно се формираат и личните карактеристики: свест за одговорност, нови граѓански врлини и др. Затоа таквата школа не смее да брза.

10. *Запоставување на оценувањето.* Некои школи немаат доволно доверба во различните форми на меѓусебно натпреварување на учениците и затоа го запоставуваат оценувањето, наградите, медалите и др.

11. *Поврзаност на учителот со одделението и околината.* Од учителите се очекува да работат во одделението и да соработуваат во животот на својата околина.

12. *Соработка меѓу школото и родителите.*  Ако има добра соработка помеѓу школото и родителите воспитанието може да биде добро и успешно: родителски средби во школото, учество на родителите на прослава, школски излети и др.

## 7.3 КРИТИКА НА ПРОГРЕСИВНАТА ПЕДАГОГИЈА

Привrзаниците на прогресивната педагогија сакаат да реализираат ваква школа. Бидејќи се подложени на критика прогресивната педагогија е највлијателна. Тоа е најкритикуван педагошки правец на дваесеттиот век.

Кој е предмет на критиката? Кое гледиште на прогресивната педагогија предизвикува најголема критика? Која е основната слабост на прогресивната педагогија ?

Многу гледишта карактеристични за прогресивната педагогија имаат една и единствена последица: *воспитувачот ја изгубил водечката улога во образовниот и воспитниот процес.* Тоа пак има две основни последици кои американските критичари на овој педагошки правец му го забележуваат. Имено:

А) учениците во школото многу малку научуваат;

Б) нивното морално воспитание е недоволно заради тоа што барањата што се поставуваат се многу мали.

Во оваа војна се покажале слабости на апсолвентите кои работат по начелата на прогресивната педагогија (малку знаење, недисциплинираност, непостојаност). Таа остра критика ја изложила американската армија. Прогресивната педагогија убедливо докажува дека е невозможно успешно воспитание без поставување на барања. А тоа во свое време сосема точно го истакнувал големиот советски педагог Макаренко.

*А) критика на есенцијалистите*

Најостри американски противници на прогресивната педагогија се есенцијалистите (essence, essential - битно).

Есенцијализмот е доктрина која тврди дека некои достигања во културниот развој се битни (сознанија, навики, постапки, идеали итн.); таквите достигања секое нормално дете треба да ги освои. Тоа доведува до барање на систематско образование и воспитна работа. Спротивноста помеѓу есенцијалистите и прогресивните педагози се наоѓа во појдовната точка: есенцијалистите како појдовна точка на образовниот процес го сметаат човечкото искуство, а привrзаниците на прогресивната

педагогија сметаат дека тоа е искуството на детето. Есенцијалистите се наоѓаат на едниот крај од процесот на образование, а прогресивната педагогија на другиот.

Во 1938 година есенцијалистите предизвикале широка дискусија преку поставување на прашања: Зарем нашите американски школи не ги подготвуваат момчињата и девојките за одговорност која ќе мора да ја имаат како возрасни, со систематско учење и читање, пишување, сметање, историја, англиски јазик итн., и зарем не е потребно да се истакне и дисциплината?

Веќе во ова прашања е содржана и двојната критика: школите на научуваат доволно и не бараат доволно, ана моралното подрачје ја запоставуваат дисциплината.

Најугледен претставник на есенцијалистите бил Бегли (Baglay,1872- 1946), професор на Колумбискиот универзитет. Тој, на пример, пишувал вака: „Американската педагошка наука одамна го има избришано зборот „дисциплина“ од овој речник. Денес нејзините најистакнати и највлијателни претставници дури и на незрелиот ученик му даваат за право да бира што ќе учи. Јавното образование во Соединетите Држави е полно со недостатоци и е неефикасно така што во основното и средно образование се постигнува многу помалку отколку во другите културни држави“. Наместо тоа Бегли предлага враќање на „вистинските и строги студии“ со методи на учење кои овозможуваат систематско и редовно учење. Тој смета дека учителот треба да има водечка улога. Бегли ги напаѓа претставниците на прогресивната педагогија од позиција на воспитание на волјата која јакне со тоа што детето извршува работа која не ја сака. А прогресивците сакаат да го заштитат детето токму од тоа.

Б) *Други критики*

Прогресивната педагогија ги отфрла наставните методи кои од учениците бараат дисциплинираност, а со тоа и класичните наставни предмети. Прогресивната педагогија смета дека школото треба да се прилагоди на индивидуата без притисок во наставата. Детето да учи тоа што го интересира и за што е способен. Ако не сака историја не мора да ја учи, подобро да научи неколку француски мелодии само да биде „вработен и задоволен“. Личното искуство е добар учител, но не и единствен учител. Во тоа е слабоста на прогресивната педагогија. Прогресивната педагогија не успеала да ја реализира својата воспитна цел-да воспита сестрана личност.

## ЗАКЛУЧОК

Прогресивната педагогија нема своја изградена филозофија. Тие го прифатиле прагматизмот на Дјуи, така што и самиот Дјуи подоцна ќе се оддалечи од прогресивната педагогија. Затоа треба да се биде критички насочен кон прогресивците и да се биде внимателен при воведување на принципите во нашата образовна и воспитна работа.

# 8. ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО МАКЕДОНИЈА

Основното воспитание и образование во Македонија има долга традиција. Неговите први институционални основи се јавуваат во времето на светителот Климент Охридски и познатата Охридска школа (XI век). Посебно интензивен развиток тоа доживеало во времето на Македонската преродба (средните четвртлетија на XIX век). Меѓутоа, наоѓајќи се постојано под турска власт, се до Втората светски војна Македонија, односно македонскиот народ не успеал да оформи свој систем на воспитание и образование, во кој младите поколенија ќе учат и ќе се воспитуваат на мајчин јазик.

Народноослободителната борба што македонскиот народ ја водел заедно со другите југословенски народи во периодот од 1941 до 1945 година претставува пресвртница во развојот на македонското општество, со најкрупно историско значење. Во таа борба македонскиот народ, по долговековни борби за национална и социјална слобода, ќе се избори за своја државност, а со тоа и за своето природно право да го организира и изградува воспитанието и образованието на младите поколенија.

По ослободувањето на Македонија и создавањето на македонската држава во рамките на Федерална

Југославија, започнуваат процеси на забрзано отстранување како на економската, така и на културно-просветната заостанатост на македонското општество. За релативно кусо време биле отворени голем број основни училишта, организирани бројни аналфабетски и други видови курсеви за описменување и културно-просветно издигнување на населението, отворени повеќе општообразовни и стручни средни училишта и првите високошколски установи за оспособување високостручни кадри за кои се чувствувала посебна потреба. За прв пат во историјата на македонското општество, за сосема кус период и во многу отежнати и сложени услови, се конституирал и оформил македонски национален воспитно-образовен систем.

За да можат правилно да се вреднуваат педагошките развојни процеси во Македонија по ослободувањето, е неопходно да се имаат предвид состојбите во периодот пред ослободувањето. Ваков период е неминовен од причина што не можат да се даваат оценки за развојот и промените во еден период, ако не се познаваат состојбите во претходниот, дотолку повеќе што во оваа сфера на општествениот труд постојат законити движења кои зависат не само од карактерот на општествените односи туку и од материјалните и други услови, а се условени и генерациски.

Македонија (се има предвид денешната нејзина државна територија) пред ослободувањето била во состав на Кралството Југославија (формирано по Првата светска војна, 1918 г.) и се третирала како Јужна Србија (Вардарска Бановина), а македонскиот народ како Јужносрбијанци. Во училиштата во Македонија наставен јазик бил српскиот. Во услови на национална обесправеност, во Македонија бил применуван истиот систем како во Кралството Југославија. Основното воспитание и образование, главно, се остварувало на ниво на четиригодишно основно училиште, иако во 1929 година бил донесен закон за задолжително осумгодишно школување, но тој практично никогаш не заживеал. Дури и четиригодишното задолжително школување тешко се остварувало. Непосредно пред Втората светска војна, на пример, повеќе од половина од децата што биле обврзани да го посетуваат четиригодишното основно училиште биле надвор од училишните клупи. Неразвиеноста на мрежата не била единствена слабост на предвоеното основно воспитание и образование. Тоа значително заостанувало и во поглед на образовната технологија, така што воспитно-образовната работа се одвивала на традиционален начин. Врз ваквото наследство ќе започне развојот на македонското слободно школство и образование, чии основи ќе бидат поставени уште во текот на НОВ.

## 9. МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА НАЦИОНАЛНО ОСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ

Со завршувањето на НОВ, во која македонскиот народ се избори за своја државност во рамките на Федерална Југославија, отворило перспективи за забрзан развој на македонското општество. Имајќи во предвид дека наследените состојби можат да се менуваат само со добро организиран и поставен систем на воспитание и образование, младата македонска држава веднаш по ослободувањето презела енергични мерки не само за обновување на школската структура од пред војната, туку и за нејзино проширување и збогатување со нови воспитно-образовни институции, почнувајќи од предучилишното воспитание, па се до образованиeто на возрасните. Посебни напори во таа смисла биле правени на планот на консолидацијата и развојот на основното воспитание и образование, не само поради фактот што тоа претставува темел за секое понатамошно образование, туку и поради фактот што скоро голем број од населението над десетгодишна возраст било неписмено.

Процесите на консолидација на основното воспитание и образование започнале уште пред конечното ослободување на Македонија. Така, во текот на есента 1944 година, кога сеуште траеле завршните борби, биле преземени редица мерки за што поскоро отпочнување на работата на основните училишта. Започнатите процеси на организационата, програмската и дидактичко-методичката консолидација на основното воспитание и образование биле поттикнати со посебно Упатство за просвета од 10 јануари 1945 година. Упатството било наменето да им послужи на учителите како „раководно начело за нивната работа во училиштето“, бидејќи во тоа време сеуште не биле изготвени учебни програми. Во овој документ биле набележани основните задачи на учителот, новите цели и задачи на образованието, односно на основното училиште, уредувањето на внатрешните односи, а биле дадени и повеќе ставови и насоки за организацијата и изведувањето на наставно-образовната работа.

Паралелно со организационото консолидирање на основното воспитание и образование се преземале мерки и во однос на ширењето на училишната мрежа. Главната грижа во оваа почетна фаза била насочена кон опфаќањето на сите деца со четиригодишно основно образование. Исто времено со напорите за генерациски

опфат на децата со четиригодишно основно образование биле правени напори и за негово продолжување на седумгодишно, бидејќи јасно било сфатено дека за успешно вклучување во сложените процеси на обновата и индустријализацијата на земјата ова ниво на образование било недоволно и претставувало можност, старт во развојот на повисоките форми на образование. Затоа, од самиот почеток, таму каде што дозволувале условите, биле отворани и виши основни училишта, односно нижи гимназии. Во текст на 1947 и 1948 година покрај наведените институционални форми за основно воспитание и образование почнале забрзано да се отвораат и седмолетки, и тоа не само по градовите, туку и по селата.

Осумгодишни основни училишта како институции за континуирано основно воспитание и образование во нашата Република почнале да се отвораат од 1950 година. Меѓутоа осумгодишното основно училиште, како единствена институција за задолжително основно воспитание и образование на децата од 7-15 години се прифатило дури со Општиот закон за школството од 1958 година и оттогаш тоа станало темел на целокупниот воспитно-образовен систем. До донесувањето на овој закон тоа се реализирало низ следните институционални форми: основно (четиригодишно) училиште, више основно училиште (V-VII одд.), нижа гимназија, нижите класови на полната гимназија и осмолетка. Со Општиот закон за школството од 1958 година бил ставен крај на дотогашната институционална разноликост, а осумгодишното основно училиште било санкционирано како единствена институција за основно воспитание и образование, и како таква таа функционира се до 2007 година кога се воведува деветгодишното основно образование.

### 9.1 Програмско-содржинското воведување во образовниот систем

Програмско-содржинската физиономија на нашето основно училиште почнала да се оформува уште во текот на НОБ, со отворањето на првите партизански училишта со настава на македонски народен јазик есента 1943 година на слободните територии во Западна Македонија, а особено по конституирањето на АСНОМ, кога биле донесени првите званични документи со нормативно-програмски карактер. Прв ваков документ, изработен од страна на Поверенството за просвета при Президиумот на АСНОМ бил донесен на 30 септември 1944 година. Тоа бил прв званичен наставен план за работата на основните

училишта во нашата Република, во кој, покрај наставните предмета по одделенија, се набележани и основните задачи на основното училиште и повеќе дидактичко-методички упатства за организирање и изведување на наставата.  Во 1945 година, по конечното ослободување на земјата, Министерството за просвета пропишало нов Привремен наставен план за основните училишта, како и посебен наставен план за малцинските училишта. Помали или поголеми измени на наставните планови и програми биле вршени и во наредните учебни години. Карактеристично е да се одбележи дека почнувајќи од 1946 година бил пропишуван и скратен наставен план и програма за оние училишта што работеле со комбинирани одделенија. Значајно е да се одбележи и тоа дека до 1948 година републиките сами ги утврдувале наставните планови и програми, а по тоа биле донесувани сојузни рамковни планови, врз чија основа биле утврдувани републичките наставни планови и програми.

Во одделенската настава била напуштена дотогашната предметна структура и воведена глобализација на наставните содржини, со што и преминот од одделенска на предметна настава станал по флексибилен, пологичен и посоодветен на психофизичките карактеристики на развојот на ученикот. Во таа смисла во наставниот план биле внесени три нови воспитно-образовни подрачја: запознавање на природата и општеството (I до III одд.), запознавање на природата (IV-VI) и запознавање на општеството (IV-V).

## 9.2 ПЕДАГОШКИТЕ ИДЕИ НА ДИМИТАР И КОНСТАНТИ МИЛАДИНОВИ

### 9.2.1 ДИМИТРИЈА МИЛАДИНОВ-ПРЕРОДБЕНИК И ПРОСВЕТИТЕЛ (1810-1862)

Димитар и Константин Миладинови одиграа многу значајна улога во просветно-културната и националната преродба на македонскиот народ и изградбата на неговата културна историја.

Димитрија Миладинов е роден 1810 година во Струга. Откако го изучил грчкото писмо во грчкото ќелијно училиште во Струга и во манастирот „Св. Наум“, тој стапил во грчкото централно класно училиште во Охрид, кое го

завршил со добар успех. Поставен пред задачата да го издржува многучленото семејство по смртта на својот татко, младиот Димитрија се погодил за учител во грчкото основно училиште во Охрид. Тука тој учителствувал две години, од 1830 до 1832 година, вршејќи истовремено и должноста четец во црквата. Чувствувал дека не е подготвен за учителскиот повик, па побарал од градските власти да му помогнат да го продолжи образованието во некоја гимназија, но охридските првенци не покажале интерес па тој ја напуштил учителската служба и Охрид.

За да си обезбеди материјални средства ќе работи како писар-кореспондент во трговската куќа на Зографовци во Драч, каде што останал една година. Во меѓувреме ќе добие материјална помош од охридските граѓани и решил да го продолжи образованието во Јанина, тогаш значаен центар на новогрчката просвета. Во академијата на овој град, во која предавале прочуени грчки професори, Димитрија на учење провел три години и за тоа време и за тоа време ги совладал старогрчкиот и новогрчкиот јазик, како и францускиот и италијанскиот јазик. Солидно подготвен за учителскиот повик, тој се вратил во Охрид и ја прифатил поканата да биде учител во нивниот град за да им се оддолжи на охридските граѓани за помошта што му ја дадоа за неговото школување.

Во Охрид Д. Миладинов учителствувал три години, од 1836 до 1839 година. Идната 1840 година, бил учител во Струга, потоа две учебни години-1840/41 и 1841/42, провел како учител во Кукуш. Тука тој развил широка дејност на народното просветување. Со помошта на кукушките граѓани изградил две училишта-заемно и класно, ја реорганизирал наставата во нив и ги издигнал на повисоко образовно ниво. На ова не гледал добро грчкиот владика. Почнал да го прогонува Димитрија кој бил принуден кон крајот од втората половина од своето учителствување да го напушти Кукуш. Кај граѓаните од Кукуш Димитрија оставил силен впечаток, па кога дошол по вторпат да учителствува го пречекале како слезен „с небеси“.

Каде и колку време учителствувал понатаму не е доволно познато. Според Кузман Шапкарев, по враќањето од Кукуш во Струга, Димитрија се оженил, па учителствувал во Охрид и Струга. Во тоа време, во мај 1845 г. тој се сретнал со рускиот научник Виктор Иванович Григорович. Тоа го кажува во едно писмо од 1852 г. При што спомнува дека во охридското училиште наставните содржини на своите ученици им преведувал од грчки на македонски јазик. Бидејќи не го разбирале грчкиот јазик, на левата страна на тетратката учениците текстот го пишувале на грчки, а на десната страна преведен на

македонски јазик. Во тоа се уверил и В. И. Григорович кога го посетил неговото училиште во Охрид. Д. Миладинов го поставувал прашањето за воведување на народниот јазик во грчките училишта во Охрид што покажува дека кај него биле присутни елементи на националната свест. Така, тој во 1846 година е учител во с. Магарево, недалеку од Битола. Тука учителствувал до учебната 1852/53, а потоа е главен учител во централното грчко училиште во Битола. Во овој град тој бил учител до крајот на 1855 година, кога поради судирот со Власите го напуштил учителското место и во почетокот на 1856 година заминал за Мостар, каде што се погодил за писар кај грчкиот митрополит. Меѓутоа, револтиран од нечовечките постапки на митрополитот спрема сиромашното население, тој наскоро го напуштил и ова место и преку Сараево дошол во Белград. Тука Димитрија се обидел неговиот брат Константин, кој во меѓувреме го завршил Атинскиот универзитет, да добие професорско место во Сремски Карловци, а и за себе учителско место во Белград. Бидејќи во тоа не успеал, по седуммесчен престој во Белград, кон крајот на 1856 година, тој се вратил во Македонија.

Во животот и дејноста на Д. Миладинов неговите биографи разликуваат обично два карактеристични периода:

1. до неговото одење на пат по српските земји, кога тој делува во духот на елинизмот и како грчки учител е фанатичен спроводник на грчкиот јазик, грчката образованост и култура, и

2. кога по враќањето од патот по српските земји тој дефинитивно го доживува својот пресврт, својата преориентација кон словенизмот и станува свесен будител на својот народ, идеен носител на неговите напредни стремежи.

Димитар Миладинов по една година странствување по српските земји, на свој терен, дома ќе стане вистински народен будител, свесен и пламенен борец против фанариотското духовно ропство. По враќањето во Македонија кон крајот на 1856 година, Д. Миладинов се погодил за учител во грчкото училиште во Прилеп. Веќе наполно пpероден и убеден Словен, и ослободен од влијанието на елинизмот, тој тука развил широка дејност на народното просветување. Го реорганизирал тогашното општинско ќелијно училиште во духот на потребите на новото време. Ги убедил градските првенци во училиштето да се воведат световни науки и наставата да се изведува на живиот народен јазик, а не на црковно-словенскиот јазик. Во грчкото училиште, пак, Димитрија предавал на македонски јазик и по српски учебници што ги донел од

Белград и некои бугарски книги што ги добил од Цариград. Неговата дејност на будењето на народното сознание кај населението, а особено што наставата во грчкото училиште ја изведувал на македонски јазик, не била по волја на битолскиот грчки владика, кој преку месните гркомани наредил да се затворат двете словенски училишта во градот, а децата да се префрлат во грчкото училиште. Меѓутоа, Димитрија продолжил и понатаму наставата во грчкото училиште да ја изведува на мајчин јазик, а во вечерните часови одржувал курсеви за описменување на возрасните граѓани во словенска писменост. Во Прилеп тој останал до крајот на учебната 1856-1857 година.

Во 1857 година доаѓа во Кукуш и заедно со Рајко Жинзифов ги реорганизирале грчкото заемно и класно училиште, го исфрлиле од наставата грчкиот и наместо него го вовеле македонскиот јазик. Децата за прв пат во кукушките училишта учеле на својот мајчин јазик и од учебници што биле набавени од Велес и Цариград. Д. Миладинов бил активен во описменувањето и просветувањето на народот не само во градот Кукуш, ами во целата Кукушка околија. Тој организирал вечерни курсеви, кои ги посетувале мажи и жени од 20 до 25-годишна возраст, а и постари од нив, за да го научат словенското писмо. Д. Миладинов останал во Кукуш до 1859 година, неуморно работејќи на националното будење и просветувањето на кукушкото население.

Во 1860 година Д. Миладинов е учител во својот роден град Струга. Тој тука развил жива дејност за воведувањето на народниот јазик во македонските училишта и цркви. По смртта на охридскиот владика Јоаникија во 1860 година Миладинов бара од Цариградската патријаршија новиот охридски владика да биде лице од словенско потекло. Но, пак бил наименуван Грк (Мелетија) од кого бил наклеветен дека е руски шпион и непријател на турската држава, па бил затворен во турските зандани во Цариград, каде што умрел на 23 јануари 1862 година, неколку дена по смртта (18 јануари 1862 година) на својот помлад брат Константин, кој дошол да го посети и да му помогне.

Периодот од животот на Д. Миладинов по 1855/56 година е инспириран со сестрана народна дејност. Тој неуморно работи на просветувањето и националното будење на својот народ. Тој е против фанариотското ропство поради што кај своите ученици ќе развие интерес за народното дело. Ќе влијае на Рајко Жинзифов, Константин Миладинов, Григор Прличев, Кузман Шапкарев и други, а по негов совет брат му Константин, неговиот

соработник Жинзифов и многу други ќе одат да учат во Москва.

### 9.2.2 ДИМИТРИЈА МИЛАДИНОВ КАКО УЧИТЕЛ

За Д. Миладинов како учител, за неговата практична училишна дејност, имаме мошне скудни податоци. Несомнено, тој бил доста образован и способен учител. Како грчки учител, тој многу придонесол за ширењето на грчката просвета и образованост и воопшто за издигнувањето на грчките училишта во некои наши градови, особено во Охрид. Д. Миладинов бил грчки воспитаник и токму поради тоа имал и добро образование. Учел во грчкото класно училиште во Охрид, потоа во академијата во Јанина, која тогаш била една од најдобрите средношколски установи во Грција. Миладинов на учениците во грчкото класно училиште во Охрид им предавал аритметика, го преведувал Плутарх од старогрчки на новогрчки, а ги запознавал и со италијанскиот јазик.

Посебно треба да ја истакнеме дејноста на Д. Миладинов како македонски учител. По 1856 година, кога тој е веќе наполно национално осознаен, неговата дејност е инспирирана од единствената цел: просветно и културно да го издигне својот народ, убеден дека само со тоа ќе придонесе за неговата културна и национална преродба. Таму каде што учителствувал Миладинов работел на понародување на грчките училишта во Македонија и на нивната реорганизираност во духот на новата, световна образованост. Со тоа Миладинов придонел за ширењето на световната просвета кај нас.

### 9.2.3 ЗНАЧЕЊЕТО НА ДЕЈНОСТА НА ДИМИТРИЈА МИЛАДИНОВ

Д. Миладинов одиграл голема улога во културната и националната преродба на македонскиот народ. Иако грчки воспитаник, тој периодот од својот живот по 1856 година, кога засекогаш прекинал со традициите на елинизмот, наполно го посветил на националното будење на својот народ и на неговото просветно-културно издигнување. Во местата каде што учителствувал (Прилеп, Кукуш, Струга), наместо грчкиот, тој во наставата го воведувал народниот јазик. Ги реорганизирал училиштата и оформил профил на ново, световно училиште, а раководел и со вечерните курсеви за описменување во

словенската писменост на возрасното население. Со тоа многу придонел за ширењето на световната просвета на македонски јазик.

Дејноста на Д. Миладинов во собирањето на народни умотворби има непроценлива книжевна, културна и историска вредност. Собрани и објавени во познатиот Зборник во Загреб, во 1861 година, македонските народни песни претставуваат импозантно дело на браќата Миладиновци, најважно дело на македонската книжевност од 19 век.

## 9.3 КОНСТАНТИН МИЛАДИНОВ

**(1830-1862)**

Константин Миладинов е роден 1830 година во Струга како посмртче на струшкиот грнчар Ристе Миладин, а умира 1862 во Цариград. Се школувал кај нас и во Јанина, Грција. Добро ги владеел грчкиот и францускиот јазик, како и рускиот јазик. Студира на Филозофскиот факултет во Атина, група филолошки предмети. По завршување на студиите по препорака на постариот брат Димитрија оди во манастирот Зограф каде од галичанецот Партенија Зографски, идниот македонски учебникар, ја совладува словеноруската граматика и синтакса и се враќа дома во Струга. Тука тој ќе се оддолжи и ќе стане учител во селото Магарево.

Не успевајќи да стане учител во Сремски Карловци, Константин оди во Русија, во Одеса, во Киев. Близу Одеса, тој ќе се задржи во селото Минино каде за шест месеци научил совршено да пишува руски. Во овој период браќата Миладиновци почнуваат со собирање на народни песни. Откако песните биле собрани се барало издавач, некој што ќе помогне да ги отпечати. Константин не успева во Русија да го издаде Зборникот од народни песни, ќе биде многу разочаран, па во тој период ги пишува неговите познати песни во кои пее за мракот, студот, зимата и тагата што го обвива во Москва. Тогаш ја пишува онаа позната елегија **,,Т'га за југ"** во која ја искажува сета тага и разочараност од студената московска, атмосфера, од туѓината, и копнежот по родниот крај. Тој е студент на историско-филолошкиот факултет каде се дружи со нашите и со бугарските студенти. Таму го викаат „Македонијата“.

Во 1859/60 година зимата ќе ја одлежи во Екатеринската болница во Москва. Тогаш со радост го пречекал топлото, братско писмо што беше му го испратил неговиот брат Димитрија: „дојди си, мил мој брате, поскоро - му пишуваше загрижениот Димитрија - од ништо не бој

се...остај се...јас веќе ти најдов место за учител во Охрид... Дојди право во татковината, да ги зарадуваш моите деца, нашите роднини и пријатели. Нашата чудна пролет, миризливите цвеќиња, зелената трева по нашите планиње, моите и прегратките на нашите роднини-сето тоа е земен рај!".

Не завршувајќи ги студиите Константин, нешто по средината на 1860 година, ја напушта Москва и трга назад кон татковината. Пред да ја напушти Москва, Константин стапува во контакт со познатиот хрватски и јужнословенски мецена, ѓаконскиот бискуп Јосип Јурај Штросмаер. Така, во Загреб тој е во близок контакт со него кој парично ќе го помогне печатењето на Зборникот од народни песни. Зборникот излегува 1861 година во Загреб. На пат за Македонија, Константин се задржува некое време во Белград каде дознава за несреќната судбина на својот постар брат. Продолжува за Цариград со цел да му помогне на брата си, но полицијата го затвора и него кој исто така умира во цариградските зандани во 1862 година.

## 9.4 ЈОРДАН ХАЏИ КОНСТАНТИНОВ –ЏИНОТ ПРЕРОДБЕНИК И ПРОСВЕТИТЕЛ (1820-1882)

Во културната историја на македонскиот народ Јордан Хаџи Константинов Џинот зазема значајно место. Тој е истакнат наш преродбенски учител-просветител, голем патриот, неуморен борец за просветното издигнување на македонскиот човек и неговото национално осознавање, верен изразител на стремежите на македонскиот народ за самостоен просветно-културен и национален развиток, за неговата духовна еманципација од грцизмот.

Јордан Хаџи Константинов-Џинот четири децении самопрегорно работел на воведувањето на народниот јазик во училиштата по македонските градови во кои учителствувал. Тој целиот свој живот го посветил на народното дело. Неговата дејност во ширењето на световната просвета и образованост на народен јазик се одвивала во времето кога во голем број македонски училишта се уште доминирала црковната настава и кога во повеќето македонски градови, особено во Југозападна и Јужна Македонија, единствени световни училишта биле грчките. За разлика од некои наши просветни, општествени и културни дејци од тоа време, кои своето образование го добиле во грчките училишта и како грчки воспитаници делувале во духот на елинизмот ширејќи го грчкиот јазик, грчката просвета и култура. Ј. Х.

Константинов - Џинот, длабоко свесен за својата народност, својата просветна дејност уште од почетокот ја насочил на исфрлување на грчкиот и воведување на народниот јазик во македонските училишта. Тој ги отворил првите световни училишта со настава на народен јазик во Македонија (Велес, Скопје, Прилеп) и дал значаен придонес за развитокот на македонската просвета и школство.

J. Х. Константинов-Џинот работел систематски и упорно врз своето општо и стручно издигнување и е еден од ретките наши преродбенски учители, кој со самообразование и самопрегорна работа успеал да се издигне над нивото на образованието на тогашните учители и да се здобие со завидна култура на времето.

Џинот бил и учител, и поет, книжевник, драматург, филолог, собирач на народни умотворби, нумизматичар, етнолог, патописец и др. Будно ги следел просветно-културните, политичките и економските настани во Отоманската империја и за тоа го информирал светот со своите статии во „Цариградски весник". Неуморно работејќи на просветувањето и националното будење на македонскиот народ, Џинот се здобил со голема популарност, но истовремено ја навлекол врз себе омразата на своите огорчени непријатели-грчките владици и однародените македонски чорбаџии.

### 9.4.1 ЖИВОТ И ПРАКТИЧНА ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Јордан Хаџи Константинов-Џинот е роден во Велес, кон крајот на 1820 или во почетокот на 1821 година. Во родниот град тој го завршил ќелијното училиште на даскал Митре. Потоа, ученољубивиот му татко Костадин - Кочо, кој бил клисар во црквата „Св. Спас", го испратил 15-годишниот Јордан во Самоков, за да го продолжи образованието во заемното училиште на бугарскиот учител Никола Тонџоров. Тука Џинот останал кратко време, околу шест месеци и кон крајот на 1835 година се вратил во Велес. Истата година оди да учи во Солун каде го усовршил грчкиот јазик и го запознал заемниот систем на настава во грчките училишта. Во Велес се вратил 1837 или 1838 година кога во малото Прцорек во училиштето го вовел новиот заемен метод. Тоа било прво световно училиште што се отворило во Македонија со настава на македонски јазик.

Училиштето што Џинот го отворил во источниот дел на Велес било типично заемно училиште, со своја специфична организација и методика на наставна работа,

карактеристична за заемните училишта. Тој во училиштето вовел нови наставни средства (таблици, песочница и др.) и клупи, а воведува и строга дисциплина. Имал и свои помошници - „десетари“, „чауши“, „стотници“, кои му помагале во изведувањето на наставата, во одржувањето на редот, дисциплината и хигиената во училиштето, бидејќи бројот на учениците бил голем. Нив Џинот ги избирал од најдобрите ученици кои имале посебни ознаки.

J. Х. Константинов - Џинот настојувал да ја унапреди наставата во училиштето, применувајќи нови методски постапки и средства што ги запознал во грчките заемни училишта во Солун. Децата ја учеле азбуката со подвижни букви, напишани на корички, а потоа ги пишувале на песочницата. Џинот посебно внимание обрнувал на сметањето, пеењето и краснописот.

На оваа дејност на Џинот Владиката Игнатие нерадо гледал заради што трипати ќе биде прогонуван од Велес. Заминал за Солун, во Света Гора, во Хиос, во Патмос, па се вратил дома во Велес. За време на ова патување се запознал со организацијата и работата на напредните грчки училишта, па во Велес повторно и со посилен жар започнал да работи во училиштето. Во Велес бил и општествено активен. Држел проповеди во морално-поучен и патриотски дух и пламени говори против фанариотското свештенство поради што ќе биде прогонуван од грчките владици.

Со извесни прекини, околу 8 години Џинот бил учител во брзоречкото училиште во Велес. Потоа, покана на скопските првенци, тој во 1848 година отишол за главен учител во Скопје. Тука го реорганизирал келијното училиште при црквата „Св. Богородица“, вовел во наставата нови, световни предмети и новиот, заемен (Бел-ланкастерски) метод. За потребите на училиштето биле направени клупи, катедра, песочница и др. Во наставата вовел и современи наставни средства (заемни табли, географска карта, глобус и др.) и наставни методи. Неговото училиште станало популарно и се прочуло во Македонија. За време на празниците неговите ученици давале кратки драмски претстави со морално-поучна и национална содржина. Училиштето станало центар за ширење на просветата на народен јазик и национална пробуда на населението.

Но, и тука во Скопје дејноста на Џинот била попречувана од грчките владици, па морал да се врати во Велес, од каде ќе биде пак изгонет, па заминал за Цариград за да бара заштита од рускиот конзул.

Во 1854 г. Џинот е пак во Скопје и отворил приватно училиште во куќата на скопскиот граѓанин

Божидар Ботуш. Но при крајот на 1856 година неговата положба се влошила бидејќи пред власта бил наклеветен од владиците и чорбаџиите дека го бунтувал народот да не плаќа даноци, па бил уапсен и протеран од Скопје.

Во 1857 г. оди во Белград каде малку престојува, но пак се враќа во Скопје каде некое време е приватен учител, но по судирите со владиците и чорбаџиите уапсен е од Турците и испратен на заточение во Битола. Десетгодишната учителска дејност на Џинот претставува вистинска епоха во развитокот на просветно-културниот живот во Скопје. Тука тој ги поставил основите на световната просвета на народен јазик и го отстранил духовното влијание на грцизмот.

Во 1858 година Џинот повторно оди во Белград. Од Министерството на просвета на Србија успеал да добие учебници и книги за низа училишта во Македонија и се вратил во Велес. Потоа ја обиколува Западна Македонија со цел да прибере стари книжевно-историски споменици.

Во 1859 година Џинот е учител во Прилеп. Вовел многу новини, наставни методи и средства со што го модернизирал училиштето. Постојано го поттикнувал прилепскиот човек да се бори против Цариградската патријаршија и фанариотското свештенство, заради што пак бил изгонет, па повторно во 1860  година е во Велес каде бил и уапсен. Минува низ тешки искушенија, физички и душевни маки. На патот до местото на прогонството еден од заптиите со камшик му го избил десното око. Во прогонство Џинот останал до крајот на 1863 година. Потоа, по кратко престојување во Цариград, се вратил во Велес, каде што, со мали прекини, останал до крајот на својот живот како учител и слободен човек. Умрел во август 1882 година. Не се знае каде е неговиот гроб, но пред црквата „Св. Спас“ и денес стои спомен плочата, што ја подигнала сестра му  Марија-Маца Џинова.

Првото книжевно дело на Џинот е „Таблица перваја“. Таа претставува практичен училишен текст, сличен на текстовите на „таблиците“ што биле во употреба како учебно помагало во училиштата во соседните земји и кај нас во текот на 19 век. Содржината на „Таблица перваја“ има морално - дидактичен карактер. Напечатена е во две колони на една страна од еден лист, големина 44/32 сантиметри. „Таблица перваја“ не е оригинално дело на Џинот. Таа, всушност е препис на македонски јазик на Доситејевата „Ижица“, печатен во 1830 година, која била многу популарна и се користела како учебно помагало во училиштата не само во Србија, туку и во Бугарија. Во недостиг на учебници таблиците ги заменувале букварите и читанките, а учебниците од другите предмети. Џинот

располагал со богата приватна библиотека, која имала 1500 дела од класични и современи писатели. Џинот повремено се занимавал и со пишување на стихотворби, но не бил талентиран поет и неговите песни немаат некоја книжевна вредност.

Џинот се пројавил и како драмски писател, но и тука не станува збор за некои вредности. Напишал шест драмски сцени од кои најголема „училиште и учение“. Во неа Џинот, покрај другото, говори и за тоа какво треба да биде едно современо, модерно училиште: „прекрасно, на високо место, со големи прозорци... преубави столови, добра вртоградина, двор простран, чистота отвеч, книги разноучебни, учители учени и родољупци ...“.

За време на својот престој во Грција, Србија и Романија, Џинот има можност да се запознае со напредните училишни реформи и новата, световна образованост и по враќањето во татковината современите сфаќања ги применувал во македонските училишта. Значи, Ј. Х. К. Џинот е истакнат народен просветител и будител, педагог и андрагог, кој целиот свој живот го посветил на ширењето на просветата на народен јазик и на воведувањето на модерна, световна настава во македонските училишта.

## 9.5 ПЕДАГОШКАТА ДЕЈНОСТ И ПОГЛЕДИ НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ (1839-1898)

### 9.5.1 ЖИВОТ И ПРАКТИЧНА ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Јосиф Ковачев е истакнат македонски педагог и просветител, заслужен деец на реформирањето и модернизирањето на основното образование, основач на првите педагошки училишта во Македонија. Јосиф Ковачев е роден во 1839 година во Штип, каде што го завршил основното образование (елијното и заемното училиште). Уште во нај раните години на својата младост-како учител во Штип, потоа и во косовското гратче Гњилане (1855-1859 год.) тој пројавувал интерес за педагошките прашања. Но, чувствувајќи дека училишната подготовка што ја добил во родниот град е недоволна за учителскиот повик, тој одлучува да го продолжи своето образование и во учебната 1860/61 година стапил во Духовната семинарија во Белград.

Годините поминати на школување во Белград (1860/61-1862/63) оставиле силно влијание врз духовното формирање на младиот Ковачев. Тука тој го оформил своето средно образование, се стекнал со првите педагошки знаења и се запознал со новите педагошки

идеи што доаѓале од западните земји, како и со придобивките на новата, световна образованост во Србија. Свој печат оставило и религиозното образование во Духовната семинарија.

Од Белград Ковачев оди на студии во Духовната академија во Киев. Престојот во Русија (1864-1868) бил пресуден за неговото формирање како просветен деец и педагог. Ковачев ги проучува педагошките идеи на претставниците на руската буржоаско-либерална и буржоаско-демократска педагошка мисла, особено на Ушински, кои ќе најдат извесен одраз за реформирањето на школството во Македонија, како и во неговата практична педагошка дејност. Од Ушински го усвоил и гласовниот аналитичко-синтетички метод кој тогаш се применувал во училиштата во Русија. Целиот свој живот Ковачев останал длабоко религиозен човек-приврзаник на црквата и религиозното воспитание.

По завршувањето на Киевската духовна академија во 1868 година Ј. Ковачев само 21 ден е учител во бугарското гратче Габрово, зашто турската власт гледала на него под сомнение како руски воспитаник, па го принудила да се врати во Македонија. Истата 1868 година станал учител во штипско Ново Село, а наредната 1869 година отишол за главен учител во Штип, каде што ја започнал својата реформаторска педагошка работа.

Својата цел за осовременување и модернизирање на школството во Македонија, Ковачев го започнува во Штип со реформирањето на тогашното класно училиште во специјална училишна установа за подготовка на учители за основно образование. Тоа била првата стручна, професионална училишна установа од ваков вид што се појавила во Македонија. Во неа учениците покрај општообразовни, учеле педагошки и богословски предмети, поради што била наречена **педагошко-богословско училиште.** Основано во 1869 година, првата генерација учители излегла од ова училиште во 11871 година. Ј. Ковачев ја осовременил наставата во основното училиште, го вовел одделенско-часовниот систем и гласовниот аналитичко-синтетички метод. Педагошкото училиште брзо се прочуло и во него дошле да учат ученици и од Бугарија.

Во 1872 година, по тригодишна успешна реформаторска педагошка дејност во Штип, Ј. Ковачев бил назначен за училиштен инспектор во Ќустендил. И во овој град тој ги реорганизирал училиштата, го вовел гласовниот аналитичко-синтетички метод и одделенско часовниот систем на наставата, внесол некои новини во женското училиште. Поради сомнението на турската власт спрема

Ковачева, ќустендилскиот владика бил принуден да го отпушти од работа и тој се вратил во Штип, каде се посветил на подготвување свои педагошки трудови за печат.

Во тоа време на покана на Прилепската училишна општина, Ковачев доаѓа за главен учител во учебната 1874/75 во Прилеп. Тука Ковачев за прв пат ги вовел одделенско-часовниот систем и гласовниот аналитичко-синтетички метод, како и нови наставни средства и учебни помагала. И ова училиште имало богословско -педагошки карактер, но предност имале педагошките предмети, особено методиката на основната настава. Во него учениците добивале средно заокружено образование и се подготвувале за учители.

Во Прилеп Ј. Ковачев учителствувал три години (1874-1877) и за тоа време во неговото педагошко училиште се подготвиле голем број модерни учители кои, ширејќи го духот на новото училиште и применувајќи ги новите педагошки идеи, значително придонеле за развитокот на основното образование во Македонија и за неговото осовременување.

Плодотворната педагошка работа на Ковачев во Прилеп ја прекинале Турците. Тие го затвориле Ковачева и го спровеле во солунскиот затвор, каде што по еден месец бил ослободен и интерниран во Штип. Бил принуден да замине во тогаш слободна Бугарија. Останатите години од животот се до својата смрт 31 октомври 1898 година тој ги минал во Бугарија заземајќи високи државни и општествени функции. По отворањето на Вишето училиште во Софија 1888 година тој бил назначен за професор на катедрата по педагогија, на која предавал социологија, историја на педагогијата и педагошка психологија се до својата смрт.

### 9.5.2 ПЕДАГОШКИ ПОГЛЕДИ

Своите педагошки погледи Ј. Ковачев ги изнел во своето дело „Школска педагогиа“, објавено во 1873 година и во статијата „ Върху организациъта на народните школи„. „Школска педагогиа“ не е оригинално дело. Напишано е - како што истакнува самиот Ковачев, врз основа на француски, германски и руски извори. Меѓутоа, во неа тој изнел и свои мисли по низа педагошки прашања, а дошло до израз и педагошкото искуство што го здобил како предавач на педагошките дисциплини во Педагошкото училиште во Штип. Значењето на „Школска педагогиа“ е

пред се во тоа што тоа е прв учебник по педагогија напишан од еден македонски автор.

Од погледите на Ковачев за некои основни педагошки проблеми и прашања побудуваат интерес пред се оние за целта на воспитанието и задачите на народното училиште. Тој е блиску до идејата за сестрано развиена човечка личност. Според Ковачев целта на воспитанието, односно образованието треба да биде развивање не само „на умот и срцето“, туку и волјата на човечката личност.

Во тесна врска со целта на воспитанието Ковачев ја определува и задачата на народното училиште -да подготвува за практичен живот. Ковачев ги разгледува прашањата на дидактиката и методиката на основната настава. Предмет на разгледување на „Школска педагогйа“ и другите негови педагошки трудови се речиси сите дидактички принципи формулирани во буржоаската педагогија: принципот на нагледноста, свесноста и активноста, принципот на природосообразност, трајност на усвоените знаења и изискувањето училиштето да биде поврзано со практиката.

Особено значење Ковачев и придава на нагледноста на наставата, на која и посветува цел оддел во „Школка педагогиа“. Нагледната настава, според Ковачев, овозможува да се разгрне пред детето и да се внесе во неговата душа, придонесува за неговиот умствен и морален развиток, го развива мислењето со помош на кое детето проникнува во суштината на појавите. Ковачев изнесува драгоцени мисли за тоа како во наставата треба да се користат сликите, географските карти, цртежите, екскурзиите и др. Тој посебно значење и придава на сликите.

Ковачев не може да замисли успешна настава без целосна примена на нагледните средства. За него „нагледноста е највисоко правило... главен клуч, со кој се отвора и разгрнува содржината“. Ковачев дава и методски упатства за примена на нагледните средства кои и денес не го изгубиле своето значење.

Тој го разгледува и односот меѓу наставата и мислењето, а засега и моменти кои се однесуваат на принципот за свесност и активност. Тој инсистира наставата за учениците да биде разбирлива и да ги поттикнува на самостојна мисловна активност. Мислењето може да се остварува само со критички избор на содржината на наставниот предмет и со правилна примена на најдобриот наставен метод.

Во одделна глава на „Школска педагогиа“ Ковачев го разгледува проблемот за односот меѓу формалното и

материјалното образование. „Нема форма без содржина, а и содржина нема без форма“-пишува тој.

Мошне актуелни и драгоцени се неговите мисли, изнесени во 5 глава („Психолошки правила на наставата“) за некои психолошки аспекти во наставата. Ковачев големо значење и придава на улогата на учителот, посебно на неговата љубов кон децата. Тој бара учителот кон децата да има топол, благ и нежен однос, подвлекувајќи дека таквиот однос ќе ги поттикне децата да го засакаат училиштето и учењето. „Само топлината го воскреснува замрениот живот во природата, и само љубовта ја разбудува заспаната сила во детето и ја доведува до таква способност за исполнување, каква не се во состојба да произведат никакво методско искуство, никакви воспитни средства “.

Тој издејствувал наставните содржини да соодветствуваат на „исполнувачката способност на учениците и нивната обработка да одговара на природната духовна работливост на детето“.

Под влијание на Коменски, Ковачев го разгледува и принципот за природосообразност. На него тој ги заснова другите дидактички принципи-нагледноста, световноста и активноста, целосноста, индивидуалното приоѓање, па дури и воспитната насоченост на наставата. Според него, наставата е составен дел на воспитанието: „Во секој наставен предмет треба умот, срцето и волјата да се воспитуваат и дисциплинираат...“.

Ковачев ги определува и подробно ги разгледува и одделните задачи на наставата:

1. да му се претстави на детето животот,
2. да се внесе во неговата душа, и
3. да се одрази на него.

Ковачев говори за улогата на фантазијата во наставниот процес и го истакнува нејзиното големо педагошко значење. Според него и ракописот, чистотата и точноста во писмените излагања, како и убавината во пеењето се важни.

Во 6-та глава на „Школска педагогиа“ во делот „Сосредоточување на наставата“, Ј. Ковачев широк простор им посветува на прашањата за изборот и распоредот на неговиот материјал. Тој го објаснува поимот „сосредоточување“ и укажува дека во однос на наставата значи:

1. ограничување на наставниот материјал, односно определување на неговиот обем (квантум),

2. добар избор на наставниот материјал, и

3. да се поврзува и дополнува една гранка на наставата со друга и да служи на општата цел.

Многу интересни и драгоцени мисли Ковачев изнесува за тоа како треба да се врши повторувањето на наставниот материјал и проверувањето на наставниот материјал и проверувањето на знаењата кај учениците. Тој разликува два вида на повторување:

1. повторување кое има за цел да доведе до јасно разбирање и сигурно усвојување на она што е обработувано на часот, и

2. повторување кое има за цел да го поднови, да го утврди, да го соедини со другото она што е понапред предадено на другите часови.

Предавањето на учителот Ковачев го споредува со „орањето и сеењето“, а резултатите од неговата наставна работа со „жетвата и вршидбата“.

Во главата „Што изискува хигиената од народното училиште“, Ковачев разгледува широк круг прашања од областа на физичкото и моралното воспитание. Според него училишната зграда треба да се изгради на суво, издигнато место, на чист воздух, оддалечено од здодевната бука и штетните испарувања, да има потребни простории: училници, библиотека, читална, соба за наставниците, соба за прием на надворешните посетители и др., училишните клупи да бидат со димензии според возраста на учениците, да има училишни помагала и илустрации, да има светлина и сл.

Тој смета дека децата од нижите одделенија треба да имаат паузи по секој пол час, а да има и големи паузи меѓу часовите. Ковачев е против ангажирањето на децата, особено малите, со домашни задачи во вонучилишно време, зашто тие не треба да живеат само за наставата, туку и за други должности. Летната ваканција, според него, треба да не е голема, и да се користи кога децата треба да им помогнат на родителите (гроздобер, вршидба). Ковачев големо значење и придава на играта која треба да означува работа, зашто, според него, играта го развива мислењето, фантазијата, ја открива способноста на детето и неговата наклоност. Играта е неопходна за психофизичкиот развој на детето.

Ковачев бара да нема строги казни кон учениците, ами благ однос и казни кои ги допушта педагогијата, кои не го загрозуваат здравјето на детето и не ја понижуваат неговата личност.

Во „Школска педагогиа“, како и во статијата „За организацијата на народните школи“, Ковачев ги изнел своите погледи и по низа прашања од методиката и одделните наставни предмети: мајчин јазик, граматика, читање, пишување, сметање, геометрија, светознание, географија, природознание, историја, цртање, пеење, рачна работа и гимнастика. Подробно се задржува на разгледувањето на значењето, целта, задачите, програмската содржина и методската разработка на овие предмети. Значаен придонес Ковачев дал и за подобрувањето на методиката на наставата на основната писменост. Тој прв од Русија го пренел гласовно-аналитичко-синтетичкиот метод и во своите училишта во Штип и Прилеп оспособил голем број учители практично да го применуваат во училиштата во Македонија. Постапката во работата по гласовниот аналитичко-синтетички метод Ковачев ја изложил во „Раководството по звучната метода“.

### 9.5.3 УЧЕБНИ КНИГИ

Покрај „Школска педагогиа“, која е прв македонски учебник по педагогија, Ковачев напишал уште неколку учебници, методски прирачници и раководства. Тој подготвил за печат „Школска педагогиа – 22 част“, всушност, специјална методика, читанка и прирачник на народни мелодии, но, за жал, тие до денес не се откриени. Поизвесен е неговиот буквар (1875 г.), кој е прв буквар во Македонија изработен по гласовната аналитичко-синтетичка метода. Овој буквар предизвикал голем интерес во Македонија, но и во Бугарија.

### 9.5.4 ЗНАЧЕЊЕТО НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ

Појавата на Ј. Ковачев е од извонредно значење за развитокот на школството и педагошката мисла во Македонија. Тој ја одиграл улогата на вистински пионер во распространувањето на новите, прогресивни педагошки идеи и нивната практична примена во училиштата. Ковачев има реформаторска улога во развојот на педагошката мисла и практична воспитно-образовна работа во Македонија.

## 9.6 ПРОСВЕТИТЕЛСКАТА РАБОТА НА СЛАВКА ДИНКОВА И ЃОРЃИ ДИНКОВ-ДИНКАТА

Ѓорѓи Динков е роден во Солун во 1839 година во семејството на Велика и Костадин Држиловец. Тој е нашиот иден истакнат просветител, поет, фолклорист, педагог, етнограф, историчар, револуционер и општествен работник. Две години се школувал во Цариград, во духовното училиште во Халки, а потоа во Солун и Атина, при што одлично го совладал грчкиот јазик. Преку рускиот конзул во Варна Рачински заминал на понатамошно школување во Русија. Во Москва Динков учи во духовната семинарија и по завршувањето се вратил во Македонија како пламенен борец за правата на својот народ.

Во 1860 г. Динков е во Воден, тогаш центар на националниот отпор против грчката пропаганда. Тука тој ќе држи говори против турскиот султан заради што ќе биде затворен, па протеран во Цариград, откако ќе биде ослободен во 1864 г. Уште кога доаѓа во Солун во 1860 година Ѓорѓи Динков се обидел да основа македонско училиште. За тоа имал цврста поддршка од своите родители и од својата помала сестра Славка. Тоа ќе го оствари во 1866 година кога во куќата на родителите е отворено училиштето на неговата сестра Славка, прво македонско училиште во Солун. Тогаш Славка имала 18 години, завршила грчка гимназија во Солун, зборувала македонски, но не знаела да чита и пишува. Нејзиниот брат Ѓорѓи ја научил на словенска писменост и таа во училиштето предавала на грчки и на македонски јазик. Во почетокот на 1866 година Славка отворила училиште во една соба во мајчината куќа. Училиштето било приватно, во него предавала само Славка, а било издржувано од сите Држиловци, од мајсторите на шивачкиот еснаф, устабашијата Деспот Крушовали, Јосиф Франго, Гешко од Галичник, Петко Деспотов од Радоишта, Стојан Богово од Врмница и други. Славкиното училиште добило како подарок и 100 „новоизлезени буквари на македонско наречје“ од малолетните деца Владимир и Страшимир на Д. Добрович, а во помошта на училиштето предничеле велешани, прилепчани и битолчани. Училиштето го помагале установи и организации. Сето тоа зборува дека првото македонско училиште во Солун на првата македонска учителка Славка Динкова се здобило со значителна популарност и мнозина од Македонците во неговата појава гледале голема шанса за отфрлање на грчкото влијание.

Наставата во своето училиште Славка Динкова ја започнала само со една ученичка, а во првата учебна година ја завршила само со тие ученички од кои едната била Гркинка. Но Славка, поттикнувана од својата мајка Велика, наредната учебна година ја започнала со уште поголем ентузијазам и тогаш таа веќе имала 13 ученички, а кон крајот на втората учебна година (1867), Славкиното женско училиште броело 27 ученици, меѓу кои веќе имало и машки деца. Повеќето биле деца на шивачкиот еснаф, а имало и 4 гркчиња, на кои Славка им предавала народен јазик, грчки јазик и рачна работа.

Мајка и на Славка, Велика Динковица била по потекло од Охрид и била вистински инспиратор за отворање на училиштето. Бидејќи бројот на учениците постојано се зголемувал, училиштето го презела општината да го управува, но прераната смрт на Славка ќе го означи и престанокот со работа на ова училиште. Младата учителка и патриотка умрела од истоштеност.

Иако учителската работа на Славка Динкова не траела долго, таа била мошне плодна. Покрај редовната работа во училиштето, кое не располагало со основните потреби, Динкова се пројавила и на полето на воспитувањето, пишувајќи или преведувајќи статии со педагошка содржина. Пишувала или преведувала на македонски јазик, поточно на солунското наречје. Ја напишала статијата „За воспитувањето на девојките “, која е всушност уводен текст на трите статии: „За наравственото воспитување на момите“, “ Безмесности на општото воспитување“ и “ Првите воспитувачки основи“ кои се превод од Француски, од истакнатата во тоа време француска работничка Аделаида де Тоне. Во уводната статија кон преводите на Аделаида де Тоне, Славка Динкова се залага за образование и на женските деца.

Училиштето на Славка Динкова има големо значење за понатамошното просветно раздвижување на Македонците во Солун. Ученици и ученички иделе од сите краишта на градот и нивниот број постојано растел.

Уште поплодна просветителска работа од својата сестра развил Ѓорѓи Динков-Динката. Тој бил учител во Прилеп, Битола и во костурското село Загоричани. Во Прилеп тој се оженил со Гркинката Захарија, со која подоцна ќе ја продолжи учителската работа во Загоричани. Тука најпрво на децата им дал учебници на грчки јазик, но потоа и на народен јазик заради што децата биле многу среќни и ги фрлиле грчките учебници. Но, за тоа ќе дознае костурскиот грчки владика Никифорос од кој ќе биде попречуван да работи со децата. Но, Ѓ. Динков ќе работи со поголема жар и ќе создаде силно движење против

патријаршијата во цела Загоричка околија. Динката ги учел своите сонародници да се борат за воведување на македонскиот јазик во црквите, за отворање на свои училишта, за еднакви права со другите државјани на султанот.

Училиштето во Загоричани Динков го отворил со непосредна помош на својата жена Захарија. Во својата куќа тој отворил и училиште за девојки. Убавото село Загоричано со доаѓањето на Динков во него станало вистинско жариште на македонската просвета. Во училиштето ги снемало нечовечките методи со кои се служеле учителите, не само во ова, ами и во другите училишта низ Македонија. Тоа биле ѕверски методи кои ја нагрдувале детската душа, како резултат на пример: клечење на колена врз песок или сув грав, товарање камен на грбот, тепање до онесвестување и сл. Сите тие методи Динков ги отфрлил и вовел човечко однесување кон малите суштества.

Основен мотив во учителската работа на Ѓорѓи Динков било сознанието дека „Детската природа има потреба од упатства, а не од насилби“. Динков извршил вистинска реформа во образованието. Внесувајќи демократски дух во училиштето, тој прв ја спровел нагледната настава, екскурзијата и ги фрлил во кошот за отпадоци, фалаката, и другите груби воспитни средства што ги измислил средновековниот религиопедагошки мозок. Динков се залагал за еднакво образование и на машките и на женските деца. Тој ќе израсне во вистински народен трибун меѓу македонското население во костурскиот крај. Според него секој има право да се учи на својот мајчин јазик. Но, како резултат на интригите на грчките власти Динков уште еднаш бил уапсен и протеран од Костур.

Динков бил близок до идеите на словенофилството. Неговиот јазик бил македонски, поточно говорел на така нареченото пуливашко, воденско, наречје.

Просветителската дејност на Славка Динкова и Ѓорѓи Динков -Динката има големо значење за нашата национална преродба: Двајцата заслужни дејци се пројавиле во времето кога во нашиот народ се создаваше сознанието за одвојување на националните стремежи од стремежите на соседните балкански народи, кога се поставуваа целите за извојување на национална слобода. Слободно може да се каже дека врз основа на се што ќе направи за делото на македонската преродба, за организирање и унапредување на училишниот систем, за воведување на македонскиот јазик во училиштата и во црквите, за проучување на македонската национална

историја и географија, за нашата етнографија, како и за утврдување на македонскиот јазик во литературната практика-за сето тоа можеме да констатираме дека овој наш истакнат преродбеник зазема исклучително место во македонската културна историја од втората половина на 19 век.

Неговата сестра Славка Динкова, исто така ги задолжи идните македонски поколенија. Иако нејзината учителска работа беше краткотрајна, таа ги постави темелите на образованието на женските деца во Солун. Оваа прва македонска учителка ги направи и првите обиди да пишува за проблемите сврзани со просветата и ги направи првите македонски преводи од француски на педагошката литература. Славка умрела на 18 годишна возраст и немала време да ги потврди докрај своите организаторски способности и да им ги пренесе на учениците сите свои знаења и умеења.

## 9.7 ГРИГОР ПРЛИЧЕВ-ПРОСВЕТИТЕЛ И ПЕДАГОГ (1830-1893)

Григор Прличев е нашиот надарен поет, силен интелект, неспорен феномен на духот, втор Хомер, кој остави дела од несомнена уметничка вредност. Но, тој е и наш истакнат просветител, борец за еманципација од грцизмот, за самостоен просветно-културен и национален развиток на македонскиот народ. Побудуваат интерес и некои негови педагошки иде, изнесени по одделни педагошки прашања и проблеми.

### 9.7.1 ЖИВОТ И ДЕЈНОСТ

Григор Прличев се родил на 30 јануари 1830 година во Охрид, како последно, четврто дете на сиромашниот занаетчија Ставре и Марија Ѓокова. Уште како дете од шест месеци останал без татко и целата грижа за семејството паднала врз мајка му Марија, која тој со многу топли зборови ја слика во својата „Автобиографија“, а во ликот на хероината Неда во поемата Сердарот ја овековечил како бестрашна јуначка, пожртвувана, вредна македонска мајка.

Дедо му го научил Григора да чита уште како четиригодишно дете. Потоа тој продолжил да учи кај неколку грчки ќелијни учители. Учењето на

неразбирливиот грчки јазик, лошата методика на наставата, строгите физички казни одбивно делувале врз младиот Григор и тој често бегал од училиште. Но, сепак, по неколкугодишно учење кај овие даскали, тој успеал добро да го совлада грчкиот јазик. За да ја олесни тешката материјална положба на семејството, Григор за понекоја пара подучувал богаташки деца, пишувал книги, а често продавал во охридската чаршија јајца и муренки.

Светол пример во животот на Прличев претставува доаѓањето на Димитрија Миладинов за учител во Охрид. За него во Автобиографијата тој говори како за многу способен и драг учител. Д. Миладинов им предавал на учениците на македонски јазик и им ја открил убавината на класичната елинска литература. Тој го приближил Прличева до Хомера. Оттогаш Прличев ќе биде преокупиран со чувствата и мислите за овој голем грчки поет.

По заминувањето на Д. Миладинов од Охрид, Прличев извесно време е терзија (шивач), потоа отишол за учител во Тирана, со годишна плата од 2500 гроша. Тука е само шест месеци, но со заработените пари го продолжил образованието. Во 1849 година Прличев заминал за Атина да студира медицина, но таа не го интересирала. Повеќе се интересирал за поезијата. На 25 март 1850 година е сведок на свеченото овенчување на офицерот Залакоста за најдаровит поет во Грција за таа година. Тоа ќе го памети и ќе мечтае и тој еден ден така да биде награден. Но, немаштината го принудува да ја напушти Атина при крајот на учебната година. Учител е во струшкото село Долно Белица две години, а потоа околу пет месеци е учител во Прилеп, па потоа во Охрид каде е учител до 1858 година.

Со спечалените пари во август 1859 година Прличев пак заминува за Атина и се запишува на втора година на Медицинскиот факултет. Но, наместо да студира тој се посветува на пишувањето, на својата поема „Сердарот“. На анонимниот конкурс успева да победи за најдобро поетско дело во 1860 година и да биде прогласен за втор Омир. Претседателот на конкурсната комисија А. Рангавис поемата ја споредува со најубавите антички уметнички творби, истакнувајќи дека „Ова дело не сака друг коментар, а само еден извик на восхит-во него секој стих светка како чист бисер“. Воодушевен од постигнатиот успех, Прличев за себе вели: „...тогаш усетив во себе едно неописно волнение, какво што никогаш не сум усетувал. Тогаш никој не би ме познал: бев надвор од себе си...“. Лавровиот венец му припадна на Прличев, бил прогласен за најдобар поет и со тоа се исполни неговата мечта. Тој момент, првите денови на април 1860 година

претставуваат врвен подем на Прличев и највисоко негово поетско достигнување. Радоста негова била неизмерна поради неговото прогласување за „дефтерос Омирос“ (втор Хомер/Омир).

Набргу по големиот поетски успех во Атина, Прличев дознал за маченичката смрт на браќата Миладиновци во цариградските зандани и решил да се врати во Македонија, да ја одмазди нивната смрт, да се бори против фанариотите, за отфрлање на грчкиот и воведување на народниот јазик во училиштата и црквите. По враќањето во Охрид, Прличев ќе се бори против фанариотскиот митрополит Мелетија и однародените чорбаџии при што ќе доживува тешки искушенија, трнлив, но славен пат на борец и патриот.

Во Охрид Прличев учителствува од 1861 до 1869 година. Наклеветен од грчкиот митрополит, турската власт го апси Прличева и го држи во дебарскиот затвор од ноември 1868 до средината на јануари 1869 година, во кој бил подложен на големи грозотии и стравотии. Доаѓањето на егзархискиот митрополит Натанаил во Охрид, Прличев го поздравува дури и со стихови, но набргу меѓу нив избива конфликт, бил прогонет и морал да оди за учител во Месокастро, пак е прогонуван, па мора да оди за учител во Струга. За овие моменти тој со горчина зборува во својата Автобиографија. Во Струга Прличев е две години, а по покана на некои пријатели заминува за Софија. Во 1879/80 година е назначен за наставник по грчки јазик и литература во гимназијата во Габрово. Потоа е регистратор во Народната библиотека во Софија. Условите биле тешки и нехигиенски заради што ја напушта оваа работа и оди за учител во Битола каде учителствува две години. Оттука е преместен во Охрид, но поради недоразбирањето со сограѓаните кратко престојува во учебната 1884/85 година, па заминува за учител во егзархиската гимназија во Солун, каде останал до 1890 година, кога е пензиониран. Последните 3 години од животот-до својата смрт на 6 февруари 1893 година, ги поминал во Охрид како пензионер.

### 9.7.2 ГРИГОР ПРЛИЧЕВ-БОРЕЦ ЗА МАКЕДОНСКО НАРОДНО УЧИЛИШТЕ

Како и многумина други, така и Григор Прличев, во прво време од својата дејност-како грчки учител, е спроводник на грчкиот јазик, грчката образованост и култура кај нас и многу придонел за ширењето на грчката просвета и воопшто за издигнувањето на грчките училишта во местата каде што учителствувал, особено во Охрид. Но,

во времето кога ќе се поведе борба против грцизмот, постепено се поопределено тој ќе ја доживее својата преориентација кон словенизмот и ќе стане свесен будител на својот народ, борец за остварување на неговите напредни стремежи-за образование и просвета на народен јазик.

Времето од околу 1861-1862 година се одбележува како прв период од животот на Прличев, време кое означува и крај на дејноста на еден Григор Ставридис, елински поет, "втор Омир" којшто под влијание на грчката култура низа години работи како грчки учител, ширејќи ја грчката просвета и образованост. Преориентацијата кон словенизмот ќе настане постепено и ќе трае неколку години кога конечно во 1866 тој е на свој терен.

Прличев ќе поведе борба за воведување на народниот јазик во училиштата и таа борба кон крајот на 60-те години ќе се развие во масовно, општонародно движење против Цариградската патријаршија. Тоа време Охрид се развива како трговски град, се внесувале сурови кожи од Македонија, Албанија и Босна и Херцеговина, а преку албанските пристаништа Драч и Валона се извезувале во Трст, Венеција и Ѓенова. Заслуга на Г. Прличев е што била основана ќурчиска каса, која ја играла улогата на месна банка и ја финансирала борбата против елинизмот. Долгогодишната борба против грцизмот најпосле се завршила со победа. Во 1869 година Г. Прличев го вовел мајчиниот јазик и во грчките централни училишта-заемното и класното, а морално пропаднатиот грчки митрополит Мелетија бил прогонет од Охрид. Најсилното оружје на грцизмот во Охрид-грчките училишта станале дефинитивно народни, со настава на македонски јазик.

### 9.7.3 ПЕДАГОШКИТЕ ИДЕИ НА ГРИГОР ПРЛИЧЕВ

Своите педагошки идеи и погледи за одделни прашања и проблеми, Г. Прличев ги изнел во своите трудови, написи, предавања и слова. Меѓу нив се: "Автобиографијата", "Мечта на един старец", "Сердарот", "Слово за Св. Кирил и Методија", "Слово за Св. Климент", "Слово за Русална среда", слово одржано на крајот на учебната 1866 година во Охрид, слово одржано пред учениците во Габрово во 1880 година и песните „Воспитание или дванадесет песни".

Г. Прличев е широко образован човек, со завидна култура во своето време. Ја познавал класичната елинска литература и класичната елинска филозофија. Тој ги знаел

грчкиот, латинскиот, францускиот, италијанскиот и рускиот јазик. Неговиот син Кирил кој живееше во Софија известува дека Григор добро ги познавал делата на Волтер, Бокачо, Фенелон, Монтеские, Лафонтен, Ариосто. Прличев пројавувал интерес и кон педагошката литература. Во неговата библиотека се пронајдени методски раководства, методски прирачници и помагала (упатства за буквари, методики, речници и др.).

Напредокот на народот Прличев го условува со неговото просветување, со подигнувањето на нивото на неговото образование. Тој верува во силата на воспитанието и ја истакнува неговата огромна улога во формирањето на личноста на човекот. Според Прличев, поезијата е средство за естетско воспитание на децата под влијание на античката и елинска литература и филозофската мисла, Прличев ги формирал и своите етички сфаќања. Кај него евидентни се Сократовите етички принципи. За него животот е бесмислен, празен, ако не се стреми кон повисоки, возвишени цели, кон општото добро, кон општата среќа. Во поемата Сердарот ликот на Кузман е прикажан како херој, со највисоки морални вредности. Тој е бестрашен борец за народното дело.

И ликот на Неда, мајката на Кузмана, е прикажан високо морален. Таа стоечки ја поднесува смртта на својот син. Тешкиот живот и постојаната борба за обезбедување егзистенција создале од Прличева упорен и храбар борец, со морални квалитети на достоинствен човек. Во Автобиографијата тој ги истакнува зборовите на Н. Филев во дебарскиот затвор: "Темницата е место кое прилега за мажи". И на мајка си кога го одвеле во дебарскиот затвор: "Биди ми јунак ако ли не, јас ќе умрам од тага... Ако ми се уплашиш, арам да ти е моето млеко". Тој во затворот бил храбар и достоинствен, а на тоа го научил Хомер кога вели: "Слободен е оној кој ја презира смртта".

Прличев високо ја цени самодовербата и самопочитувањето, а ја осудува гордоста и вообразеноста. Голема важност Прличев му придавал и на патриотското воспитание на децата, а своите погледи за моралното воспитание на децата Прличев ги изложил во збирката песни за деца: "Воспитание или дванадесет песни" кои на македонски ги препеа проф. Гане Тодоровски и беа објавени дури во 1993 година во издание на скопска "Детска радост". Драгоцени се и мислите на Прличев за трудовото воспитание. Односот кон трудот за него е основен критериум за вреднувањето на моралните квалитети на човекот. Трудовото воспитание Прличев го разгледува во тесна врска со физичкото и моралното воспитание. Трудот ја зајакнува физичката сила, а

сознанието за успешно завршената работа предизвикува кај човекот чувство на задоволство и лична среќа. Исто така, тој не го одделува моралното од физичкото и естетското воспитание.

## 9.8 КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ

На Крсте П. Мисирков му припаѓа заслугата на истакнат поборник за национална еманципација Роден е на 18 ноември 1874 година во село Постол кај Енице Вардараско во реонот на старата македонска престолнина Пела. По завршеното шесто одделение на грчкото основно училиште во своето село, поради недостиг на средства требало да го прекине понатамошното школување. Сепак од есента 1889 година тој како стипендист се школува во Белград. Тука се вклучува во една поголема група средношколци од Македонија. Незадоволни од режимот во интернатите како и од целокупниот третман, тие креваат бунтови, се местат меѓу Солун, Белград и Софија, менуваат училишта според тоа кој како давал стипендии.

Мисирков одделни класови ќе учи во Белград, Софија и Шабац, во 1892 година тој е примен во Учителската школа во Белград, која ја завршува во 1895 година. Било предвидено Мисирков да оди за учител во Приштина, но тој не се покорил, туку тајно заминал за Русија, задржувајќи се првин во Одеса. Откако едно време учи во Духовната семинарија во Полтава, Мисирков дури во 1897 година успева да се запише на Историско-филолошкиот факултет на Петроградскиот универзитет, на кој дипломира во пролетта 1902 година. Тука е активен во македонското литературното студентско другарство кое во 1903 година е преименувано во Македонско научно-литературно другарство “Свети Климент“. Друштвото има упатено, меѓу другото, еден меморандум до руската влада во кој се бара признавање на посебната македонска националност, обновувањето на Охридската архиепископија, прифаќањето на македонскиот јазик како литературен и др.

Кон крајот на 1902 година Мисирков добива служба во егзархиската Машка класична гимназија во Битола. По убиството на рускиот конзул А. Ростковски, Мисирков пак се враќа во Русија во август 1903 г. Под непосредниот впечаток на Илинденското востание, тој есента настапува во Петроград со три предавања пред членовите на друштвото „Свети Климент“. Тие предавања се веќе претежниот дел од книгата „За македонцките работи“, која

ја дополнува во ноември со уште два прилога и предговор, а потоа патува во Софија за таму да ја отпечати книгата.

Мисирков се враќа во Софија, но, за жал, само ќе види како штотуку отпечатената книга му ја откупуваат и ја горат. Се враќа во Русија и во Бердјанск е гимназиски професор. Тука работи на издавање на списанието „Вардар“ во Одеса (првиот број излегува во септември 1905 г., но нема пари да го плати печатењето и да го земе од печатница).

Неколкуте следни години Мисирков ги поминува во Одеса, каде што учествува во работата на Историско-филолошкото друштво, во кое е редовен член од 29 март 1908 година. Во 1910 година тој е на општословенскиот собир во Софија. Во времето на Првата балканска војна Мисирков заминува во јужна Македонија како руски воен дописник. По враќањето добива професорско место во Кишенев и тука останува до 1918 година.

По присоединувањето на Бесарабија кон Романија, Мисирков е во ноември 1918 година екстерниран во Одеса, каде што во оние услови не можел да егзистира. Затоа преминува со семејството во Софија и тука кратко време работи во Етнографскиот музеј за потоа да премине во гимназијата во Карлово, каде во почетокот добива звање в.д. директор. Во 1921 г. преку претеништвото на Кралството на СХС во Софија поднел молба да го назначат за професор во Скопје или на друго место во Македонија, или пак во Загреб или Белград. Таа молба не му е прифатена, а е преместен пред крајот на животот за професор во Копривиштица. Умира во “Александровската болница“ во Софија, на 26 јули 1925 година, оставајќи ги зад себе без никакви средства жената и синот.

За четврт век активна работа Мисирков успеа да напише приличен број публицистички текстови и научни огледи. Исклучително место и припаѓа на неговата книга “За македонцките работи“ (Софија, 1903 г.) која што тој ја објави како млад човек на 27 години. Оваа книга и по содржината, и по дикцијата, таа се придружува кон борбените статии и памфлетите на Петар Поп Арсов, Ѓорче Петров и Димо Хаџи Димов. Според него Македонците треба да се развиваат како одделен народ и дека македонскиот треба да добие статус на литературен јазик.

Балканските војни доведоа до делбата на Македонија, така што останаа залудни сите комбинации и домислувања како да се зачува нејзината целокупност. Во ново настанатата ситуација Мисирков одново продолжува по патот избран од него во почетокот на дејноста: “Време е да сфати целиот свет дека во Македонија живее

македонскиот народ, а не српски, ни бугарски, нити пак грчки, дека тој народ има своја историја, свои национални вредности, свои културни историски заслуги во културната историја на словенството... Македонија е земја со стара словенска култура и никој нема да успее да ја искорени таа словенска култура и врз пустелијата да ги затврди своите интереси“. (К. Пелски, псевдоним на Мисирков, во Македонски глас, 1913 г.).

## 9.9 РАЈКО ЖИНЗИФОВ

Рајко Жинзифов е роден во февруари 1839 година во Велес. Крстеното име му е Ксенофон, а прекарот ѕинѕифи. Дедо му на Рајко (Анастасија) бил Влав од Москополе, кој се преселил во Битола, каде што е роден Јоан Ѕинѕиф, таткото на Р. Жинзифов. Иако имал завршено медицина, целиот живот го поминал како учител во повеќе градови во Македонија: Охрид, Прилеп, Струга, Велес, Битола. Отпрво бил грчки учител, а потоа станал учител во нашите словенски училишта.

Рајко Жинзифов прво учел кај татка си, во неговото училиште во Велес, на грчки јазик, а подоцна кај учителите М. Будимирович (дојден од Србија во Велес) и Николај Христодулович, дојден од Бугарија, кои предавале на словенски.

Во развојниот пат на Р. Жинзифов до 1858 год., т.е. до неговото заминување во Русија, се изделуваат две фази: школувањето во родниот град и учителствувањето во Прилеп и Кукуш. Во 50-тите и 60-те години на 19 век Велес доживува економски просперитет, а со тоа започнува посамостојно и поактивно да се решаваат школските и црковните работи; посистематски започнува организирањето на македонските училишта во градот, а се појавува и отпор кон Цариградската патријаршија.

Р. Жинзифов заминал за Русија на возраст од деветнаесет години. Пред тоа имал можност само неколку години непосредно и активно да се вклучи во идејната атмосфера и во практична работа на нашето преродбенско движење. Тоа се годините поминати со Д Миладинов во Прилеп и во Кукуш. Влијанието на Миладинов оставило длабоки, трајни и решавачки траги во развојот на Р. Жинзифов. Годините поминати во Прилеп и Кукуш го одредуваат национално-политичкиот и писателски лик на Р. Жинзифов. Тој е непосреден следбеник на Д. Миладинов. Реското раскинување со

грцизмот, јасно изразените симпатии кон словенството, борбата за самостојна народна црква, афирмацијата на народното како здрава основа за зачувување на народното творештво и македонската национална култура-се основните ставови на национално-политичката и културната програма на Д. Миладинов кои ги презема Р. Жинзифов и во тие рамки ќе се одвива неговата севкупна активност и како национален работник и писател.

Во Русија се приближува кон словенофилите кои извршиле влијание врз него чии идеи ќе ги изрази во поезијата, во прозата и во публицистиката. Р. Жинзифов се доближува до групата на московските словенофили, а најмногу соработува со Иван С. Аксаков. За време на студентските денови Жинзифов развива богата публицистичка дејност. Жинзифов како и другите преродбенски дејци ги прифаќа сфаќањата на словенофилите дека улогата на Русија е од првенствено значење за ослободувањето на Јужните Словени, а нашето ослободување може да се оствари со интервенција на Русија, како најголема словенска земја и најголема политичка и воена сила меѓу Словените.

Во Русија Жинзифов навлегува во средината на воспитаниците на Словенскиот благотворителен комитет во Москва. Меѓу нив имало Црногорци, Срби, а најмногу Македонци и Бугари. За развојот на Жинзифов како поет од големо значење е што тој ги читал српските и бугарските поети, а во Русија ги имал на увид делата на руската, украинската, чешката, полската литература. Во неговата поезија има одгласи од многу руски поети, а најмногу од украинскиот Тарас Шевченко и рускиот поет Н. Некрасов.

Една од најпознатите песни на Р. Жинзифов е "Бессоница" во која ја изразува болката за страдањето на неговиот народ. Рајко Жинзифов е автор на поемата "Крвава кошуља". Во оваа поема опишана е вистинска случка. Поетот го пренесува расказот на една старица на која Турците и го убиле синот единец и како сведоштво за тој злочин таа ја зачувала синовата крвава кошула, која ја покажува на своите сонародници и кај нив разгорува омраза спрема злосторниците. Старицата му ја раскажала случката на поетот во црковниот двор, во Прилеп.

Рајко Жинзифов се обидел и во прозата. Го објавил прозниот состав "Прошедба" кој претставува спој меѓу патепис и вистински расказ. Во 1866 г. Жинзифов е назначен за наставник во Лазаревскиот институт во Москва. Во 1867 г. Жинзифов е преместен на служба во 5-та Московска гимназија. Умира во 1877 година

## 9.10 ПРОСВЕТНО-ПЕДАГОШКАТА РАБОТА НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Крајот на 19 и почетокот на 20 век имаа специфични општествено-економски и политички услови во Македонија. Важно место во народното движење имало учителското движење и тоа минувало низ повеќе развојни етапи. Македонската интелигенција и народните учители се бореле против османлиското ропство и против мешањето однадвор на туѓи сили.

Посебно тешка и долга била борбата против Егзархијата, тој експонент на бугарската политика во Македонија. Се формира едно посебно антиегзархиско движење ТМОРО (Тајна Македонско-одринска революционерна организација -1893 г.) во која учители-револуционери се водечки идеен орган во организационото и идејно израснување на македонското движење и изградување на неговата платформа и тактика. Во тој склоп, учителот и просветно-педагошката работа се сраснати и неделиви од ослободително револуционерното движење. Во ТМОРО Гоце Делчев се вклучил веднаш, уште во Штип, токму кога ја започнува својата учителска работа, станувајќи еден од најпознатите и најистакнати учители, водачи и апостоли.

За Делчев, како човек и учител, организацијата и реализацијата на македонската ослободителна кауза значеле осмислување на неговото суштествување и битие, како и можност да ја изрази својата вистинска љубов кон својот поробен народ. Делчев ги надраснува своите претходници задоени од преродбенско-романтичарските погледи и заедно со своите современици: Ѓорче, Даме, Пере Тошев, Петар поп Арсов, Карев и други, ќе стане основоположник на новиот тип и лик на народен учител-учител револуционер.

Интелектуалниот развој на  Гоце Делчев поминал низ повеќе фази и степени. Во Кукуш, родното место, го добил основното образование. Во Солунската гимназија проникнал во сферата на науката, литературата и филозофијата. Завршил и три години воено училиште во Софија, но не дипломирал. Како резултат на семејното воспитание тој е строг, тврд, упорен, амбициозен и строго дисциплиниран, од една, и жалослив, молчелив, тих, скромен и побожен од друга страна, што е плод на мајчиното влијание.

Основно прогимназијално образование завршува во Кукуш, четири основни одделенија во унијатското, а три класни одделенија во егзархиското училиште. Училиштето

го завршил 1886/87 година. Учители му биле Иван Хаџи Николов и Христо Бучков. Бил внимателен ученик, лесно и добро ги усвојувал знаењата. По пауза од една година образованието го продолжува во Солунската машка гимназија. Во тоа време Солунската гимназија била највисока образовна институција во Македонија. Наставата била конвенционална, но квалитетна. Литература предавал бугарскиот поет Константин Величков, по математика професорот Благоја Димитров, по француски јазик професорот Жан Мишел, по турски јазик учителот од Кукуш Христо Бучков и други. Солунската гимназија била средиште и огниште на револуционерната работа. Во Солун Делчев завршил три класа, односно втори клас на сегашните гимназии, во учебната 1890/91 година. Со неколку свои другари летото заминал за Софија каде се запишува на Военото училиште, но набргу се разочарува од режимот на наставата и слично. Тука ги читал Маркс, Енгелс, Чернишевски, Добролјубов, Писарев, Херцен и други, претежно на руски. Го напушта училиштето, поднесува молба за учител и одреден е да биде учител во Штип, во Ново Село. Тука доаѓа за учител и Туше Делииванов, во октомври 1894. Сите идеи и мисли на Делчев извирале од народот. За него: "Несреќа ќе биде за Македонија ако оставиме други да мислат за неа". Како учител Делчев се посветува на воспитно-образовна работа со децата, но и со возрасните. Тој сакал прво да изврши револуција во свеста на масите, на луѓето, а потоа и практично, на терен. За него моралната револуција треба да се изврши во умот, срцето и душата. Затоа самопрегорно ќе го прегрне учителскиот повик и културно-просветната мисија. На својата практично-педагошка работа Делчев ќе и даде карактер на натпревар, сакајќи борбата на македонскиот народ да ја облагороди и хуманизира.

Надоен со такви хумани и морални педагошки идеи и просветно-културна визија, Гоце Делчев, со своите другари истомисленици, станува основоположник на една нова самобитна, самосвојна и самостојна педагошка школа која во потполност го положи испитот во практичниот обид и работа на учителите револуционери. Првите чекори на ова поле овие учители ги направиле во Штип. Штип под нивно раководство станува обидувачко поле на новата револуционерна педагогија. Резултатите што ги постигнува оваа педагогија биле значајни не само како дидактичка вредност со својата методско-педагошка издржаност, туку и ценет придонес во ризницата на нашето педагошко, историско и културно богатство.

Во почетокот на ноември 1894 година, Делчев ја отпочнал својата работа во Новоселското второкласно училиште, а Туше Делииванов во Штипското третокласно

училиште „Св. Кирил и Методија“. Од таа учебна година двете училишта биле споени, а главен учител бил Даме Груев кој истовремено бил и директор, кој истата таа година и бил поставен за учител во Штип.

Својата учителска дејност Делчев ја поврзува со револуционерната активност. Организационата поставеност на училиштата во Штип и околијата станувaат пример на сите училишта во Македонија. Училиштето секогаш било отворено за средби и разговори со родителите, со граѓаните. Во Новоселското училиште Делчев предавал : француски јазик, математика, географија и природна историја. Добро знаел да зборува, чита и пишува француски и турски јазик. По одењето на Даме и Туше, во учебната 1895/96 година Делчев бил назначен за главен учител, како и главен инспектор на училиштата во Штипската околија. Извршил нова распределба на учителите и предметите. Тогаш во Штип бил поставен за учител и Мише Развигоров. Будно следен од властите преместен е за учител во Банско, во септември 1896 година. И овде Делчев имал сериозен однос кон наставата. Тука бил кратко време, до ноември 1896 година, поради што од “здравствени причини“ во декември е отпуштен од работа. Со тоа завршува учителската работа на Гоце Делчев. Предавањата на Гоце Делчев биле за просветно и револуционерни издигање на младината и на возрасните. Познати се неговите предавања за „Обединувањето на Италија“, „Борбата за ослободување на Америка“, „Борбата на Црнците“, за италијанските револуционери Мацини, Гарибалди. Тој е познат по својата прогресивна мисла “Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар“. Оваа мисла стои на спомен ређефот во Ново Село, на ѕидот на училиштето (сегашна зграда на Ректоратот на Универзитетот „Гоце Делчев“ )во Ново Село, во Штип.

Својата педагошка функција Гоце Делчев ја обавувал и на секојдневните собири, на веселби, гоштевки и секаде каде се собирал народот. Делчев остана педагог, учител, советник, разбирлив за секоја постапка и тактичен. За Делчев трудот бил силата на успехот. Трудот е сила со чија помош човекот станува најголем, тоа бил советот на Делчев за секого. Учењето за Делчев не е обичен труд. За него е многу важен односот на родителите кон децата. Според него од таткото и од мајката најмногу зависи дали децата ќе имаат карактерни или бескарактерни, добри или лоши, трудољубиви или безделнички особини. Педагогијата на Делчев е хумана, но и строга.

Наставата во Штип и Банско, во основа, била конвенционална, организирана по класно часовен систем. Позначајни карактеристики на тој систем биле: изведување

на настава во еден постојан ученички клас; посебен план и програма за секој клас; поделба на наставното градиво на методски единици и наставната работа да биде раководена од еден наставник. Во Штип, за време на Делчев, веќе постоело оформено основно училиште кое давало можност за примена на системот и испробаната во праксата наставна методологија. Практикуван систем на организација на работа, односно методологија, бил системот на Август Лај-германски педагог и еден од основачите на експерименталната дидактика и застапник на тристепенската структура на наставата: примање на впечатоци, преработка на материјата и давање приказ. Големо внимание се обраќало на моторната активност, како: рачна работа, моделирање и цртање, драмско прикажување, читање на состави и друго. На оваа генерација на учители и биле познати и другите системи и методологија на работа, како Русовата концепција, Бел-Ланкастеровиот систем, Далтон планот, работната школа и други. И личните квалитети на Делчев како учител и педагог биле значајна компонента во обликувањето на неговата методологија. “За време на часот не седеше, туку стоеше, пишуваше на табла или шеташе. Лекциите ги повторуваше, особено послабите ученици беа активни и го повторуваа градивото. И за време на одморите тој шеташе и разговараше со колегите, најчесто со Даме Груев“.

Гоце Делчев претставува изграден лик на наставник и пример на многу идни генерации.

**Литература:**


1. Кантарџиев Ристо: "Педагоошката дејност и погледи на Јосиф Ковачев", во "Школството, просветата и културата во Македонија во времето на преродбата", Скопје, МАНУ 1979, с.229-249;

2. Кантарџиев Ристо: "Македонското преродбенско училиште", Скопје, Култура 1965 г;

3. Конески Блаже: "Предговор кон книгата, За македонцките работи, (11977), во "Ликови и теми", Скопје, Култура 199о,с. 149-164;

4. Пановски Доне: "Просветителската работа на Славка Динкова и Ѓорѓи Динков-Динката", во "Школството,просветата и културата во Македонија во времето на преродбата", Скопје, МАНУ 1979, сс. 213 -227;

5. Поленаковиќ д-р Харалампие: "Григор Прличев-живот и дело", во "Во екот на народното будење", с.196-239, Скопје, Мисла 1973 ;

6. Спасов Александар: "Рајко Жинзифов-живот и книжевна дејност", Универзитет "Св.Кирил и Методиј", Филолошки факултет "Блаже Конески ", Скопје (Редакција Људмил Спасов); 2006 г. (Редакција Људмил Спасов);

7. Стаалев Георги: "Творечкиот лик на Григор Прличев" (монографија), Институт за македонска литература, Скопје 2005;

8. Цветковски Благоја: "Просветно-педагошката работа и предавачкиот лик на Гоце Делчев", МАНУ, ИНИ, Симпозиум по повод 100-годишнината од раѓањето на Гоце Делчев, Штип, 8, 9-10 ноември 1972 г., Сопје, 1973, с.141-157;

9. Цениќ Стојан: "Васпитање у античкој и феудалној епохи", Врање 2001, Универзитет у Нишу, Учитељски факултет у Врање;

10. Zlebnik d-r Leon: "Opsta istorija skolstva I pedagoskih ideja", Beograd, Naucna knjiga 1970 (cetvrto izdanje);

11. Zaninovic d-r Mate: "Opca povijest pedagogije", Zagreb, Skolska knjiga 1988 g.